# УЧИМЕ ПРАВО

(Второ дополнето и изменето издание)

Скопје 2006

Издава:
Фондација Институт отворено општество - Македонија

За издавачот:
Владимир Милчин, извршен директор

Уредници:
Нада Наумовска
Неда Коруновска
Дарко Јаневски

Автори:
Дарко Јаневски
Неда Коруновска
Нада Наумовска
Кирил Нејков
Сања Богатиновска
Кире Миловски
Ацо Трцоски
Лилјана Шекеринска

Рецензенти:
Доц. д-р Рената Дескоска (правен систем и човекови слободи и права)
Доц. д-р Гордана Лажетиќ - Бужаровска (кривично право)
Адвокат Билјана Јоанидис (граѓанско право)
Лилјана Шекеринска (Европска унија)

Лектура: Ана-Марија Бранѓолица

Ликовно-графичко обликување: Ѓорѓи Томовски

Тираж: 1 000 примероци

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска билиотека " Св. Климент Охридски",
Скопје

34.001.0(035)

Учиме право : прирачник / [уредници Нада Наумовска, Неда Коруновска, Дарко Јаневски,... и др, ], [2. изменето и дополнето изд. ]. - Скопје : Фондација - Институт отворено општество Македонија, 2006. - 203 стр. : илустр. : 24 cm

ISBN 9989-185-00-X
1. Јаневски, Дарко
а) Правна култура - Прирачник
COBISS.MK - ID 67262218

## СОДРЖИНА


06 ПРЕДГОВОР
09 0.1. ШТО Е „УЧИМЕ ПРАВО"?
12 0.2. ПРАВАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

**ГЛАВА 1 - ПРАВЕН СИСТЕМ**

21 1.1. УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
25 1.2. ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА
27 1.3. СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
31 1.4. СОЗДАВАЊЕ ЗАКОНИ
34 1.5. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
37 1.6. ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
41 1.7. КАКО РАБОТАТ СУДОВИТЕ?
44 1.8. УСТАВЕН СУД
46 1.9. СУДИИ И СУДИИ-ПОРОТНИЦИ
50 1.10. НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОМБУДСМАН
54 1.11. НОТАР
58 1.12. ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
63 1.13. УНИВЕРЗАЛНА ДЕКЛАРАЦИЈА, ЕВРОПСКА КОНВЕНЦИЈА И ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**ГЛАВА 2 - ЧОВЕКОВИ СЛОБОДИ И ПРАВА**

69 2.1. ЧОВЕК, ГРАЃАНИН, ДРЖАВЈАНИН
72 2.2. СЛОБОДА НА ГОВОРОТ
75 2.3. ПРАВО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
80 2.4. ПРАВО НА ЈАВНО СОБИРАЊЕ
Штрајк, демонстрации и протести
83 2.5. ПРАВО НА ИЗБОР И СЛОБОДА НА ЗДРУЖУВАЊЕ
Здруженија на граѓани и политички партии

87 2.6. ИЗБОРИ И ПРАВО НА ГЛАС
91 2.7. ЗЛОУПОТРЕБА НА ВЛАСТА И КОРУПЦИЈА
95 2.8. ПРАВАТА НА СТУДЕНТИТЕ

ГЛАВА 3 - КРИВИЧНО ПРАВО
103 3.1. ШТО Е КРИВИЧНО ДЕЛО?
107 3.2. КРИВИЧНИ САНКЦИИ
113 3.3. ПРИЈАВУВАЊЕ НА КРИВИЧНО ДЕЛО
116 3.4. ВОВЕД И ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА
120 3.5. ИСТРАГА И ОБВИНЕНИЕ
130 3.6. ПОСТАПКА ПРЕД СУД
135 3.7. УЛОГАТА НА ОБВИНИТЕЛОТ И НА БРАНИТЕЛОТ
137 3.8. ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ
143 3.9. МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

ГЛАВА 4 - ГРАЃАНСКО ПРАВО
149 4.1. ДОГОВОР
154 4.2. ПРАВА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ
160 4.3. СЕМЕЈНО ПРАВО
165 4.4. НАСЛЕДНО ПРАВО
171 4.5. ПРАВО НА РАБОТА
179 4.6. МЕДИЈАЦИЈА

ГЛАВА 5 - ЕВРОПСКА УНИЈА
187 5.1. ШТО Е ЗАЕДНИЧКО ВО УНИЈАТА? “ОБЕДИНЕТИ ВО РАЗЛИКИТЕ”
191 5.2. ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА
196 5.3. ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА
200 5.4. МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА

# ПРЕДГОВОР

Во периодот од 1998 до 2000 година, Фондацијата Институт отворено општество-Македонија (ФИООМ) го подготви и го издаде прирачникот "Учиме право", во рамките на истоимената програма. Прирачникот обработува теми од областа на правото, со цел младите во Република Македонија да се запознаат со основните демократски вредности врз коишто се темелат современите правни системи. Во периодот што следеше, "Учиме право" успешно се спроведуваше како факултативна или проектна настава во повеќе од 20 средни училишта во Република Македонија, но и како редовна програма во многу младински центри, при што беа опфатени над 1000 средношколци.

Петгодишното спроведување на програмата "Учиме право", претставуваше доволно долг период да се анализира нејзината примена паралелно со промените што настанаа во правниот систем (особено преку измената на Уставот, системските закони, децентрализацијата и проширувањето на правото кон нови општествени области). Понатаму, во овој период Република Македонија започна активно да го чекори патот кон интеграција во Европската унија и се здоби со статус на земја-кандидат. Ваквиот развој неминовно ја наметна потребата од адаптирање на содржините опфатени во прирачникот "Учиме право" кон новите општествени околности. Последново, всушност беше и поттик за проектот "Младинска политика" на Фондацијата Институт отворено општество – Македонија, да пристапи кон адаптација на прирачникот "Учиме право", а со тоа да се придонесе кон обезбедување практично правно образование на младите и овозможување на нивното активно вклучување во општеството.

ФИООМ се одлучи за внесување голем број нови теми во второто издание на прирачникот, како што се посебната глава посветена на човековите слободи и права, основните информации за Европската унија и одредени сегменти од граѓанското право со коишто младите луѓе честопати, свесно или несвесно, стапуваат во контакт. Зголемувањето на обемот на опфатените теми нема за цел да ја оптовари целната група - средношколците, но и останатата млада популација, со комплексни и честопати за нив неразбирливи и бескорисни податоци. Напротив, содржините на овој учебник, а воедно и наставата во којашто тие се спроведуваат, даваат можност за индивидуално насочување

на интересот на ученикот кон одредени содржини и информации, без притоа да е неопходно пошироко познавање на правото.

Прирачникот "Учиме право" се стреми да влијае кон подобрувањето на правната култура и создавањето проактивна младина во Република Македонија.

Во процесот на обликување на содржините на овој прирачник, голем придонес дадоа учениците што во изминатите години ја посетуваа наставата по "Учиме право" и континуирано ги споделуваа своите ставови за начинот на кој истата може да се подобри. Секако, голем придонес дадоа и предавачите на оваа програма што со ентузијазам го пренесуваа своето знаење и постојано даваа сугестии за внесување нови содржини во наставата по "Учиме право". За ваквиот придонес, уредничкиот тим им се заблагодарува како на средношколците така и на програмските предавачи.

Благодарност упатуваме и до управите на сите средни училишта во Република Македонија што во изминатите години беа отворени за соработка и со тоа придонесоа за развој на програмата. Особена благодарност за отворената соработка упатуваме до сите членови на Младинскиот образовен форум што на каков било начин придонесоа за издавањето на овој прирачник и за потребите на прирачникот ги ставија на располагање капацитетите на организацијата.

Се надеваме дека прирачникот ќе им биде од корист на младите секогаш кога ќе стапуваат во контакт со институциите на системот и дека истиот ќе претставува своевиден поттик за пофреквентно ползување на правата со коишто тие располагаат.

Од уредниците

## 0.1. ШТО Е „УЧИМЕ ПРАВО"?

Правото е дел од нашиот живот. Во нашите секојдневни разговори, ние употребуваме многу правни термини, но ретко се запрашуваме што всушност тие значат. Што е право, правда, закони, ред? Што значат и дали се меѓусебно поврзани?

- ЗАКОНИ се правила што се подготвуваат и се донесуваат од страна на власта;
- ПРАВО е збир на правила и регулативи што биле подготвени и реализирани од страна на власта, за да ги регулираат поведението, односите и меѓусебните врски на луѓето во едно општество;
- РЕД е мирна состојба на хармонија, што ја воспоставува и одржува власта;
- ПРАВДА е вредност кон којашто се стреми правото, а подразбира воспоставување рамнотежа меѓу елементите.

### ПРОБЛЕМ 1:

Во секојдневието постојат најразлични мислења и ставови во врска со правото:

**"**Само луѓето што се платени за овие цели, треба да го познаваат правото.**"**

**"**Непотребно е да се учи што и да е во врска со правото, бидејќи само оние со пари и моќ можат да победат во нашиот правен систем.**"**

"Правото го сочинуваат многу збунувачки и технички правила што се против нашиот интерес."

1. Дали сметате дека ова е вистина?
2. Какво е вашето мислење за правото?



Некои луѓе не веруваат дека народот може јавно да го покаже своето несогласување со власта. Ова не се случува секогаш, но можно е, особено ако сте запознати со своите права, да преземете некоја акција и да ги остварите своите права во практиката.

Знаењето е најкорисно кога може да се примени. Програмата "Учиме право" ќе ви помогне да научите како да го употребувате законот и правото за да го подобрите вашиот живот и за да станете подобар и поактивен граѓанин.

Книгата **"Учиме право"** е креирана за да ве запознае со вашите права и обврски како граѓани, да ви ги објасни и да ве запознае со секојдневните правни проблеми. Ќе стекнете способност да анализирате, вреднувате и да решавате конкретни проблеми и ситуации. Оваа книга одговара на некои прашања од следниве области: основните институции на нашиот правен систем, демократијата, индивидуалните права и слободи, кривичното и граѓанското право. Во текстот, исто така, се дискутира и за тоа што да преземете ако станете жртва на криминал, кога и како да изберете застапник, кои се загарантираните права на децата и родителите и нивните обврски, како да гласате, што да сторите во врска со дискриминацијата или кога станува збор за повреда на вашите уставно загарантирани права. Вие, исто така, ќе добиете информации за структурата и функционирањето на правниот систем. Со многу практични совети и специфични информации, ќе бидете насочени да се обратите кон вистинското место (СОС-телефони, невладини организации, институции, итн.). Со други зборови, текстот содржи многу практични информации што ќе можете да ги примените во секојдневниот живот. Следејќи го процесот на евроинтеграција на Македонија, последната глава е целосно посветена на Европската унија и на прашањата поврзани со членството во ЕУ.

Инволвираните граѓани го почитуваат законот и ги знаат своите основни права и слободи. Само ако ги познаваат основите на правото, граѓаните ќе можат да им се спротивстават на дискриминациските закони и да го подобрат функционирањето на правниот систем.

**ПРОБЛЕМ 2:**

Направете список на своите дневни активности (будење, јадење, одење по улица итн.). За секоја активност, партнерот нека ги наброи правилата што се поврзани со таа активност.

1. Која е целта на секое правило што го наброивте?
2. Би сакале ли да промените некое од правилата? Зошто?

Треба да знаете дека секогаш кога некој ќе купи нешто, ќе стапи во брак, ќе се разведе, ќе изврши кражба, ќе предизвика штета – тој се соочува со правото и со законите. Без правото и законите ќе има неред и хаос. Ова не значи дека сите закони се фер или пак добри, но замислете колку би било едноставно

луѓето да бидат злоупотребени кога не би постоеле правилата.

Една работа е очигледна: **На секое општество му е потребно правото**. Правилата што го сочинуваат правото можат да бидат пишани или непишани. Тие не се продукт на современото општество, зашто и во прединдустриските општества постоеле правила што го регулирале човековото однесување. Дури и во историјата на Македонија, во некогашните заедници, владееле непишани закони. Без разлика на формата, луѓето треба да ги познаваат и да им се потчинуваат на законите. Основната цел на законите во демократските општества е да им служат на граѓаните и да го овозможат принципот на "владеење на правото", за да можат граѓаните да ги уживаат сите предности на современото живеење.

**ПРАШАЊА 1:**

1. Каде можеме да го препознаеме правото во нашиот секојдневен живот?
2. Која е најважната работа што ја научивте на овој час и што ќе ја применувате во иднина?

Изберете метод што најмногу ви одговара за да ги презентирате своите размислувања за правото (цртеж, карикатура, есеј, поема, музика).

## 0.2. ПРАВАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

По запишувањето во средното училиште, најголемиот дел од средношколците во Република Македонија претежно се запознаваат со своите обврски, но не и со своите права. Поради неинформираноста, постои верување дека учениците имаат повеќе обврски отколку права. Ваквата перцепција не соодветствува со реалноста и заради тоа е потребно средношколците да се запознаат со своите права и истите да ги практикуваат за време на својот средношколски статус.

***Кога се станува ученик во средно училиште?***

Секој што има завршено основно училиште во нашата земја или во странство, може да се запише во средно училиште. Запишувањето на учениците се врши по пат на конкурс што го објавува Министерството за образование и наука. По завршувањето на конкурсот, училиштето треба да ја објави ранг-листата на којашто ќе истакне кои ученици се примени во прва година во училиштето. Доколку не се задоволни од резултатите од конкурсот, учениците и нивните родители можат во рок од 24 часа од објавувањето на листата да поднесат приговор до Училишната комисија, што е должна да донесе решение по приговорот. По завршувањето на конкурсот, примените ученици се запишуваат во училиштето.



***Што е разликата меѓу редовен и вонреден ученик?***

За редовен ученик се смета само лице што е запишано во едно средно училиште, а коешто при запишувањето во прва година не било постаро од 17 години. Вонреден ученик е лице што се самообразува, односно

лице што самото ги подготвува и полага испитите, според одреден план и програма на средното училиште.

Во прва година на гимназиското образование секогаш се запишуваат редовни ученици што завршиле основно образование. Но, во втора, трета и четврта година на образованието, може да се запише и вонреден ученик што од оправдани причини не може редовно да ја следи наставата. Додека, пак, во стручното образование уште во прва година може да се запишуваат и редовни и вонредни ученици што завршиле основно образование.

Не може секој ученик да се стекне со статус на вонреден ученик. За тоа е потребно да исполнува еден од наведените услови:

- да е постар од 17 години;
- да е на боледување подолг период;
- да е во работен однос;
- во други случаи утврдени од училиштето.

При определувањето на роковите за писмените работи, не може да се предвидат повеќе од две писмени работи во текот на една седмица, односно не повеќе од една писмена работа во еден ден.

***На кој начин се врши оценување?***

За секој наставен предмет што го изучуваат, учениците и се оценувани. Во нашиот образовен систем оценувањето се врши со бројки, почнувајќи од 5 (одличен) до 1 (недоволен). Во некои образовни системи, оценувањето се врши со букви (А, В, С, итн.).

При оценувањето на учениците се користат следните начини:

- усни проверувања (усни одговори, усни презентации, дебати и дискусии);
- писмени проверувања (неформални или стандардизирани тестови, писмени вежби, писмени работи, есеи и др.);
- проверување на практични, графички и истражувачки работи (лабораториски вежби, практична настава, работа на терен, проекти, ликовни изработки и др.).

Во текот на наставната година, учениците се оценуваат најмалку двапати во едно полугодие. На почетокот на наставната година, наставникот ги одредува роковите на писмените работи и другите практични изведби, проекти и сл.

### *Право на јавност при оценувањето*

Оценувањето на учениците секогаш се врши јавно. Јавноста е обезбедена кога ученикот е запознат со:

- начинот и критериумите на оценувањето на предметот;
- обемот на материјалот за кој ќе биде оценуван во одреден период;

Покрај ова, оценувањето треба да биде изведено во паралелката, или со помали групи ученици.

По завршувањето на усните одговори на учениците, наставникот треба веднаш да им ја соопшти оценката, со соодветно образложение, додека оценките на писмените работи и другите изработки на учениците, наставникот ги соопштува најдоцна за десет дена. При оценувањето на писмените работи и другите изработки, наставникот ги внесува забелешките за да може ученикот лесно да ги согледа недостатоците во однос на своето знаење. На ученикот мора да му се овозможи увид во оценката од писмените работи. На барање на родителот на ученикот, предметниот наставник што ја оценува писмената работа и другите изработки, му овозможува увид во писмената работа и во другите изработки. Овој увид родителот може да го оствари најдоцна до 31 август.

### *Право на приговор*

Секој ученик што не е задоволен од некои од годишните оценки што му се соопштени, има право во рок од три дена од денот на соопштувањето да поднесе приговор до Наставничкиот совет на училиштето. Наставничкиот совет може да ја измени оценката, да организира повторно проверување на знаењето на ученикот, или да ја потврди оценката.

**ПРИМЕР 1:**

Виолета Аврамовска во првото тримесечие од втората година, на писмена работа по математика била оценета со добар - 3. Оценката била соопштена на 11.11.2006, а Виолета одлучила да поднесе приговор до Наставничкиот совет еден месец подоцна. Приговорот бил одбиен поради задоцнето доставување.

1. Познавате ли некого од вашето училиште што поднел приговор за добиена оцена? Каква беше одлуката на Наставничкиот совет?

2. Дали вие сте размислувале да поднесете приговор? Што одлучивте и зошто?
3. Дали некогаш сте биле запознати со правото на приговор? На кој начин вие би ги запознале учениците со ова право?

***Право на напредување***

Ученикот што во текот на образованието се истакнува со способности, знаења и работни навики и има одличен успех, може побрзо да напредува, односно да заврши две години во текот на една учебна година. Друго право што им припаѓа на овие ученици е можноста за паралелно образование во две различни средношколски програми. Но, наставата по една од програмите мора да ја остваруваат како вонредни ученици. На пример, ученик со одличен успех во прва година во средното училиште "Јосип Броз Тито", може да полага предмети како вонреден ученик во средното ликовно училиште "Лазар Личеновски".

***Право на полагање испити и видови испити***

Во средното училиште се полагаат поправни испити, испити на годината, дополнителни испити, испити за вонредни ученици, испити за побрзо напредување на учениците, матурски и завршни испити. Ученикот што по завршувањето на годината има до две негативни оценки, се упатува на поправен испит по двата предмета. За подготвување на учениците за полагање на поправните испити, средното училиште е должно да организира различни форми на помош на учениците. Учениците имаат право да го полагаат поправниот испит во два испитни рока: јуни и август. Тој што нема да го положи испитот во јуни, има право да го полага испитот во августовскиот испитен рок. Ако ученикот од оправдани причини не е во можност да полага во августовскиот испитен рок, тоа право може да го оствари во дополнителен рок што го одредува училиштето, но не подоцна од 30 септември.

Учебната година не ја завршуваат учениците што на поправниот испит и во вториот испитен рок добиле негативна оценка, или неоправдано не се јавиле на поправниот испит, како и учениците што по завршувањето на учебната година имаат три или повеќе негативни оценки. Овие ученици имаат право повторно да се запишат во истата година.

Ученикот што од оправдани причини отсуствувал од наставата повеќе од 200

часа од вкупниот број на часови и нема елементи за изведување на годишна оценка, ќе полага испит на годината. Доколку, пак, ученикот изостанал најмалку една третина од вкупниот број на часови по одреден предмет, на крајот од годината полага годишен испит за тој предмет.

### *Изрекување педагошки мерки*

Доколку ученикот повреди или не исполни некоја од должностите, може да му биде изречена една од следните педагошки мерки:

- писмена опомена;
- опомена пред отстранување од училиштето;
- отстранување од училиштето.

Изречената педагошка мерка мора да биде во писмена форма што содржи образложение и правна поука (правото на приговор, рокот и органот до кого се доставува).

### *Право на формирање здруженија на учениците*

Во рамките на училиштето, на учениците може да им се дозволи да формираат ученички здруженија. Покрај формирањето здруженија, учениците може да издаваат училишно списание и да формираат училишно радио. За сево ова е потребна претходна согласност од директорот. Училиштето е должно да обезбеди основни услови (простор и потребни информации) за работа на ученичките здруженија. Вообичаено, нивната работа се организира и реализира по наставата. Наставничкиот совет, Советот на родителите и Училишниот одбор, треба навремено да расправаат за предлозите, мислењата и иницијативите на ученичките здруженија. Директорот може да склучи посебна спогодба со родителите на учениците, со што ќе им дозволи на учениците отстапување од одделни правила утврдени во училишниот ред, доколку оцени дека тоа ќе придонесе за подобар успех на учениците.

### *Право на организирање протести*

Средношколската организација на учениците во чиишто рамки се вклучени повеќе од една третина од сите ученици во државата, може да организира прекини на наставата, или други облици на протест. Средношколската организација за тоа мора да го извести директорот на училиштето најдоцна пет дена пред случувањето на протестот или прекинот на наставата. Известувањето за протестите на учениците, треба да се поднесе во писмена форма.

### *Совет на родители*

Во секое училиште се избира Совет на родителите, што го сочинуваат претставници од родителите на учениците. Советот на родителите се грижи за подобрување на воспитно-образовната работа, за подобрување на успехот и поведението на учениците, за обезбедување материјални средства за осовременување на наставата, за изведување екскурзии со учениците, за подобрување на условите за работа во училиштето, за награди на учениците и за обезбедување средства за учениците што се социјални случаи.

### *Органи во училиштето*

- Управен орган (решава по жалбите на учениците и родителите);
- Директор (раководен орган на училиштето);
- Наставнички совет (ги одобрува барањата на учениците за завршување две години во една учебна година, донесува одлуки по приговор на учениците за оценките, ги разгледува предлозите на учениците и родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес);
- Совет на годината (решава по барањата на учениците и родителите);
- Совет на паралелката (ги утврдува полугодишните и годишните оценки на учениците).




# ПРАВЕН СИСТЕМ

## УЧИМЕ ПРАВО / ГЛАВА 1



## 1.1. УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Што е целта и улогата на правилата?***

Секое правило има своја точно определена цел: да се заштити некоја вредност. Вредностите што се заштитени со правилата можат да имаат најразновиден карактер, и тоа: економски, социјален, политички, или морален. Во различно време, во различни држави, биле различни и вредностите заштитени со правилата.

Некои од најважните цели (задачи) на правото се:

- Заштита на граѓаните;
- Решавање конфликти;
- Заштита на околината;
- Изразување на волјата на мнозинството, истовремено штитејќи го малцинството;

**ПРАШАЊА 1:**

1. Дали сметаш дека убиството секогаш е неморален акт? Дали треба исто да се третира убиство сторено за време на војна и за време на мир?

**ПРОБЛЕМ 1:**

Каква вредност сметате дека се заштитува со следниве законски одредби:

- Постои квота за малцинствата при упис на Универзитетите;
- За најголем дел од производите што се наоѓаат во продажба, во цената е вклучен 18 % данок на додадена вредност (на пример: компјутер, автомобил, стан, облека, накит итн.), додека за храна, книги, брошури, производи за нега на деца, данокот на додадена вредност е 5 % од продажната цена;
- Основното образование е задолжително и бесплатно;
- Работодавачот што ќе вработи лице со хендикеп е ослободен од обврска за плаќање персонален данок за тоа лице;
- Законот за денационализација предвидува враќање или материјално обештетување за имотите што биле неправедно и присилно одземени.



Во Уставот се наоѓаат правила за најсуштествените прашања во една држава. Затоа Уставот со право го нарекуваат “закон над законите”.

### *Што е Устав?*

Постојат најразлични видови на правни акти. Од сите нив, Уставот е најзначаен правен акт и акт со најсилно правно дејство. За разлика од законите што се многубројни, Уставот е еден.

Уставот на Република Македонија е донесен од страна на првото повеќепартиско Собрание на Република Македонија, на **17 ноември 1991 година**, по осамостојувањето на Република Македонија.

Уставот е составен од:

- преамбула;
- уставен текст од 134 члена;
- 30 амандмани.

**ПРАШАЊА 2:**

1. Дали можете да наведете одредена уставна измена направена со некој од амандманите на Уставот?
2. Која мислите дека е целта што се сака да се постигне со конкретната измена?

### *Преамбула*

Преамбулата е краток вовед во Уставот, што се наоѓа на неговиот почеток. Таа *историски* го определува времето на донесувањето на Уставот и ги определува неговите *цели*. Како што се вели во преамбулата, Уставот на Република Македонија е плод на заложбата и борбата за самостојна држава на македонскиот народ, како и на граѓаните што живеат во нејзините граници, кои се од албанскиот, турскиот, влашкиот, српскиот, ромскиот, бошњачкиот и другите народи. Големиот сон станува стварност со Референдумот од 8 септември 1991 година, кога Република Македонија се прогласи за самостојна и независна држава.

Преамбулата говори и за целите на Уставот, а тие се: Република Македонија да биде суверена, самостојна, граѓанска, демократска држава, во којашто ќе постои владеење на правото и на граѓаните ќе им бидат гарантирани основните граѓански слободи и права.

***Текст***

Текстот на Уставот е поделен на 9 оддели:

| **Име на одделот** | **Содржина** |
|---|---|
| 1. Основни одредби | Ги регулира основните карактеристики на една држава: прашањата за државјанството, државните симболи (грбот, знамето, химната), главниот град и официјалниот јазик и писмо. |
| 2. Основни слободи и права на човекот и на граѓанинот | Основните слободи и права се поделени во две категории:<br>*1. граѓански и политички* – право на еднаквост, право на глас, неприкосновеност на животот...<br>*2. економски, социјални и културни* – право на работа, право на здравствена заштита, право на слобода на творештвото... |
| 3. Организација на државната власт | Ги регулира основните државни органи: Собранието, Владата, Претседателот, судовите и државната администрација и друго. |
| 4. Уставен суд на Република Македонија | Ја регулира работата на Уставниот суд. |
| 5. Локална самоуправа | Ги поставува основите на локалната самоуправа. |
| 6. Меѓународни односи | Го регулура водењето на меѓународните односи. |
| 7. Одбрана на Републиката, воена и вонредна состојба | Ја регулира одбраната на државата. |
| 8. Измена на Уставот | Ја регулира постапката за измена на Уставот. |
| 9. Преодни и завршни одредби | Ја дава постапката за усогласување на стариот систем со новиот Устав. |

Најголемиот број од членовите во Уставот на Република Македонија се посветени на основните права и слободи на човекот и на граѓанинот (1/3).

***Амандмани***

Во периодот од 1992 до 2006 година, се донесени 30 амандмани. Амандманите претставуваат форма преку којашто се вршат одредени измени и дополнувања на Уставот.

**ПРОБЛЕМ 2:**

Дали Уставот на Република Македонија треба да го гарантира правото на:

- Неприкосновеност на човековиот живот и забрана за изрекување смртна казна;
- Слободно одлучување за создавање деца;
- Заштита на приватноста на личниот и семејниот живот.

**ПРОБЛЕМ 3:**

**Вистински случај:**

Петар Трајковски е млад родител на две малолетни деца - Бојан и Ивана. Неговата жена почина пред две години од СИДА. Тој ја загуби работата и во моментов е корисник на социјална помош. Бојан има седум години и требаше да тргне во прво одделение. На редовниот систематски преглед пред тргнувањето на училиште, беше утврдено дека Бојан е ХИВ-позитивен.

Директорот на училиштето во коешто Бојан требаше да се запише, одби да го прими како ученик, без да даде некакво образложение. Петар реагираше во Министерството за образование, каде што се поведе постапка и по согледувањето на фактите беше решено Бојан да биде вратен во редовниот образовен систем. Бојан беше вратен на училиште, но неговите соученици и нивните родители покренаа кампања тој да биде исклучен од училиштето заради постоењето опасност од зараза.

1. Дали мислите дека Бојан има право да ја посетува наставата во училиштето во кое се запишал? Зошто?

## 1.2. ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА

Принципот на поделба на власта претставува една од темелните вредности предвидена со Уставот на Република Македонија од 1991 година. За разлика од овој Устав, сите претходни устави на Македонија го познавале принципот на единство на власта. Суштината на овој принцип е во тоа што власта е поделена на:

- законодавна;
- извршна;
- судска.

Република Македонија го одбра концептот на поделба на власта, бидејќи тоа значи ограничување на државната власт, со цел да се заштитат човековите права и слободи.

Идејата за поделба на власта претставува ефикасно средство за борба против злоупотребата на власта.Принципот за поделба на власта претставува темелник на современата држава. Во организацијата на државната власт, ова начело се изразува преку:

1. поделбата на функциите на државната власт на повеќе државни органи (со ова се разбива концентрацијата на државната власт во еден орган);
2. меѓусебната зависност на органите во остварувањето на своите државни функции (со ова се создаваат односи на меѓусебна проверка и балансирање – check and balance).

Во Република Македонија, носител на законодавната власт е Собранието на Република Македонија, носители на извршната власт се Владата на Република Македонија и Претседателот на Републиката, а носители на судската власт се судовите.

Основна функција на законодавната власт е донесувањето закони, додека на извршната - спроведувањето на тие закони. Судовите, како носители на судската власт, имаат задача да пресудуваат во конкретни спорови. Покрај своите основни функции, секој орган од државната власт исто така врши функции од другите две власти, со што тие меѓусебно се мешаат и се контролираат, штитејќи го народот од злоупотреба. Така, на пример: основна функција на Владата, како извршна власт, е да ги спроведува законите. Но, со правото да предлага донесување закони, таа учествува и во законодавната власт. Од друга страна, и другиот



сегмент на извршната власт - претседателот - учествува во законодавната власт преку потпишување на указот.

**ПРОБЛЕМ 1:**

Во следните реченици се дадени примери на надлежностите на органите на власта: Собранието, Владата, Претседателот и Судот. Прочитајте ги надлежностите и утврдете која од нив спаѓа во законодавната, која во извршната, а која во судската власт.

- Собранието може да побара мислење од Претседателот за прашања од неговата надлежност;
- Собранието има право да поведува постапка и да одлучува за утврдување на одговорноста на Претседателот;
- Собранието ја избира Владата на Република Македонија;
- Собранието избира три члена на Судскиот совет на Република Македонија;
- Владата учествува во работата на Собранието;
- Владата има право да поднесе оставка, ако Собранието не прифати некој нејзин предлог;
- Владата предлага закони, републички буџет и други прописи што ги донесува Собранието;
- Владата предлага именување на амбасадорите што со указ ги поставува Претседателот на РМ;
- Министерот за правда по службена должност е член на Судскиот совет на Република Македонија;
- Претседателот има право да дава суспензивно вето на законите;
- Претседателот предлага по двајца членови на Судскиот совет на Република Македонија и Уставниот суд на Република Македонија;
- Претседателот го определува мандатарот за состав на Владата на Република Македонија;
- Судската власт ја вршат судовите;
- Судовите се самостојни и независни;
- Судовите судат врз основа на Уставот и законите донесени во Собранието и меѓународните договори ратификувани од страна на Собранието.

## 1.3. СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Што е Собрание? Како се конституира и кој го сочинува Собранието?***

Во државната структура, Собранието е носител на законодавната власт. Во секојдневниот говор, за овој орган се користи и меѓународниот термин "парламент", иако правилниот уставен назив е "собрание". Самиот назив на овој орган укажува на тоа дека претставува собир на претставници - пратеници. Тие се избираат на општи и непосредни парламентарни избори. Бројот на пратеници во Собранието на Република Македонија може да биде од 120 до 140, но од првите парламентарни избори досега, нивниот број е 120. Пратениците во Собранието се избираат со мандат од 4 години. Пратеничката функција тие ја извршуваат професионално. Во Република Македонија, единствен начин да се распушти Собранието пред истекот на мандатот е доколку мнозинството пратеници гласаат за тоа.

**ПРАШАЊА 1:**

1. Досега во Република Македонија сите парламентарни избори беа редовни, односно Собранието никогаш не се распуштило. Според тоа, колку пратенички состави досега имало Собранието, а со тоа и колку парламентарни избори се одржани? Дали знаете кога се одржани?



***Како работи Собранието?***

Собранието е во постојано заседание. Тоа значи дека Претседателот на Собранието, по конституирањето на пратеничкиот состав, само ги известува пратениците за терминот и дневниот ред на седниците. Пратениците ја извршуваат својата функција преку учеството во пленарните седници и седниците на собраниските тела.

**Пленарни седници** се оние седници на коишто учествува целиот пратенички состав, а можат да

ги следат и граѓаните преку директните преноси што ги врши МТВ на собранискиот канал. Со нив претседава Претседателот на Собранието, а во текот на седниците се разгледуваат, дискутираат и донесуваат одлуки по точките од дневниот ред.

Точките што треба да се најдат на дневен ред на пленарна седница, претходно се разгледуваат и дискутираат во рамките на бројните **собраниски тела**, познати како постојани и повремени комисии. Во овие комисии членуваат пратениците. Комисиите немаат право да донесуваат одлуки, туку само да даваат мислења и предлози содржани во извештаи што се доставуваат до Претседателот на Собранието.

**ПРАШАЊА 2:**

1. Дали сте следеле телевизиски пренос од седница на Собрание и што најмногу ви оставило впечаток?
2. Кој претседава со седниците на Собранието и каде се наоѓа неговото место?

***Кои се основните надлежности на Собранието?***

Надлежностите на Собранието и основните правила за неговото функционирање, се дадени во Уставот. Не постои Закон за Собрание, па деталите околу постапката за работата на Собранието и неговите тела, се регулирани со Деловник за работа на Собранието.

Една од најзначајните надлежности на Собранието е донесување на највисоките правни акти - Уставот, законите и другите подзаконски акти.

Собранието на Република Македонија донесе Устав во 1991 година, што досега неколкупати е менуван и дополнуван. Собранието секоја година носи Буџет за наредната година, а во текот на годината носи преку стотина нови закони, или закони за изменување и дополнување на некој важечки закон (на пример, во текот на 2005 година биле донесени вкупно 156 закони). Овој орган ги избира некои од најзначајните органи и функционери во државата, почнувајќи од Владата и Народниот правобранител, до членовите на разни државни комисии.

### ***Како граѓаните ги контролираат пратениците и работата на Собранието? Како се остварува транспарентноста во работата на Собранието?***

Најсилна форма на контрола на работата на пратениците од страна на граѓаните е преку практикување на правото на глас на општи и непосредни собраниски избори. Но оваа форма на контрола, по правило, се случува еднаш во четири години. Во периодот на траење на пратеничкиот мандат, јавноста ја контролира работата на Собранието преку најразлични форми на комуникација и интеракција со пратениците. Граѓаните имаат можност преку веб-страницата на Собранието (www.sobranie.mk) да иницираат измена на некој постоечки закон или предлог- закон што се наоѓа во собраниска процедура. Линкот преку кој се остварува оваа иницијатива е наречен *поднесување амандман*. Иако амандмани на законите што се донесуваат можат да дадат само пратениците, работните тела, Владата, или 10.000 гласачи, сепак со поднесениот амандман, покрај јавното објавување, ќе бидат запознати сите релевантни структури во Собранието на Република Македонија.

Граѓанската асоцијација МОСТ успешно ја реализираше иницијативата за отворање Канцеларија за контакт меѓу НВО и Собранието. Основна цел на Канцеларијата е да се зголеми одговорноста на владините, политичките и граѓанските институции кон потребите на граѓаните. Во оваа Канцеларија, граѓаните може да ги добијат сите потребни материјали за работата на Собранието (дневен ред, предлог-закони и сл.) и да ги доставуваат своите предлози. Една од целите на Канцеларијата е да послужи и како место за состаноци на пратениците и здруженијата на граѓани.

Контакт-информации на Канцеларијата:

| | |
|---|---|
| Веб-страници: | www.cancelarija.org.mk |
| | www.civiloffice.org.mk |
| телефони: | 02 3099 384; 02 3099 385 |
| Факс: | 02 3079 234 |
| адреса: | ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје |

Седниците на Собранието се јавни, а редовно се издаваат соопштенија за медиумите и најави за активностите што се поставуваат на веб-страницата на Собранието. Од друга страна, Собранието организира "Денови на отворен парламент", преку кои на граѓаните им се овозможува поблиску да се запознаат со начинот на организација и работа на Собранието.

### ПРАШАЊА 3:

1. Дали сте имале можност да го посетите Собранието, или да се состанете со пратеник за време на неговиот мандат?
2. Дали сте ја посетиле веб-страницата на Собранието, или сте имале контакт со Канцеларијата за контакт со НВО?
3. Кои се вашите впечатоци за отвореноста и транспарентноста во работата на Собранието и на пратениците?



СОЗДАВАЊЕ ЗАКОНИ

# 1.4. СОЗДАВАЊЕ ЗАКОНИ

***Шшо е закон?***

Најчеста форма во која се јавуваат правилата е законот. Законот е еден вид насока за граѓаните, со која ним им се гарантира некое право, им се забранува некое поведение, или им се наредува да постапуваат на одреден начин.

Законот е правен акт што го донесува Собранието на Република Македонија и со него се регулира поведението на луѓето во општеството.

***Која е процедурата за создавање закони и кои се учесници во неа?***

Создавањето закон е многу сериозна и одговорна работа. Поради тоа, лицата што се одговорни за создавањето на законите, се точно определени, а процедурата на создавање на законите е строго утврдена. Само во некои оправдани ситуации, процедурата може да биде пократка од вообичаената.

Учесници во процедурата на создавање на законите се:

1. **Иницијатори** за донесување на законите (граѓани, институции, организации, пратениците во Собранието и Владата на Република Македонија);
2. **Предлагачи** (пратениците во Собранието, 10.000 граѓани и Владата на Република Македонија);
3. **Законодавец** (Собранието на Република Македонија);
4. **Потписник** (Претседателот на Република Македонија).



Секој од предлагачите индивидуално ја образложува потребата од донесување на законот и предлогот понатаму се испраќа до Собранието на Република Македонија. Законите прво се разгледуваат во соодветните работни тела на Собранието. Законодавно-правната комисија ја разгледува потребата и оправданоста на предложениот закон и доколку даде одобрение, законот се испраќа на собраниска расправа.




***Со какви видови мнозинства се донесуваат законите во Република Македонија?***

Собранието расправа по законот (дава предлози за негова измена и дополнување) и го донесува предложениот закон со мнозинство гласови.
Постојат повеќе видови мнозинства потребни за донесување закони:

- **обично** (просто) – потребно е за законот позитивно да се изјасни мнозинството од присутните пратеници во Собранието, но најмалку една третина од вкупниот број на пратеници. На пример, за да се постигне овој вид мнозинство, потребно е најмалку 41 пратеници да гласаат за донесување на законот;
- **апсолутно** – потребно е за законот позитивно да се изјасни мнозинството од вкупниот број на пратеници во Собранието. За законот да биде изгласан со апсолутно мнозинство потребно е "за" да се изјаснат најмалку 61 пратеници;
- **квалификувано** – потребно е за законот позитивно да се изјаснат две третини од вкупниот број на пратеници во Собранието. Ова значи дека законот е донесен кога за неговото донесување гласале 81 пратеници;
- **двојно мнозинство** - за законите што се однесуваат на правата на заедниците (култура, образование, употреба на јазици, лични документи, употреба на симболи и сл.), Собранието одлучува со мнозинство гласови, при што е потребно да се изјасни и мнозинството од пратениците што припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија, т.н. Бадентерово мнозинство. Така на пример, за да се смета за донесен Законот за локална самоуправа, за неговото донесување е потребно да

гласале најмалку 81 пратеници, меѓу кои е неопходно да има најмалку една половина од вкупниот број на пратеници од заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Ова значи дека ако во Собранието има 30 пратеници што се Власи, Албанци, Срби, Турци итн, најмалку 15 од нив треба да се изјаснат позитивно за Законот за локална самоуправа да се смета за донесен.

Различните видови мнозинства се дадени во точно определени делови (дропки) од вкупниот број на преатеници од парламентарниот состав. Ваквото определување е разбирливо ако се земе предвид дека бројот на пратеници може да варира од 120 – 140 од еден до друг пратенички состав. Примерите дадени погоре ќе бидат точни доколку претпоставиме дека бројот на пратеници во Собранието на Република Македонија е 120.

Претседателот на државата го потпишува указот со којшто законот се прогласува за донесен. Заради запознавање на граѓаните со содржината на донесените закони, истите задолжително се објавуваат во Службен весник на Република Македонија (http://slvesnik.com.mk/). За да се добие примерок од некој број на Службен весник во печатена или електронска форма, се плаќа надоместок на ова јавно претпријатие, но увид во овие изданија граѓаните имаат и во јавните библиотеки, во одделот периодика. Голем дел од донесените закони се поставени во електронска форма на веб-порталите www.pravo.org.mk и www.mlrc.org.mk.

***Кои се најзначајни закони?***

Во Уставот на Република Македонија се точно прецизирани законите за кои се бара двотретинско мнозинство. Тоа се: Законот за грб, знаме и химна; Законот за организација на органите на државната управа; Законот за судови; Законот за локална самоуправа; Законот за одбрана и законите за судски постапки (кривична и граѓанска постапка). Овие закони уште се нарекуваат органски закони , затоа што се од суштинско значење за државата.

## 1.5. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Кандидатите за Претседател на Република Македонија треба да ги исполнат следните услови: да имаат наполнети 40 години на денот на изборите и да биле жители на Република Македонија најмалку 10 во последните 15 години.

Во системот на поделба на власта во Република Македонија, извршната власт ја спроведуваат два органа што имаат поделени надлежности - Владата и Претседателот на државата. Како орган, Претседателот на државата се разликува од останатите државни органи по тоа што секогаш е претставуван од едно лице кое се избира на секои пет години, на општи и непосредни избори.

### *Кој може да биде Претседател на Република Македонија?*

Во нашата држава, на општите и непосредни претседателски избори може да биде избиран кандидат што претходно го поддржале:

- 10.000 граѓани, или
- 30 пратеници.

Едно лице може да биде биде избрано за Претседател на државата најмногу два пати.



Иако не постојат ограничувања во поглед на професијата и претходното професионално искуство на кандидатите, сепак од нив се очекува да имаат способност за справување со високоодговорните задачи што ги има Претседателот.

**ПРАШАЊА 1:**

1. Дали знаете кој беше избран за Претседател на Република Македонија два пати?
2. Дали знаете кој е најмладиот Претседател на Република Македонија и колку години имал тој кога бил избран да ја врши оваа функција?
3. Што мислите, зошто постои возрасно ограничување на оние што можат да се кандидираат за функцијата Претседател на Република Македонија и дали минималната возраст е правилно утврдена? Зошто?

### *Претставување на државата*

Една од задачите на Претседателот е да ја претставува

државата при спроведувањето на своите надлежности и активности. Тој ја претставува државата на средбите на организациите каде што Република Македонија е членка (на пример, во Организацијата на Обединетите нации), на средби со официјални делегации на други држави (на пример, претседатели, премиери или амбасадори на други држави) итн.

Поранешни претседатели на Република Македонија:
- 1991 – 1999 година, Киро Глигоров
- 1999 – 2004 година, Борис Трајковски

### *Претседателот и одбраната*

Претседателот е врховен командант на вооружените сили на Република Македонија. Претседателот е оној што ја донесува стратегијата и планот за одбрана на државата. Исто така, одлучува за мобилизација на армијата, кога ќе процени дека тоа е потребно. За прашањата од одбраната, Претседателот е во постојана комуникација со Министерот за одбрана, во чија надлежност е да ја спроведува одбранбената стратегија на Република Македонија.

### *Соработка на Претседателот со Собранието на Република Македонија*

Односите меѓу овие два органа се поставени на тој начин што е овозможена меѓусебна проверка и рамнотежа. Така, Претседателот на Републиката најмалку еднаш годишно им се обраќа на пратениците во Собранието и ги информира за работите што тој ги врши. Пратениците, пак, можат да му се обраќаат на Претседателот со одредени прашања за информации или мислења што се во делокругот на неговите надлежности, за кои Претседателот е должен да им одговори.

Претседателот ги потпишува сите закони што ги донесува Собранието на Република Македонија, односно го потпишува указот со кој се прогласува законот за донесен. Неговото влијание врз законодавниот дом уште повеќе доаѓа до израз во правото на *суспензивно вето* на донесените закони. Ова значи дека Претседателот може да го одбие потпишувањето на некој закон, доколку смета дека тој е штетен за државата и граѓаните или не соодветствува на политичките и општествените прилики. Со суспензивно вето, законот се враќа во собраниска постапка и доколку биде повторно изгласан од пратениците, овојпат со апсолутно мнозинство, Претседателот ќе мора да го потпише донесениот закон. Суспензивното вето не може да се примени кај законите што се донесуваат со квалификувано мнозинство. За овие закони се смета дека широката согласност на пратениците за одредено прашање е веќе обезбедена.

## ПРОБЛЕМ 1:

Една од надлежностите на Собранието, пропишана со Уставот на Република Македонија, е да дава амнестија. Собранието, со просто мнозинство, донесе Закон за амнестија што беше изработен од страна на Владата. Но, Претседателот не го потпиша указот за прогласување на овој Закон. Поради тоа, Законот беше вратен во Собранието. При второто гласање, беше потребно апсолутно мнозинство гласови за Законот да биде донесен. Собранието го изгласа Законот со апсолутно мнозинство и Претседателот беше обврзан да го потпише указот за негово прогласување.

1. Кои органи на власта учествуваа во донесувањето на овој Закон?
2. Каков вид на судир се појави? Како е решен судирот?
3. Дали мислите дека е можно поинакво решение? Ако одговорот е да, тогаш какво би било тоа?
4. Дали сметате дека можноста од постоење вакви судири меѓу органите на власта е во полза на демократските процеси и заштитата на човековите права и слободи во Република Македонија? Објасни!

На веб страница на Претседателот на Република Македонија (www.president.gov.mk) се објавуваат соопштенијата што се испраќаат од кабинетот на Претседателот, извештаи од неговите редовни активности, информации за претходните претседатели итн. Страницата овозможува и контакт со кабинетот на Претседателот, преку испраќање на коментар.

## 1.6. ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Шѿо ӣреѿсѿавува Владаѿа и кој ја сочинува?***

Како што веќе беше кажано во претходната лекција, Владата на Република Македонија е орган што, заедно со Претседателот на државата, ја сочинува извршната власт. По состав, Владата е помал орган од Собранието, во кој до поголем израз доаѓа волјата на партијата што освоила мнозинство пратенички места во Собранието, а со тоа и право да ја состави Владата. Најчесто, членовите на Владата се членови или лица предложени од партијата или коалицијата што има мнозинство пратеници во Собранието. Всушност, преку работата на Владата, партијата што ги добила изборите има најмногу можности да ја спроведе својата изборна програма во различни општествени сфери.

Основна цел на постоењето на орган како што е Владата е извршувањето на законите што ги носи Собранието, додека, од друга страна, Владата преку стручноста на своите органи ја олеснува работата на Собранието, бидејќи ги подготвува и предлага најголемиот дел од правните акти што ги донесува Собранието (закони, уставни амандмани, буџет, просторен план итн.).

Со Владата раководи и ја претставува Претседателот на Владата. Правилниот уставен и законски термин за оваа функција е “Претседател на Влада”, иако во секојдневниот говор често се користи терминот “Премиер”. Владата е колективно тело во кое членуваат министри што раководат со одредени ресори (области). На пример, сите работи што се однесуваат на буџетот, даноците, државните заеми и кредити, банкарството и другите финансиски работи, се сметаат за една област и поради тоа се во надлежност на Министерството за финансии. Бројот и видот на министерства што ќе бидат во состав на Владата, е различен во секоја држава. Бројот на министерствата не е постојан и еднаш засекогаш даден ниту во Република Македонија. Напротив, многу често во Законот за Влада во кој се определуваат министерства, се вршат укинувања, формирања или спојувања на министерствата. На пример, постоеше Министерство за иселеништво, што беше укинато, постоеја Министерство за стопанство и Министерство за трговија,



што беа споени во едно Министерство за економија.

**ПРАШАЊА 1:**

1. Дали знаете колку министерства работат во состав на Владата? Набројте неколку од нив!
2. Кое Министерство е надлежно за работи поврзани со издавање лични карти, возачки дозволи и патни исправи, а кое за работи поврзани со одржување на јавниот ред и мир?

Владата не ја избираат граѓаните директно, туку неа ја избира и разрешува Собранието!

Со оставка на Претседателот на Владата, "паѓа" целата Влада. Исто така, смена на повеќе од една третина од министрите, значи оставка на целата Влада. Конечно, Собранието со мнозинство гласови може да ѝ укаже недоверба на Владата и на тој начин да ја разреши.

***Кој и како ја избира и разрешува Владата?***

Собранието е поставено да има клучна улога во изборот и контролата на работата на Владата. За да се формира Влада е потребно мнозинството од пратениците во Собранието да гласаат за предлогот. Претходно, Претседателот на државата има обврска мандатот за составување Влада да го даде на политичката партија што на изборите освоила најмногу гласови (пратенички места во Собранието). Најчеста пракса е лидерот на партијата што освоила најмногу гласови, да биде мандатар. Останатите членови на Владата (заменици на претседателот и министри), како и програмата за работата на Владата, ги предлага мандатарот. На тој начин, пратениците во Собранието "во пакет" ја гласаат Владата (Претседателот на Владата и нејзините членови).

**ПРАШАЊА 2:**

1. Дали знаете за случај во кој предлогот на мандатарот за состав на Владата, не бил прифатен од страна на Собранието?
2. Дали знаете колку влади во Република Македонија "паднале" поради оставка на нивниот претседател?

***Како работи и кои се основни надлежности на Владата?***

Владата работи и одлучува на седници на коишто мора да присуствуваат повеќе од половината членови на Владата. Исто како и на седниците на Собранието, така и на седниците на Владата, за да се донесе одлука е потребно за неа да гласа мнозинството од членовите. Една интересна разлика претставува "нееднаквото" вреднување на гласовите, односно доколку при гласањето се добие еднаков број гласови "за" и "против", тогаш одлуката се смета за донесена доколку "за" гласал Претседателот на Владата.

Покрај тоа што учествува како предлагач во постапката за донесување закони (Владата е предлагач на над 95% од донесените закони) и во нивното спроведување, Владата и министерствата имаат и бројни други надлежности. Некои од нив се однесуваат на изработката и донесувањето подзаконски акти, како што се уредби, правилници, одлуки, како и итни мерки за разрешување одредени состојби во различни сфери (на пример, одлука за формирање кризен штаб и доделување помош на одредено поплавено подрачје).

### ***Што прави Владата за да биде транспарентна?***

Седниците на Владата, по правило, се затворени за јавноста. За време на седниците не се дозволува присуство на медиуми, освен снимање одреден кус дел од седницата. Меѓутоа, по секоја седница се одржува конференција за медиумите и се дистрибуира соопштение за јавноста, што се објавува и на веб- страницата на Владата (http://vlada.mk). Исто така, на оваа веб-страница се објавуваат и други информации поврзани со работењето на Владата или на органите во нејзиниот состав.

Со цел да се следат светските трендови и технолошкиот развој, како и работата на Владата да се направи поефикасна и потранспарентна, тенденција во Република Македонија е воведување на електронското организирање и водење на седниците, т.н. е-седници. Преку владиниот веб-портал www.uslugi.gov.mk на граѓаните и фирмите им е олеснета можноста на едно место да добијат корисни информации за надлежностите на Владата и на министерствата. На пример, во врска со доделувањето стипендии за учениците, на овој портал може да се најдат контакт-информации за надлежниот сектор во рамките на Министерството за образование и наука и потребните документи што заинтересираниот ученик треба да ги достави.

### ***Што се подразбира под е-Влада?***

Под е-Влада се подразбира промоција и користење неколку софтверски програми што се поставени на интернет, преку кои граѓаните и фирмите комуницираат со различни владини органи или добиваат услуги од нив. На пример, пријавување преку интернет за работа како државен службеник, или пријавување даноци преку интернет. Сите овие веб-страници и програми имаат за цел да ги заменат непотребните талкања и чекања по шалтери и трошењето време и пари на граѓаните и фирмите. Но, исто така, и да ја направат работата на Владата и државните органи поефикасна и потранспарентна.


ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ
ДРЖАВНИ СОВЕТНИЦИ
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ
Сектор за стратегија, и планирање
Одделение за стратешко планирање и следење на спроведувањето на стратешките приоритети
Одделение за подготовка и следење на Годишната програма за работа на Владата
Сектор за анализана на политиките и координација
Одделение за анализа на политиките и координација во областа на политичкиот систем, економскиот систем и тековна економска политика и за човечки ресурси и одржлив развој
Одделение за посебни комисии
Одделение за реформа на јавната администрација
Одделение за соработка со невладините организации
Сектор за организациони работи поврзани со работа на Владата
Одделение за организирање на седници на Владата
Одделение за записници и заклучоци на Владата
Одделение за соработка со Собранието на РМ и Претседателот на РМ
Одделение за логистичка поддршка на Генералнио колегиум на државните секретари
Сектор за економски систем, тековни и развојни политики
Одделение за анализа и стручна и логистичка поддршка
Одделение за регулаторна реформа
Сектор за спроведување на Рамковниот договор
Одделение за подобрување на соодветна и правична застапеност
Одделение за координација и соработка
Одделение за следење на процесот на децентрализација на власта и реформа на јавната администрација во РМ поврзани со Рамковниот договор
Одделение за човечки ресурси и финансиски средства
Одделение за односи со јавност
Сектор за кадровски работи, човечки ресурси и други стручни работи
Одделение за кадровски работи
Одделение за човечки ресурси
Одделение за стручна и оперативна поддршка на заменик на претседателот на Владата надлежен за евроинтеграции
Одделение за стручна и оперативна поддршка на заменик на претседателот на Владата надлежен за спроведување на рамковниот договор
Одделение за стручна и оперативна поддршка на министерот без ресор
Одделение за стручна и оперативна поддршка на генералниот секретар на Владата
Одделение за стручни работи архивско и канцеларско работење
Одделение за преставки и предлози
Сектор за односи со јавноста
Одделение за односи со медиумите
Одделение за организирање прес-конференции
Сектор за информатичка технологија
Одделение за организација, планирање и развој
Одделение за информатичка инфраструктура и експлатација
Одделение за поддршка на Веб страницата и Мултимедија
Сектор за општи работи
Одделение за општи и правни работи
Одделение за стручни и административно технички работи

## 1.7. КАКО РАБОТАТ СУДОВИТЕ?

Според принципот на поделба на власта, судската власт ја извршуваат **судовите**. Прекршувањата на правилата и споровите меѓу луѓето секогаш постоеле и ќе постојат, а судот е органот што одлучува за правдата во таквите ситуации. Применувањето на законите од страна на судовите во конкретен случај, значи изрекување на правото. Оваа функција на судовите се нарекува јурисдикција, нејзиното име и потекнува од латинскиот збор *jus dicere,* што значи "да се изрече правото".

Судските одлуки се донесуваат во името на граѓаните на Република Македонија.

Во вршењето на својата функција, судовите се самостојни и независни. Притоа тие треба да се однесуваат објективно и правично.

Работата на судовите, т.е. спроведувањето на судските постапки е јавно. Теоретски, тоа значи дека секој граѓанин може да присуствува на судење. Меѓутоа, постојат ситуации кога јавноста од оправдани причини е исклучена (кога тоа е потребно за чување тајна, кога една од страните е малолетник, кога постои опасност за нарушување на јавниот ред и морал).

Судовите треба да имаат еднаков третман кон сите граѓани, да обезбедат фер, правилно и навремено судење.

***Како е организиран судскиот систем во Република Македонија?***

Во судскиот систем, судската власт ја вршат основните судови, апелационите судови, Управниот суд и Врховниот суд на Република Македонија.

**Основните судови** се првостепени и се основаат на подрачјето на една или повеќе општини. Во нашата држава има 27 основни судови. Тие во прв степен решаваат за кривични дела, стопански спорови, за спорови од лични, семејни, работни, имотни и други граѓанско-правни односи и др. Значи, секогаш кога граѓаните сакаат да остварат некое свое право, кога сакаат не-



кого да тужат за нешто, тоа го прават пред некој од основните судови (на пример, кога двајца брачни другари сакаат да се разведат, или кога една фирма сака да наплати заостанат долг од друга фирма).

**Апелационите судови** се второстепени судови во Република Македонија. Се формираат на територијата на повеќе основни судови. Четирите апелациони судови се наоѓаат во Скопје, Битола, Штип и Гостивар. Тие се надлежни да решаваат по однос на жалбите против одлуките на основните судови. Значи, откако основниот суд ќе донесе одлука, лицето што не е задоволно од одлуката може да поднесе жалба, односно да се жали до апелационен суд, само ако постојат основи за жалба и не е поминат рокот. Во таков случај, апелациониот суд треба да испита дали одлуката на основниот суд е во ред. Ако утврди дека судот погрешил што донел таква одлука, апелациониот суд може да ја укине таквата одлука, или да донесе друга. Но, доколку судот смета дека основниот суд правилно постапил, таквата одлука ќе ја потврди. На пример, основниот суд во Прилеп донел одлука со која на лицето Д.Д. му е изречена парична казна во висина од 20.000,00 денари, за надомест на сторена штета. Незадоволен од пресудата, десет дена по приемот на истата, Д.Д. поднел жалба до Апелациониот суд во Битола.

**Управниот суд** е нов суд во Република Македонија, што е воведен со Законот за судови во 2006 година. Управниот суд е надлежен да решава против поединечни акти на органите на државната управа, како и да ја утврдува нивната законитост. Поедноставено, Управниот суд ќе одлучува по барања од страна на граѓаните, секогаш кога сметаат дека државните органи им повредиле некое право, или постапиле спротивно на законите. На пример, при доделување стипендии на средношколци, Министерството за образование и наука донело одлука со која се одбива барањето да му се додели стипендија на средношколецот В.В. Незадоволен од одлуката, средношколецот поднел жалба до второстепениот орган (комисија при Владата на Република Македонија), што повторно го одбил барањето за доделување стипендија. Убеден во неправилноста на донесената одлука, В.В. решил да поднесе тужба до Управниот суд.

**Врховниот суд** е највисок суд во Република Македонија. Својата власт ја врши на територијата на целата држава, а неговото седиште е во Скопје. Тој одлучува во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апела-

ционите судови. Постоењето трет степен на заштита на правата, не значи дека во секој случај може да се води постапка пред Врховниот суд. За тоа да се случи е потребно да бидат исполнети строги законски услови. Врховниот суд е второстепен суд за одлуките донесени од страна на Управниот суд. На пример, Апелациониот суд во Скопје донел одлука со којашто ја потврдува одлуката на основниот суд Скопје 1, со којашто на обвинетиот А.А. му се изрекува казна доживотен затвор, за извршено свирепо убиство на пет лица. Против ваквата одлука на Апелациониот суд, обвинетиот А.А. поднел жалба до Врховниот суд.

Судовите ги штитат слободите и правата на човекот и на граѓанинот, доколку тоа според Уставот не е во надлежност на Уставниот суд на Република Македонија за што се зборува во следната лекција.

## 1.8. УСТАВЕН СУД

Надлежностите на Уставниот суд се исклучиви, што значи ниту еден друг државен орган не може да ги извршува тие задачи.

Иако се именува како суд, Уставниот суд формално не претставува дел од судскиот систем на Македонија. Затоа, работите поврзани со Уставниот суд се регулирани во посебна глава во Уставот, надвор од главата што се однесува на надлежностите на судовите, односно на организацијата на државната власт. Поради својата специфична положба, тој може ефикасно да ги врши работите што му се доверени, а ќе бидат објаснети во продолжение.

***Контрола на уставноста и на законитоста***

Уставниот суд врши дополнителна контрола на уставноста и на законитоста на законите и на другите акти (примарна контрола вршат самите органи што ги предлагаат или ги донесуваат актите). Така, кога по своја иницијатива или по иницијатива на некој орган, организација или индивидуа, Уставниот суд ќе утврди дека одреден закон е во спротивност на Уставот, или кога некој подзаконски акт е во спротивност со некој закон, тој може да биде укинат или поништен. На пример, градоначалникот на општина Гостивар повел иницијатива пред Уставниот суд, за проверување на законитоста на одлуката на Советот на општина Гостивар, со која се предвидува месечен паричен надоместок на членовите на Советот. По разгледувањето на иницијативата, Уставниот суд донел одлука со којашто се поништува одлуката на Советот. Ваквата одлука е донесена затоа што Законот за локална самоуправа предвидува паричен надоместок за членовите на Советот единствено за присуство на седница (дневница), а не и месечен паричен надоместок. Повеќе од 80 проценти од работата на Уставниот суд, се однесува на испитување на уставноста и законитоста на законите и другите акти.



### *Заштита на слободите и правата на човекот и на граѓанинот*

Уставниот суд е надлежен и за заштита на дел од слободите и правата на човекот и на граѓанинот. Така, Уставниот суд решава за:

- повредите на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување;
- повредите на политичкото здружување и дејствување;
- забраните за дискриминација на граѓаните по основа на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Доколку сметате дека кое било од овие права ви е повредено, или дека постои која било друга основа за поведување постапка пред Уставниот суд, имате право да поднесете индивидуална иницијатива пред Уставниот суд.

Адреса: 2 Ударна бригада бр.2, 1000 Скопје
тел/факс: 02 3119 355
Интернет-страница: www.usud.gov.mk
е-пошта: usud@usud.gov.mk

## 1.9. СУДИИ И СУДИИ-ПОРОТНИЦИ

Судиската функција во нашата земја ја вршат судиите. Судијата е лице што постапува по предметите за кои е надлежен судот. Тој ја води постапката и донесува одлуки за сите правни случаи на коишто работи. Всушност, преку судијата се олицетворува судската власт.

***Кој може да биде судија?***

За да се биде судија, што претставува угледна и почитувана функција, треба да се исполнат некои услови. За судија може да биде избран државјанин на Република Македонија, што е дипломиран правник со положен правосуден испит и активно го владее македонскиот јазик. Ова се општи услови што треба да ги исполни секој судија, а покрај нив постојат и дополнителни услови наведени во табелата.

**Дополнителни услови за судиите**

| **Судија во:** | **Услов** |
|---|---|
| **Основен суд** | Завршена обука во академијата за обука на судии и јавни обвинители. |
| **Апелационен суд** | А) Работно искуство од најмалку пет години судиски стаж; или<br>Б) Осум години стаж на правни работи по положен правосуден испит. |
| **Управен суд** | А) Работно искуство од најмалку пет години судиски стаж;<br>Б) Осум години стаж на правни работи по положен правосуден испит; или<br>В) Универзитетски професор од областа на правото, со научен степен доктор на правни науки. |
| **Врховен суд** | А) Работно искуство од најмалку осум години судиски стаж;<br>Б) Дванаесет години стаж на правни работи по положен правосуден испит, или<br>В) Универзитетски професор од областа на правото со научен степен доктор на правни науки. |

Судијата се избира со траен мандат (иако може да биде и разрешен). Него го избира и разрешува Судскиот совет на Република Македонија. Судскиот совет претставува професионално 15-члено тело што ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, а ова го врши преку следење и оценување на работата на судиите.

Дискриминацијата во однос на полот, бојата, расата, националната и верската припадност, при изборот на судија и судија-поротник е забранета.

### *Што е судија-поротник?*

Речиси во сите современи судски системи, во вршењето на судиската функција во различни форми учествуваат и граѓаните. Кај нас, институцијата **судија-поротник** е предвидена со Уставот. Тоа значи дека во судењето се внесува лаички елемент, т.е. покрај судии-професионалци, во судењето учествуваат и судии-поротници. Судиите-поротници се полнолетни лица со завршено најмалку средно образование, што активно го владеат македонскиот јазик и не се постари од 60 години. Судиите-поротници не мора да се правници по вокација, но треба да се угледни и чесни граѓани.

Судиите-поротници ги избира и разрешува Судскиот совет на Република Македонија, со мандат од 4 години и со право на реизбор.

### *Начин на донесување на одлуките*

Надлежноста за донесување на одлуките е во рацете на судијата, или на Судскиот совет. **Судскиот совет** го сочинуваат судии и судии–поротници. Во донесувањето на одлуките на Судскиот совет, судиите–поротници се рамноправни со судиите. Судскиот совет секогаш го сочинуваат непарен број лица (3



или 5). Во составот на Судскиот совет, бројот на судиите-поротници е секогаш поголем од бројот на судиите (1+2 или 2+3).

**ПРАШАЊА 1:**

1. Зошто бројот на лица во Судскиот совет е непарен?
2. Зошто бројот на судии-поротници е поголем од бројот на судии?

***Независност на судиите***

Следниве информации се извадоци од Уставот на Република Македонија и од Законот за судовите. Во нив е изложена положбата на судијата во нашиот правен систем.

1. Судијата треба да биде чесен и правичен при донесувањето на одлуките, да суди непристрасно, фер и законски.
2. Забранета е секоја форма на влијание врз судијата во врска со судењето. Кога суди во некој спор, судијата не смее да биде ограничен, ниту врз него да се врши закана, притисок или поттикнување од кое било лице.
3. Судиската функција не може да се врши заедно со друга јавна функција, на пример: пратеник, советник во Совет на општината, министер, службеник во државната управа. Ова е гаранција за чесно и праведно судење.
4. Судијата не смее да биде член на политичка партија. Во спротивно, би ги застапувал интересите на партијата, а тоа негативно би се одразило врз неговата работа.
5. Судијата не смее да суди во спор во кој една од странките е негов брачен другар, син, ќерка, внук, родител, посвоител, посвоеник, штитеник, старател, роднини по сватовство, близок пријател, или непријател.
6. Судиите уживаат имунитет. Овој имунитет е гаранција дека судијата не може да биде повикан на одговорност за мислење или одлучување при донесувањето на судските одлуки. На пример, не може да биде тужен од некоја од странките во спорот затоа што не пресудил во нејзина корист.
7. Судијата не може да биде притворен за кривично дело без одобрение на Судскиот совет на Република Македонија, освен ако е затечен при вршење на тешко кривично дело (за кое е предвидена казна затвор над 5 години).
8. Судиите се облечени во посебна облека – ТОГА.

## ПРАШАЊА 2:

1. Објасни како секоја од горните одредби придонесува за независноста на судството?
2. Зошто е важна независноста на судството?
3. Каква е врската меѓу независноста на судството и владеењето на правото?
4. Дали е можно судијата да остане целосно независен во решавање контроверзен случај, кога притисокот на јавното мислење е голем?

## 1.10. НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОМБУДСМАН

Народниот правобранител - омбудсман е нова институција во нашиот правен систем, воведена со Уставот од 1991 година. Оваа институција е појавена за првпат во 1809 година, во Шведска. Целта на воспоставувањето на новата државна функција била заштита на граѓаните од самоволието на претставниците на власта. Со тоа, омбудсманот станува институција што го штити правниот поредок, правната држава и владеењето на правото. Најчесто се употребува терминот “омбудсман”, но постојат и други називи за истата функција, каков што е и македонскиот термин “народен правобранител”.

**Уставот на Република Македонија, во член 77 ја дава следната дефиниција:**



Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните, кога им се повредени од органите на државната управа и од другите органи и организации што имаат јавни овластувања. Народниот правобранител посветува особено внимание за заштита на начелата на недискриминација, соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, во органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

Народниот правобранител го избира Собранието на Република Македонија, со мандат од 8 години и право на реизбор.

***Кога се обраќате кај Народниот правобранител?***

Секогаш кога мислите дека некое ваше право е повредено од страна на кој и да е носител на јавна функција или вработен во државен орган во сите области на општествениот живот, можете да се обратите кај Народниот правобранител. Дополнително, кај Народниот правобранител можете да се обратите кога се повредени начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на етничките заедници.

## ПРОБЛЕМ 1:

Граѓанинот Д.И. од с. Петровец, Скопско, работејќи на својата нива бил посетен од страна на двајца полицајци од полициската станица “Петровец”. При “информативниот” разговор полицајците употребиле и физичка сила, со што ги пречекориле своите службени овластувања. На граѓанинот Д.И. му биле нанесени телесни повреди. Граѓанинот го посетил Народниот правобранител барајќи помош, бидејќи во полициската станица “Петровец” одбиле да преземат нешто во врска со неговиот случај.

Родителите на неколку деца што на крајот од учебната година биле упатени на полагање поправен испит по предметот физика, биле незадоволни од начинот на кој бил изведен испитот. Тие сметале дека професорот го спровел поправниот испит спротивно на постоечките прописи, поради што се обратиле во писмена форма до Народниот правобранител.

На граѓанинот С.С. од Скопје, здравствената услуга му била двојно наплатена - од неговите лични средства и од средствата уплатени на име придонес за здравствено осигурување. Со тоа му биле повредени правата на здравствено осигурување предвидени во Законот за здравствена заштита. Во времето на користењето на здравствената услуга, С.С. не поседувал доказ за платен придонес (сини картони), па за извршената услуга депонирал лични средства. По уплатените придонеси, С.С. до здравствената установа ги доставил сините картони и побарал да му ги вратат депонираните средства. Но, парите не му биле вратени и тој телефонски се обратил до Народниот правобранител.

До Народниот правобранител може да се обратите:
- Лично во неговите канцеларии;
- Во писмена форма;
- Телефонски да се договорите за средба во определениот приемен ден;
- По електронска пошта.

1. Што е заедничко за сите три наведени примери?
2. Какви повреди се направени и во кои општествени области?
3. На кој начин реагирале лицата што сметале дека нивните права се повредени?
4. Како би реагирале вие доколку бевте на местото на лицата во горенаведените ситуации?

***Што презема Народниот правобранител откако ќе му се обратите?***
Вашето обраќање што законски е наречено *претставка од граѓанин*, Народниот правобранител може да го одбие, или да го прифати. Ако го прифати, врши непосреден увид или разговор со лицето против кого е

поднесена претставката. Доколку констатира дека навистина е повредено правото на граѓанинот, може да преземе соодветни мерки (предлог за дисциплинска постапка, постапка пред јавниот обвинител итн.). Претставката ќе биде одбиена од страна на Народниот правобранител ако тој смета дека вашето обраќање е неосновано, или по него се води некоја друга постапка (постапка пред суд, постапка пред управен орган итн.)

Дополнително, Народниот правобранител дава препораки, мислења и сугестии до органите  на управата. Тие треба да ги почитуваат препораките, мислењата и сугестиите, затоа што за нивното непочитување Народниот правобранител ќе ги извести министерот, Владата и Собранието, и на јавна критика ќе го изложи секој надлежен орган или службено лице што сториле повреда на правото на граѓанинот. Народниот правобранител не може да го замени судот. Тој нема право да казнува ниту да менува судски одлуки. За својата работа, Народниот правобранител поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија, а извештаите може да се добијат во канцелариите на Народниот правобранител и на веб-страницата.

**Скопје**

| | |
|---|---|
| Адреса: | ул. Димитрие Чупоски бр.2 (зграда на ГП Пелагонија до Blue café во центар) |
| телефон: | 02/ 3129-335 |
| факс: | 02/ 3129-359 |
| е-пошта: | skopje@ombudsman.mk |
| веб-страница: | www.ombudsman.mk |

**Струмица**

| | |
|---|---|
| Адреса: | ул. Маршал Тито бб (зграда на Кјуби Македонија) |
| телефон: | 034/ 329-995 |
| факс: | 034/ 329-997 |
| е-пошта: | strumica@ombudsman.mk |

**Кичево**

| | |
|---|---|
| Адреса: | бул. Ослободување бб (зграда на Кјуби Македонија) |
| телефон: | 045/ 228-586 |
| факс: | 045/ 228-584 |
| е-пошта: | kicevo@ombudsman.mk |

**Тетово**

| | |
|---|---|
| Адреса: | ул. Илинденска бр.85 |
| телефон: | 044/ 344-081 |
| факс: | 044/ 344-083 |
| е-пошта: | tetovo@ombudsman.mk |

**Битола**

| | |
|---|---|
| Адреса: | ул. Јане Сандански бб (зграда на Кјуби Македонија) |
| телефон: | 047/ 242-510 |
| факс: | 047/ 242-510 |
| е-пошта: | bitola@ombudsman.mk |

**Штип**

| | |
|---|---|
| Адреса: | ул. Тошо Арсов бб (зграда на Кјуби Македонија) |
| телефон: | 032/ 389-700 |
| факс: | 032/ 389-700 |
| е-пошта: | stip@ombudsman.mk |

**Куманово**

| | |
|---|---|
| Адреса: | ул. Трг Нова Југославија бр.24 |
| телефон: | 031/ 431-488 |
| факс: | 031/ 431-520 |
| е-пошта: | kumanovo@ombudsman.mk |

## 1.11. НОТАР

### *Историја на нотаријатот*

Нотаријатот е релативно нова институција во Република Македонија, промовирана со Уставот од 1991 година, но историјата на нотаријатот во светски рамки е многу подолга. Почетоците на нотаријатот датираат уште од римското право, од времето на Колегиумот на државните свештеници што секоја година определувал по едно лице кое ќе им дава правни совети на граѓаните. Тој ги известувал граѓаните што треба да содржат нивните тестаменти и другите правни акти.

Денес, во голем дел, работата на нотарот останала иста - тој ги советува граѓаните во основните сфери на нивните потреби во современото општество. Но, нотарот истовремено е и непристрастен верификатор на приватните документи што се потребни во службената комуникација во државата.

### *Која е улогата на нотарот?*

Законот за нотаријатот беше донесен во 1996 година, а отогаш речиси во сите градови во Македонија постои нотарска канцеларија во којашто жителите на тие населени места можат да побараат помош во работите што спаѓаат во надлежноста на нотарот.



Нотаријатот е самостојна и независна јавна служба. Да се биде нотар, значи:

- да се составуваат и да се потпишуваат нотарски акти (на пример, да се состави и завери договор за купопродажба);
- да се чуваат лични исправи (на пример, да се чува нечиј пасош на одредено време);
- да се издаваат изводи, потврди (свидетелства, уверенија), преписи и извадоци;

- да се заверуваат преписи и преводи на документи (на пример, да се завери превод направен од оригинална диплома);
- да се преземаат исправи, пари и хартии од вредност, заради чување и предавање (на пример, сопственик на акции од АД Сколид, ги остава на чување за период од една година);
- да се потврдуваат факти и изјави (на пример, некое лице кај нотар дава изјава дека се согласува на акционерско собрание да биде застапувано од страна на својот син).

За секој документ што нотарот ќе го состави и завери со својот печат (т.н. нотарски акт), тој ја потврдува и гарантира точноста на податоците содржани во тој документ. Затоа, поради важноста на работите што ги врши, нотарот мора да ја надомести штетата што ќе ја нанесе на некои лица при вршењето на својата нотарска служба. Затоа, нотарите се должни да бидат осигурани најмалку во висина на десетгодишна просечна плата во Република Македонија. Во случај нотарот да нанесе штета што неговото осигурување не може да ја покрие, Нотарската комора ја плаќа разликата.

За разлика од нотарските акти (каде што нотарот ја гарантира точноста на податоците и одговара за евентуалната штета) треба да се направи разлика со документите каде нотарот само ја потврдува веродостојноста на исправите или волјите на лицата. На пример, кога нотарот заверува фотокопии или заверува потписи, при што го проверува само идентитетот на потписниците. За овие документи, нотарот не сноси одговорност од евентуална штета.

Нотарот е должен да чува како нотарска тајна сè што ќе дознае за граѓаните и правните лица во текот на вршењето нотарски работи. Нотарската тајна се должни да ја чуваат и лицата вработени кај нотарот. Должноста за чување на тајната останува трајна.

**ПРОБЛЕМ 1:**

Гоце решил да се пресели од Велес во Скопје. По едномесечно барање нашол стан што му се допаднал. За да го купи, Гоце го продал целиот свој имот во Велес. Заедно со продавачот на станот од Скопје, Гоце отишол на нотар, каде што ја платил договорената сума, а нотарот го заверил договорот за купопродажба. Кога Гоце се обидел да се всели во станот, сфатил дека таму веќе живее друго семејство, што го купило станот еден ден пред него.

1. Што може Гоце да направи во оваа ситуација?
2. Дали нотарот што го заверил договорот треба да одговара? Како?

### *Каде работи нотарот?*

Нотарот има сопствена нотарска канцеларија. Тој е надлежен да ја работи својата работа во рамките на службеното седиште на основниот суд во чиишто рамки е назначен. По правило, на секои 20.000 жители треба да има најмалку по еден нотар. Работното време на нотарите го определува министерот за правда и е исто за сите нотарски канцеларии.

### *Свечена нотарска изјава*

Нотарот е должен да работи во согласност со свечената нотарска изјава што ја дава пред министерот за правда, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и претседателот на Нотарската комора на Република Македонија, која гласи:

*“Изјавувам дека нотарските работи ќе ги вршам совесно, чесно и непристрасно, во согласност со Уставот и законите на Република Македонија, и дека ќе ги заштитувам интересите на странките.”*

### *Кој може да биде нотар?*

Поради значењето на нотарот, за оваа функција може да биде именувано само лице што ги исполнува следните услови:

- да има завршено правен факултет;
- да има најмалку 5 години работно искуство на правни работи;
- да има положено нотарски испит;
- да ужива углед за вршењето нотарски работи;
- да докаже дека ќе обезбеди опрема и простории потребни за вршење на нотарската служба.

**ПРАШАЊА 1:**

1. Што е нотар?
2. Што е суштината на нотарската изјава и зошто сметате дека се дава?
3. Кога вие би имале можност да составувате текст на нотарска заклетва, дали би вклучиле некои нови елементи во неа, или би изоставиле некои од постојните?
4. Зошто е важно постоењето на професијата нотар?
5. Дали знаете кое е работното време на нотарите?

## ПРОБЛЕМ 2:

Дедо Ванчо имал желба неговите внуци да се стекнат со диплома за завршено високо образование. Тој тоа често им го зборувал на Тања и на Вања - внуците од неговиот единствен син, како и на Бошко - внукот од неговата единствена ќерка. Бидејќи Тања, Вања и Бошко сè уште биле во седмо одделение, дедо Ванчо отишол на нотар да состави тестамент со кој на секој внук му остава по 15.000 евра, доколку се стекнат со диплома за завршено високо образование. По составувањето на тестаментот, дедо Ванчо ги депонирал средствата кај нотарот, со назнака дека доколку внуците не успеат да завршат високо образование најдоцна до нивната 30-та година, остатокот од средствата ќе се донираат во домот за деца без родители од неговиот град.

По дванаесет години, кога дедото веќе бил умрен, на денот кога го положиле својот последен испит, Тања и Вања дошле кај нотарот. Возбудени дека дипломирале, Тања и Вања на нотарот му ги покажале своите индекси. Нотарот, задоволен од успехот на Тања и Вања, прво го проверил нивниот идентитет,  а потоа им го дал наследството од нивниот дедо.

1. Дали нотарот смеел да го земе и чува депозитот од 45.000 евра?
2. Дали на дедо Ванчо му следува камата за парите што ги оставил кај нотарот, со оглед на фактот дека нотарот ги чувал најмалку 10 години?
3. Може ли дедо Ванчо да си ги земе парите назад? Ако може, тогаш како?
4. Дали нотарот постапил правилно кога им ги дал парите на внуците? Зошто?

## 1.12. ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во Република Македонија, локалната самоуправа е територијално организирана во 84 општини и градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа.

Едно од уставно загарантираните права на граѓанинот и темелна вредност на Уставот на нашата република е и правото на локална самоуправа. Локалната самоуправа е начин на организација на власта на локално ниво. Во локалната самоуправа граѓаните ја остваруваат власта непосредно, или преку нивни избраници. Затоа некои ја нарекуваат и “четврта власт”, покрај законодавната, извршната и судската власт.

Локалната самоуправа кај нас е организирана по општини што се единици на локалната самоуправа. Општината е заедница на жителите на одредено територијално подрачје. Во општините, пак, може да се основаат пониски облици на локална самоуправа: месна заедница - во селата и урбана заедница - во градовите.

### *Органи и надлежности на општините*

Органи на единиците на локалната самоуправа се Советот и градоначалникот на општината.




Советот на општината е претставнички орган на граѓаните. Членовите на Советот се претставници на граѓаните и се бираат со тајно гласање на општи, непосредни и слободни избори, попознати како “локални избори”. Бројот на избраните членови на Советот, зависи од големината и бројот на жители на општината, и изнесува од 9 до 33 советници. Советот работи на седници што се јавни, што значи дека на нив може да присуствува секој граѓанин.

Градоначалникот е орган што ги извршува одлуките на Советот. Тој има

важна улога во функционирањето на општината, па затоа го викаат и "градски татко". Градоначалникот се бира непосредно, на истите избори како и Советот.

Општините имаат надлежности за вршење работи што се од интерес на целата локална заедница. Тоа се следните работи од локално значење:

- урбано и рурално планирање;
- заштита на животната средина и природата;
- локален економски развој;
- комунални дејности;
- култура;
- спорт и рекреација;
- социјална заштита и заштита на децата;
- образование;
- здравствена заштита;
- спроведување подготовки и преземање мерки за заштита и спасување од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи, и од последиците предизвикани од нив;
- противпожарна заштита.

## ПРОБЛЕМ 1:

Во следните реченици се дадени примери на работи во надлежност на општините. Прочитајте ги и утврдете за каков вид надлежности на општината станува збор. Поврзете ги!

**Пример:** на ул. "Македонски просветители" е поставено ново улично осветлување. Тоа е надлежност од областа на комуналните дејности.

| **Пример** | **Поврзи!** | **Надлежност** |
|---|---|---|
| Советот на општина Велес, со одлука пропиша сите фабрики да монтираат заштитни филтри за издувни гасови | ⇒ | ⇐ урбано и рурално планирање |
| По иницијатива на граѓаните, Советот на општината на закажаната седница донесе одлука за основање на ОУ “Мајка Тереза” | ⇒ | ⇐ заштита на животната средина и природата |
| Општината Јегуновце го зајакна заштитниот насип кај реката Вардар | ⇒ | ⇐ локален економски развој |
| Според деталниот урбанистички план, на просторот пред зградата на општината е предвидена изградба на плоштад, којашто е во тек | ⇒ | ⇐ комунални дејности |
| Општина Струга ја основа манифестацијата “Ревија на народни носии” | ⇒ | ⇐ култура |
| Санирани се сите оштетувања на асфалтот на локалниот патен правец Штип-Криви Дол | ⇒ | ⇐ спорт и рекреација |
| Советот на општината одобри паричен фонд за помош на мали занаетчиски работилници | ⇒ | ⇐ социјална заштита и заштита на децата |
| Противпожарната служба е зајакната со нови современи апарати за ефикасна интервенција | ⇒ | ⇐ образование |
| Градоначалникот на општина Радовиш е покровител на спортската манифестација “Македонски Бисер” | ⇒ | ⇐ здравствена заштита |
| Во населбата Пролет е отворена нова градинка за деца - “Мајско сонце” | ⇒ | ⇐ спроведување подготовки и преземање мерки за заштита и спасување од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи, и од последиците предизвикани од нив |
| Во с. Џепчиште е отворена амбуланта за примарна здравствена заштита | ⇒ | ⇐ противпожарна заштита |

***Непосредно учество на граѓаните во одлучувањето во општините***

Во одлучувањето во општините за прашањата од локално значење, граѓаните може да се вклучат и директно. Во секојдневниот живот секогаш се јавуваат потреби кај граѓаните за решавање определени нивни проблеми од локално значење. Понекогаш тие проблеми не се решени, бидејќи едноставно не се регистрирани дека постојат од страна на локалните власти. Затоа, граѓаните имаат право да му предложат на Советот да донесе одреден акт или да реши одредено прашање од негова надлежност, со цел да се подобри општата состојба во општината. Советот е должен да расправа за ваквиот предлог, доколку истиот го поддржат најмалку десет проценти од избирачите на општината, најдоцна во рок од 90 дена по доставената **граѓанска иницијатива.** Советот е должен и да ги информира граѓаните за својата одлука.

Заради непосредно учество на граѓаните во одлучувањето за локални прашања, градоначалникот може да свика **собир на граѓани** на територијата на целата општина или на подрачјето на месната самоуправа, и тоа по негово барање, по барање на Советот, или по барање на најмалку десет проценти од избирачите на општината односно на месната самоуправа. При донесувањето на одлуките, органите на општината се должни да ги разгледаат и земат предвид заклучоците од ваквите собири.

**Референдумот** е облик на учество на граѓаните во одлучувањето што најдобро ја изразува волјата на граѓаните во поглед на решавањето прашања што ја засегаат целата локална заедница. За Советот да закаже референдум, треба да постои барање од најмалку дваесет проценти од избирачите. Но, Советот може да закаже референдум и по сопствена иницијатива. На референдумот можат да гласаат сите граѓани со избирачко право, а одлуката донесена на референдум е задолжителна за органите на општината. Така, на пример, граѓаните можат преку референдум да го сменат градоначалникот на својата општина, доколку не се задоволни од неговата работа.

Секој граѓанин има право до градоначалникот да доставува предлози и **претставки** за работата на органите на локалната самоуправа и општинската администрација, доколку смета дека некое негово право е повредено, или доколку општината не врши прописно некоја од своите надлежности. Овие претставки и предлози се доставуваат во писмена форма. Градоначалникот е должен на поднесувачот да му даде образложен одговор.

Граѓаните на неколку начини може директно (непосредно) да учествуваат во одлучувањето, и тоа преку: граѓанска иницијатива, собири на граѓани, референдум, како и преку претставки и предлози до органите на локалната самоуправа.

При донесувањето прописи од својата надлежност, органите на општината претходно можат да организираат **јавни трибини**, да спроведат анкети, или да побараат предлози од граѓаните, заради подобро запознавање со мислењата и ставовите на граѓаните по определени прашања.

### ПРОБЛЕМ 2:

Напишете предлог до градоначалникот за решавање определен проблем што е во надлежност на општината.

### ПРАШАЊА 1:

1. Што е локална самоуправа?
2. Кои се органите на локалната самоуправа?
3. Каков вид надлежности има општината?
4. Наброј ги и објасни ги начините на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето во општините.

## 1.13.УНИВЕРЗАЛНА ДЕКЛАРАЦИЈА, ЕВРОПСКА КОНВЕНЦИЈА И ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

***Зошто е донесена Универзалната декларација за човекови права?***

Човековите права им припаѓаат на сите луѓе подеднакво, универзално и засекогаш. Заради поголема заштита на човековите права, Генералното Собрание на ООН во 1948 година ја усвои Општата декларација за правата на човекот (Universal Declaration of Human Rights). Со тој акт, човековите права станаа меѓународна категорија. Истакнатиот поборник за светски мир и добитник на Нобеловата награда за мир, Рене Касен, е главниот инспиратор и редактор на оваа декларација. Тој е автор на зборовите:

**"Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви според достоинството и правата".**

Човековите права се неотуѓиви, неделиви и независни. Тоа значи дека овие права не може да бидат одземени, затоа што се добиваат со самиот чин на раѓање на човекот.

И покрај тоа што нема обврзувачки карактер, Универзалната декларација е доста значаен документ чиишто одредби станаа дел од многу устави и закони донесени во изминатите 50-тина години, меѓу кои и на Уставот на Република Македонија.

***Европска конвенција за човекови права***

Паралелно со ширењето на идејата за заштита на човековите права на светско - глобално ниво, се создаваат механизми што ќе ги заштитуваат правата на луѓето на регионално ниво.



Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи, е донесена во 1950 година во Рим, од страна на најстарата европска институција – Советот на Европа. Во оваа Конвенција, како основа е искористена Уни-

верзалната декларација за човекови права, со тоа што Конвенцијата подетално ги разработува правата и го обезбедува нивното остварување, пред сè преку активностите на самата држава-потписничка на Конвенцијата. Не е доволно државите-потписнички на Конвенцијата само да ја ратификуваат истата од страна на надлежниот државен орган, туку и да обезбедат конкретни механизми за нејзина имплементација. Така, при донесувањето на законите, државите треба да посветат внимание дали тие се во согласност со Конвенцијата. На пример, во одредбите од Законот за кривична постапка со кои се регулираат правата на притворените, треба да се внимава тие да бидат во согласност со Конвенцијата.

Република Македонија пристапи кон оваа Конвенција во 1997 година, со ратификацијата што ја изврши Собранието на Република Македонија.

Право на жалба имаат физичките лица, невладините организации, или групите на лица што се сметаат за жртви на повреда на правата признати со Конвенцијата, кога повредата ја извршила една од државите-членки на Советот на Европа.

***Европски суд за човекови права во Стразбур***

Најзначајна институција во системот на заштита на човековите права во Европа, што е предвидена токму со одредбите на Европската конвенција за човекови права, е Европскиот суд за човекови права со седиште во Стразбур, Франција.

Во надлежност на овој суд се следниве прашања:

- индивидуални жалби;
- толкување на Конвенцијата, по барање на државите-членки на Советот на Европа;
- давање советодавни мислења за правни прашања поврзани со толкувањето на Конвенцијата.

***Кога може да се поднесе жалба до Европскиот суд за човекови права?***

Судот ќе ја прифати жалбата откако ќе бидат исцрпени сите домашни правни лекови (жалба до Апелациониот или до Врховниот суд) и доколку барањето е поднесено во рок од 6 месеци од денот кога е донесена конечната судска пресуда од домашните судови. Жалбата мора да биде потпишана од страна на жалителот лично. Судот не прифаќа анонимни жалби. Жалителот не мора да оди лично да ја поднесе жалбата, доволно е таа да биде потпишана и поштенски испратена до судот.

Праксата на овој суд укажува дека 80 проценти од поднесените претставки не се прифаќаат поради неточни или непотполни податоци, непочитување на поставениот рок, или поради неисцрпеност на сите домашни правни лекови.

Барањето односно жалбата до Судот во Стразбур, треба да содржи:

- Име и презиме, возраст, адреса и занимање на жалителот;
- Име и презиме, адреса и занимање на лицето што го застапува (адвокат или невладина организација);
- Државата против којашто е поднесена жалбата;
- Опис на фактите на коишто се однесува жалбата;
- Опис на настаните според редоследот на случувањето;
- Упатување на повредата на Конвенцијата и релевантни аргументи;
- Детали за сите правни средства користени на национален план;
- Список на приложена документација;
- Потпис.

Жалба до Европскиот суд за човекови права може да се испрати на следната адреса:

The Registrar
European Court of Human Rights
Council of Europe
F-67075 Strasbourg Cedex
France

Ако судот одлучи дека жалбата е прифатлива, поведува постапка. Судот го разгледува случајот и се обидува да постигне т.н. “пријателско спогодување” меѓу жалителот и владата против којашто е поднесена жалбата. Во овој случај, судот се јавува како посредник.

Но, ако не дојде до вакво спогодување, судот може да донесе правно-задолжувачка одлука за државата, а на жалителот да му се додели т.н. “правично обесштетување”.

Во периодот од 1998 до 2005 година, во Европскиот суд за човекови права во Стразбур, се поднесени околу 200 жалби од граѓани на Република Македонија. Од вкупниот број на жалби, Судот се произнел со пресуда само за 2 жалби, 10 жалби се испратени до Владата на Република Македонија за пријателско решавање (спогодување) на спорот, а останатите чекаат одговор од Судот.

**ПРОБЛЕМ 1:**

Лицето Ангел Ангелов, државјанин на Република Македонија, има поведено постапка за работен спор поради тоа што бил отпуштен од работа без никакво образложение. Жалбата ја поднесува против претпријатието “Алка” од Скопје, каде што работел 28 години. Постапката ја има покренато во 1995 година и за неа сè уште не е донесена конечна пресуда. Имено, причина за одолговлекувањето на постапката е честата промена на судиите што го воделе предметот, како и неоправданото отсуство на сведоците во постапката, за што судот не презел соодветни мерки. И тужената страна го одолговлекувала доставувањето на доказите до судот. Исто така, една од најголемите причини поради којашто се одолговлекувала постапката е и фактот што пониските суд не ги почитувал упатствата дадени од повисокиот суд, ниту пак повисокиот суд мериторно одлучил за оваа прашање, иако постоела таква законска можност. Тужителот починал во јуни 2001 година. Преку адвокатот Ване Ванев, неговата сопруга поднела апликација до Европскиот суд за човекови права во Стразбур, поради повреда на член 6 од Европската конвенција за човекови права.

Член 6

При определувањето на своите граѓански права и обврски, или кога е кривично гонет, секој има право на правично и јавно судење, **судење во разумен рок** пред независен и непристрастен со закон воспоставен суд.



# ЧОВЕКОВИ СЛОБОДИ И ПРАВА

## УЧИМЕ ПРАВО / ГЛАВА 2



ЧОВЕК, ГРАЃАНИН, ДРЖАВЈАНИН

## 2.1. ЧОВЕК, ГРАЃАНИН, ДРЖАВЈАНИН

***Што е човек?***

Станувате човек од денот кога ќе се родите. Секој човек е определен по своите психички и физички карактеристики и својата поврзаност со семејството и со заедницата.

Секој човек со чинот на раѓањето ги добива основните човекови права и слободи, како што се: животот, слободата, психичкото и моралното достоинство итн. Овие и други права се гарантирани со Уставот на Република Македонија.

***Што е граѓанин? Кои права и обврски ги имаат граѓаните?***

Уставот на Република Македонија го користи терминот граѓани, со кој ги адресира сите државјани на Република Македонија. На своите граѓани државата им гарантира одредени права, но од нив бара и исполнување на одредени обврски. На пример, добивањето работа е поврзано со една голема обврска - редовното плаќање даноци! Правото да се склучи брак и да се имаат деца носи обврска да се води грижа за децата и да се води грижа за старите и изнемоштени родители. Понатаму, како граѓани, уживате заштита на приватноста, личниот и семејниот живот и достоинство, како и правото слободно да се движите на територијата на Република Македонија и да го изберете своето место на живеење. Други права што му припаѓаат на граѓанинот на Република Македонија се: правото на сопственост, правото на наследство, правото на работа, слободата на избор на работата, правото на заштита при работата, правото на социјално осигурување и здравствена заштита и други. Најголем дел од споменатите права, Република Македонија им ги гарантира и на лицата што не се нејзини државјани (странци), па така и овие лица можат да склучат брак во нашата држава, да се вработат, да бидат наследници итн. Основна разлика што кај овие лица постои во поглед на ползувањето на човековите права се јавува кај политичките права (на пример, активното и пасивното право на глас), со кои овие лица не располагаат.

Како доказ дека сте граѓанин на Република Македонија, ќе добиете лична карта, што служи и како средство за идентификација.



## ПРОБЛЕМ 1:

Г-ѓа Елена Диковска отишла до најблиската бензинска пумпа да наполни бензин. Но, кога го напишала чекот, забележала дека не може да ја најде личната карта. Бензинот го платил нејзиниот сопруг што дошол да ја земе, а изгубената лична карта веднаш ја пријавила во полиција.

1. Г-ѓа Диковска била многу вознемирена кога забележала дека ја изгубила личната карта! Зошто била загрижена? Што можело да ѝ се случи ако нема лична карта?
2. Дали сметате дека една толку мала картичка, што лесно може да се изгуби или да биде украдена, треба да игра толку важна улога во нечиј живот?
3. Дали сите податоци од личната карта се неопходни? Дали би додале други?
4. Дали државата бара премногу лични информации?
5. Дали е можно некои од овие податоци да бидат злоупотребени од страна на криминалци? Ако е можно, зошто државата го дозволува тој ризик?
6. Кои се можните негативни страни од поседувањето лична карта?

***Која е разликата меѓу малолетните и полнолетните граѓани?***

Иако граѓаните стекнуваат права уште со самото раѓање, за остварувањето на најголем дел од правата се смета дека лицето треба да достигне одредена возраст, односно да наполни 18 години (полнолетство). На оваа возраст се претпоставува дека личноста достигнала психичка и физичка зрелост, што ѝ овозможува да ги разбере односите што произлегуваат од практикувањето на правата.

Граѓаните што немаат наполнети 18 години, се малолетни и законот кон нив има специјален третман. На пример, санкциите за сторени кривични дела од страна на малолетници, се многу поблаги од санкциите за истите дела сторени од полнолетни лица. Тоа е така бидејќи малолетниците не можат да понесат целосна одговорност за своите дела. Исто така, малолетните лица можат да наследуваат, а со тоа и да бидат сопственици, но најчесто тие не располагаат со својата сопственост сè додека не станат полнолетни.

Добивањето возачка дозвола или склучувањето брак без дозвола на родителите, се само некои мали придобивки од стекнувањето полнолетност. Многу

поважно е што со наполнувањето 18 години, станувате целосно рамноправен член на општеството, па со тоа развојот и благосостојбата на целото општество ќе зависат од вас исто толку колку што ќе зависат од секој друг.

Едно од најзначајните права со коишто се стекнуваат граѓаните со наполнувањето 18 години е правото на глас, преку кое на индиректен начин (преку пратеникот во собранието, претседателот на државата, градоначалникот) учествувате во управувањето со Република Македонија.

**ПРАШАЊА 1:**

1. Дали се согласувате со решението полнолетност да се стекнува на 18 години? Образложете!
2. Правото да добиете лична карта и можноста да се вработите се некои од правата што можат да се здобијат и пред 18 години. Дали ваквите одредби се правилни? Зошто?

***Што е државјанин?***

Терминот **државјанство** се однесува на поврзаноста меѓу државата и лицето што живее во неа. Република Македонија подеднакво им ги гарантира правата на сопствените граѓани – лицата што имаат македонско државјанство. Државјанството го определува човекот како целосно рамноправна индивидуа, без оглед на неговото национално, верско, политичко или социјално определување.

Македонско државјанство ќе добие она лице чиишто родители (или барем еден од нив) поседуваат македонско државјанство (со потекло). Македонија дозволува едно лице да има и македонско државјанство и државјанство на некоја друга држава. Постојат држави што не го дозволуваат тоа.

**ПРАШАЊА 2:**

1. Дали знаете некое право што го имаат државјаните на Република Македонија, а не можат да го остваруваат странците што престојуваат во нашата држава?

Македонското државјанство се добива со потекло, односно треба барем еден од родителите на лицето да има македонско државјанство. Тоа значи дека не е важно каде е родено лицето, односно доколку некој се роди во Република Македонија, тој автоматски не се стекнува со државјанство на Република Македонија.

## 2.2. СЛОБОДА НА ГОВОРОТ

Граѓаните можат да го изразат правото на говор на различни начини и не е потребно регистрирање или дозвола за практикување на тоа право.

Една од најконтроверзните и најчувствителните теми во современото општество е правото на говор. Ова право е уште познато и како “срце на отвореното и демократското општество”. Граѓаните се чувствуваат слободно ако можат да комунцираат слободно во јавноста, без страв дека би можеле да бидат казнети за изразувањето на своите ставови. Дури и тогаш кога нивните ставови силно им се спротивставуваат и им противречат на владеачките гарнитури. Поради тоа, ова политичко право е втемелено во Уставот на Република Македонија, со што му е дадена највисока заштита.

Луѓето можат да го изразат своето право на говор на која било тема. Тие можат да ги изразат своите мисли, чувства или ставови на секое соодветно место, преку различни средства, и тоа:

- зборови;
- цртежи;
- симболи;
- фотографии;
- други форми.

Треба да се има предвид дека повикувањето на верска, национална, расна или друга омраза, не може да се подведе под слобода на говорот и тоа претставува кривично дело во Република Македонија. Со тоа не се ограничува слободата на говорот, туку се оневозможува злоупотребата на тоа право.

**ПРОБЛЕМ 1:**

Внимателно прочитајте ги дадените примери. Во кој од наведените случаи слободата на говор била правилно искористена, а во кој злоупотребена?

1. Ученик закупува рекламен простор во весник за да го критикува Наставничкиот совет на своето училиште;
2. Ученик оди во кино и за време на прикажувањето на филмот почнува да вика: ПОЖАР!!!, иако пожар нема. Кај гледачите се создава паника и почнуваат да го напуштаат киното, при што има и неколку повредени;
3. Ученик доаѓа на училиште со блуза на којашто има фотографија од гола жена;



**Член 16 од Уставот**

Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.
Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање институции за јавно информирање.

Се гарантира слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување информации.

Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање.

Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.
Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање.

Цензурата е забранета.

## СЛОБОДА НА ПЕЧАТОТ, ЦЕНЗУРА И МЕДИУМИ

Многу често луѓето ги користат медиумите за да ги искажат своите мисли и ставови. Терминот медиум ги опфаќа сите форми на јавно информирање и јавно изразување, како што се:

- весници;
- списанија;
- книги;
- радио;
- телевизија;
- интернет;
- филм.

Многу е значајно да се воспостави систем на силни и независни медиуми. Само независното новинарство може да им обезбеди на граѓаните различни информации и ставови за прашањата од јавен интерес. Поради тоа, нашиот Устав ги заштитува медиумите истовремено овозможувајќи слободно формирање институции за јавно информирање. И не само тоа, граѓаните имаат целосно слободен пристап до информацијата и преносот на таа информација.

## ПРАШАЊА 1:

1. Дали знаете какви видови медиуми постојат во нашата држава?
2. Дали верувате во нивната независност? Објаснете.

Цензурата се јавува кога власта ги испитува публикациите и произведените материјали и ги забранува доколку не одговараат на нејзините интереси. Тоа е мерка што најчесто се применува во недемократските општества, за елеминирање на гледиштата спротивни на оние од владеачките структури. Но, во современите демократски општества, цензурата е забранета.

Власта може да забрани пристап до одреден извор на информации што се однесуваат на јавната безбедност или на одбраната на државата. Тоа не значи дека се применува цензура. При вршењето цензура може да бидат вклучени и одговорните уредници на различни медиуми. Тие најчесто добиваат инструкции од власта, со која се во блиска соработка, и учествуваат во рестрикцијата на информациите.

Кога медиумите пренесуваат информација што сметате дека е поврзана со вашата личност, вие имате одредени права. Ако мислите дека се искажани лаги и дека можете да дадете попрецизна информација на таа тема, вие имате:
1. право на одговор;
2. право на исправка на информацијата.

Доколку ви се оневозможени овие права, можете да поведете судска постапка против медиумот.

## ПРОБЛЕМ 2:

Од доверливи извори дознаваме дека брачната двојка Бојана и Владо Павловски изградиле луксузна вила на брегот на Охридското Езеро, кај местото Св. Канео. Сопругот Владо Павловски е финансиски директор во фирмата МФГ. Изворите говорат дека во изградбата на вилата се користени средства на фирмата. Вработените бараат вилата да биде продадена, а од средствата добиени со продажбата да биде исплатен личен доход за последниот месец. Се зборува дека брачната двојка Павловски, инаку љубители на зимските спортови, минатата скијачка сезона ја поминале во Аспен (САД), заедно со своите два сина.

ПРАВО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

## 2.3. ПРАВО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер е едно од основните човекови права во модерните демократии, гарантирано со Универзалната декларација за човекови права на ООН. Во Македонија, правото на пристап до информации од јавен карактер се гарантира со Уставот и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

***Што е "информација од јавен карактер"? Кој е "имател" на информација од јавен карактер?***

Информација од јавен карактер е секоја информација што ја *создал* или ја *има (ја држи, располага со неа)* државен орган, органите на општините, јавните институции и установи, јавните претпријатија, или друго физичко или правно лице што врши јавни овластувања. Значи информација од јавен карактер е секоја информација со којашто располагаат овие органи, што законот со еден збор ги нарекува "иматели на информации". На пример, такви се: министерствата, судовите, јавните претпријатија како што е МРТВ, комуналните претпријатија, здравствените домови, Управата за јавни приходи, претпријатијата што вршат јавен превоз и сл. Овие иматели секоја година се објавуваат на листа од страна на Комисијата за заштита на податоци од јавен карактер.



***Кој е "барател" на информација од јавен карактер? Кој има право на пристап?***

Секој може да се јави како барател на информација од јавен карактер, без разлика дали е државјанин на Република Македонија или странец, или пак е лице без државјанство. Барателот не може

При поднесување на барањето, барателот не е должен да ги наведува причините поради кои ја бара информацијата, или за што таа ќе му служи. Потребно е да се наведе само дека се работи за барање на пристап до информации.

да биде дискриминиран врз основа на пол, раса, вера, политичко убедување, или на кој било друг начин. Право на пристап имаат и правните лица.

***Како се поднесува барањето и до кого?***

Барањето може да се поднесе ***усно, писмено и по електронски пат,*** на посебен формулар (кога се поднесува усно, одговорното лице ќе го заведе барањето со службена белешка). Притоа, органите не смеат да бараат да се платат никакви административни такси. Барателот го доставува барањето до ***службеното лице за посредување со информации,*** што исто така треба да му помага на барателот при остварувањето пристап до информациите.

При поднесувањето на барањето, барателот може да ја избере формата во која сака да ја добие информацијата (фотокопија, увид, препис, електронски запис). За овие услуги, барателот ќе треба да ги покрие реалните материјални трошоци што ги пропишува Министерството за финансии.

***Во кој рок треба да се добие информацијата?***

Имателите на информации треба да одговорат на барањето веднаш, а доколку не се во можност или е потребно повеќе време да се подготви информацијата, најдоцна во ***рок од 30 дена***. Кај исклучително комплицирани барања, овој рок може да биде продолжен за дополнителни 10 дена, меѓутоа за тоа барателот мора да биде претходно известен.

***Кога пристапот до информации може да биде одбиен или ограничен?***

Барањето за пристап до информации од јавен карактер може да биде одбиено само по исклучок и секогаш доколку постојат законски пропишани причини, и тоа:

1. информацијата е класифицирана како тајна;
2. би се повредила заштитата на личните податоци;
3. се работи за информација со чиешто откривање би се наштетило на кривична, прекршочна постапка;
4. се работи за заштита на здравјето на луѓето и животната средина;
5. ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост (мостра, патент, модел, жиг и слично);
6. би ја повредило доверливоста на даночната постапка;
7. кога информацијата се однесува на комерцијални или економски интере-

си и со нејзиното откривање би се нанеле штетни последици на монетарната и фискалната политика.

Дури и кога постојат овие причини, пристапот до информацијата ќе биде одобрен доколку со тоа се заштитува јавниот интерес.

***Што доколку барањето е одбиено или не е добиен никаков одговор?***

Доколку барањето е одбиено или барателот не добие никаков одговор и по истекот на 30-те дена предвидени за одговарање, секој има право да поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во ***рок од 15 дена***. Комисијата е должна да одлучи по жалбата, исто така, во рок од 15 дена. Доколку барателот не е задоволен ни со решението на Комисијата, може да поведе управен спор.

**Комисија за заштита на правото за**
**слободен пристап до информации од јавен карактер**

| | |
|---|---|
| адреса: | бул. Гоце Делчев 6б (зграда на МРТВ на 14-ти кат), 1000 Скопје |
| телефон: | 02 3127 453 |
| е-пошта: | sinf@sinf.gov.mk |
| веб-страница: | sinf.gov.mk |

## ПРОБЛЕМ 1:

Градоначалникот на една општина постојано патувал и тоа предизвикало голема загриженост кај граѓаните, поради трошоците поврзани со тие патувања. Тие сметале дека патувањата му одземаат премногу време и затоа не може да се занимава со решавање на локалните проблеми. Поради тоа, Тања отишла до општината да побара информација за тоа колку дена во претходната година градоначалникот бил отсутен поради службени патувања и колку тие патувања го чинеле општинскиот буџет, како и која е висината на платата на градоначалникот. Службеничка од кабинетот на градоначалникот, ѝ одговорила на Тања дека такви информации не може да ѝ бидат дадени. Затоа, Тања решила да го поднесе барањето писмено. Три дена откако барањето го испратила по пошта, на Тања ѝ се јавиле од општината да ја распрашуваат зошто ѝ требаат информациите. Тања не дала одговор на прашањата. По 40

дена Тања добила писмено известување од општината, во кое се вели: “Градоначалникот на општината патува исклучиво за службени потреби и трошоците за овие патувања се намирени согласно буџетот на општината и ставката *Патувања*. Вкупната потрошена сума е содржана во завршната сметка на општината за минатата година.

Платата на градоначалникот е утврдена согласно член 52 од Законот за локална самоуправа, што гласи: “платата и надоместоците на градоначалникот, како и надоместокот на членот на советот што го заменува градоначалникот, се уредуваат со закон”.

1. Дали сметате дека Тања добила одговор на барањето? Објаснете го своето мислење.
2. Дали службените лица смееле да ја распрашуваат Тања зошто ѝ се потребни бараните информации?
3. Што може Тања да направи во случај да не е задоволна од одговорот? Каде може да се обрати?
4. Како вие би решиле во случај Тања да поднесе жалба?

Фондацијата Институт отворено општество – Македонија, работи во оваа област и овозможува бесплатна правна помош на граѓаните на кои им е одбиено правото на пристап до информации од јавен карактер (преку отворена - бесплатна телефонска линија). Повеќе информации за проектот (анализи, прашања и одговори, документи, истражувања, корисни информации и линкови) може да се најдат на веб страницата www.spinfo.org.mk или www.foi.org.mk.

**Постапка за добивање информација од јавен карактер во Република Македонија**



## 2.4. ПРАВО НА ЈАВНО СОБИРАЊЕ

ПРАВО НА ЈАВНО СОБИРАЊЕ

### Штрајк, демонстрации и протести

Честа појава во современите општества е изразувањето одредени несогласувања на граѓаните со политиката што ја води или со одлуките што ги донесува власта. Своето незадоволство граѓаните можат да го изразат на најразлични начини, како на пример: преку јавно протестирање, индувидуално или групно писмено обраќање до органите на власта, со обраќање преку медиумите, со непочитување на донесените одлуки и на други начини. Овие форми се користат и за вршење притисок во насока на остварување на некое право или интерес.

***Што е јавен собир?***

Под јавен собир се подразбира собирање на повеќе од 20 луѓе на отворен или затворен простор, заради остварување забавни, културни, хуманитарни, верски, спортски или слични интереси на граѓаните, на коешто се изразува јавно мислење или протест.

Организаторите и учесниците на јавниот собир, треба да посветат особено внимание на следново:




- собирот да се одвива мирно и да не се наруши јавниот ред и безбедноста на граѓаните (на пример, не смее да се демолираат јавни објекти или да се употребува оружје);
- да не се ограничува слободата на движење на граѓаните што не учествуваат на јавниот собир (на пример, учесниците на јавниот собир не смеат да блокираат улица што претставува единствен пат на одредена група граѓани до нивните домови);
- да не се блокира пристапот на возилата на брза помош до болниците, да не се нарушува мирот на болните (на пример, група навивачи не смеат гласно да ја прославуваат победата на нивниот тим во близина на болница);
- собирот да не се организира и одвива

на автопатишта и на магистрални патишта, на начин со кој се загрозува сообраќајот (на пример, магистралните патишта не смеат да бидат блокирани со возила и со други предмети);

- собирот да не се организира и да не се одвива во близина на училишта и градинки во време кога учениците престојуваат во нив.

**ПРОБЛЕМ 1:**

Која од наведените ситуации претставува јавен собир, а која не? Зошто?

1. Православните верници секоја година масовно се собираат за да го прослават еден од своите најзначајни верски празници - Велигден. Верниците се собираат во и надвор од верските храмови, каде што ги вршат верските обреди.
2. На почетокот на секоја сезона, фудбалскиот клуб "Шкендија" организира еден отворен тренинг на којшто може да присуствуваат обожавателите на клубот. Оваа година, управата на клубот донесе одлука дека за отворениот тренинг ќе се наплатува влезница по симболична цена од 50 денари. На тренингот присуствуваа 60 гледачи што мирно го следеа истиот.
3. Рекреативниот ски-центар "Заре Лазаревски" во Маврово, во текот на зимската сезона го посетуваат голем број љубители на зимските спортови. Во текот на викендите овој центар го посетуваат 5.000 илјади гости, од кој дури 2.000 купуваат викенд-карти за користење на стазата и ски-лифтовите.

***Кога штрајкуваме, протестираме или демонстрираме?***

Во секојдневниот говор често се поистоветуваат термините штрајк, протест и демонстрација.

Под **штрајк** се подразбира јавно собирање на работниците заради остварување на некое работничко право што произлегува од законот, или од некои други прописи со коишто се регулирани работничките права. Значи, суштинска карактеристика на штрајковите е тоа што се однесуваат на работничките права.

**Протест** претставува јавен собир што се организира заради отворено изразување на мислење, одредено противење, односно подигнување на луѓето против некоја одлука, нечие однесување или пасивност и сл. Протестот е поблага форма на јавно собирање од демонстрациите.

Собир на повеќе од 20 луѓе, секогаш не претставува јавен собир. Така, јавни собири не претставуваат: верски обреди што се одржуваат во простории наменети за верски цели; вообичаени народни свечености (свадби, крштевки, матурски прослави); погребни поворки; тренинзи на спортски клубови; проби на театарски групи; состаноци, семинари и трибини на претставници на државни органи или други правни лица во вршење на надлежноста, собири на политички партии во затворени простории и сл.

Штрајкот, протестот и демонстрациите претставуваат видови на јавно собирање заради остварување различни цели.

Со **демонстрациите,** како вид на јавно собирање, се изложуваат, докажуваат или толкуваат одредени мислења и ставови на луѓето против властите. Демонстрациите се слика за незадоволството и револтот на оние што демонстрираат.

**ПРИМЕР 1:**

**Протестите на африканските Американци, 1955 година**

Во 1955 година, започна најзначајниот протест на африканските Американци насочен кон изедначувањето на правата на сите Американци, без разлика на нивната раса. "Бојкот на автобусите" беше протестот со кој африканските американци се спротивставија на тогашниот Закон за задолжително одвоено седење на белите и црните патници во јавниот автобуски превоз, откако афроамериканката Роса Паркс одби да стане од местото наменето за бели луѓе, по што беше уапсена. Протестот траеше нешто повеќе од една година, по што сообраќајното претпријатие се предаде, а Врховниот суд на САД го прогласи Законот за неуставен. Протестите завршија со триумф на достоинството на африканските Американци, а организаторот на протестите, Мартин Лутер Кинг, беше прифатен како национален херој и се афирмираше како лидер во борбата за еднакви граѓански права на африканските Американци.

**ПРОБЛЕМ 2:**

Во рамките на вашиот клас одберете една или неколку теми на коишто сметате дека треба да се направат одредени промени од страна на вашето училиште, општината, или некој друг државен орган.

По изборот на темата, размислете: (1) каде ќе го организирате протестот, односно демонстрациите; (2) дали за собирот ќе ја известите подрачната единица на Министерството за внатрешни работи и подгответе официјален допис доколку решите да ја известите; (3) дали ќе подготвите говор, транспаренти, или ќе изберете други средства преку коишто најдобро, а на мирен начин, ќе ја пренесете својата порака; (4) дали ќе ги повикате медиумите, на кој начин и дали ќе подготвите соопштение за медиумите што ќе дојдат на местото на собирот.

## 2.5. ПРАВО НА ИЗБОР И СЛОБОДА НА ЗДРУЖУВАЊЕ

### Здруженија на граѓани и политички партии

***Што е плурализам?***

Современиот човек носи повеќе одлуки во еден ден, отколку што пештерскиот човек носел во текот на целиот свој живот. Секоја индивидуа, односно секоја личност, во најголемиот број случаи има право на избор пред да го донесе решението. Правото на избор може да се оствари само ако постои плурализам (разновидност, повеќебројност) на идеи и мисли. Само со постоење на повеќе понуди, може да се обезбеди индивидуата да се чувствува слободно, охрабрено и сигурно. Од друга страна, тоа придонесува за создавање конкуренција на секое ниво. Правото на избор се остварува во различни области од човековиот живот, на пример:

*Политика*

1. Граѓаните можат да го остварат своето право на избор, доколку постојат неколку политички опции со различни гледишта.
2. Граѓаните можат (но не мораат) да бидат членови на некоја политичка партија или политичко движење, но можат истите и да ги напуштат и да се зачленат во други.

*Економија*

1. Постојат приватни и јавни претпријатија меѓу коишто постои пазарно натпреварување.
2. Индивидуата одлучува што ќе прави со своите пари, дали ќе ги инвестира, ќе ги штеди во банка, или ќе ги потроши.
3. Работниците ја нудат својата работна сила слободно на пазарот.

*Општествен живот*

1. Постојат повеќе весници, телевизиски канали и други форми на медиуми што ги пренесуваат информациите.
2. Граѓаните можат да избираат меѓу јавната и приватната медицинска установа.
3. Граѓаните можат да изберат како ќе го исполнат своето



слободно време: со посета на театар, кино, дискотека, кафе-бар, спортски натпревар, прошетка во природа итн.

**ПРАШАЊА 1:**

> Здруженијата будно ја следат работата на власта и се обидуваат на мирен и соодветен начин да ѝ укажат кога таа занемарува одредени проблеми, или донесува штетни одлуки.

- Дали некогаш сте биле во ситуација да не можете да бирате?
- Како реагиравте во таа ситуација?
- Како би реагирале следниот пат?

***Слобода на здружување и здруженија на граѓани***

Без животниот крвоток што произлегува од акцијата на граѓаните, демократијата слабее, а потоа и исчезнува, препуштајќи им го местото на недемократските системи. Оттука, современата демократија не може да опстојува и успешно да се развива без постоење разновидни облици на организирање и здружување на граѓаните.

Основен двигател на активностите на граѓаните се нивните интереси на социјален, морален, културен и политички план. Дел од овие интереси граѓаните ги задоволуваат сами како индивидуи, а еден дел со помош на разновидни асоцијации и здруженија. Со помош на овие облици, граѓаните меѓусебно се поврзуваат во остварувањето на сопствените интереси, со што нивното влијание станува посилно, а нивниот глас добива поширок простор. Токму затоа, сите здрави демократски општества се многу гласни општества, општества во коишто се слушаат различни гласови и спротивставени гледишта за многубројните прашања од јавен интерес.

> Слободата на здружување е загарантирана со Уставот на Република Македонјиа од 1991 година каде е наведено дека граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии.

***Здруженијата на граѓани*** претставуваат невладини, непрофитни организации во коишто граѓаните се здружуваат заради остварување и заштита на економски, социјални, културни, научни, стручни, технички, хуманитарни, образовни, спортски и други права, интереси и уверувања. Овие здруженија не смеат да остваруваат политички интереси преку своето дејствување. Преку својот статут, здруженијата го определуваат делокругот на својата надлежност, односно кон кои цели ќе го насочат своето дејствување. Постојат мноштво здруженија на граѓани што дејствуваат во различни области од општествениот живот. На едни, приоритет во дејствувањето им е зачувувањето на животната средина (разни еколошки организации и движења), на други - зачувувањето на културното наследство (играорни друштва, друштва на до-

машни ракотворби), на трети - квалитетното образование и добриот студентски стандард (здруженија на средношколци, сојузи на студенти) итн.

Преку веб-страницата на Македонскиот центар за меѓународна соработка (www.mcms.org.mk), може да се погледне електронската верзија на Адресарот на невладини организации во Република Македонија. Исто така, и на веб-страницата на манго (www.mango.org.mk) може да се видат веб-страници на повеќе невладини организации, фондации и нивни проекти, како и значајни ресурси, информации и податоци за основање невладини организации.

***Политичката партија*** може да се дефинира преку нејзините главни карактеристики:

- Постојан облик на политичко организирање на граѓаните;
- Има своја идеологија, изразена во посебна програма;
- Дејствува на целата државна територија;
- Се бори за освојување на власта на демократски начин.

Политичките партии настанува зарради потребата од посредување меѓу избирачкото тело и претставничките институции. "Партиите се деца на демократијата и општото избирачко право".

Политичките партии настанале при крајот на XVIII век. Самиот збор "партија" потекнува од францускиот збор "партир", што значи да се држи определена страна или нешто да се дели на повеќе делови.

### *Политички партии во Република Македонија*

Политичките партии се основен облик на политичко организирање во Република Македонија. Според Законот за политички партии, тие се определени како организирани групи на граѓани што се залагаат за учество во власта. Учеството во власта се остварува преку свои претставници во Собранието на Република Македонија, органите на локалната самоуправа (градоначалник и советници во Советот на општината) и преку Претседателот на државата.

### *Како и кој може да основа политичка партија?*

Политичка партија може да основаат најмалку 500 полнолетни граѓани-државјани на Република Македонија, со постојано живеалиште во Република Македонија. Член на политичка партија може да биде секој полнолетен граѓанин на Република Македонија што ќе даде изјава за доброволно членство во политичката партија. Исто така, и секој член може да истапи од членството во одредена политичка партија и по сопствен избор да одлучи дали ќе се приклучи на друга партија.

Политичка партија се основа на основачко собрание на коешто се донесува: одлука за основање, програма и статут, и се избираат нејзините раководни органи. Притоа, програмата, статутот и дејствувањето на политичката партија не смеат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок, кон поттикнување или повикување на воена агресија и разгорување национална, верска или расна омраза или нетрпеливост.

Политичката партија се запишува во судскиот регистар на политички партии што го води Апелациониот суд во Скопје. Од моментот на запишувањето, партијата добива својство на правно лице и започнува со својата работа и дејствување.

**ПРОБЛЕМ 1:**

Формирајте своја политичка парија. Напишете програма на таа парија, принципи за кои ќе се залагате и ставови што ќе ги застапувате.

1. Дали вашата партија ќе се обраќа само на одредена целна група, или пак на сите граѓани во Република Македонија?
2. Одредете 10 приоритети за кои ќе се залагате да бидат остварени доколку дојдете на власт?!

**Корисни веб-страници:**

- Фондација Институт отворено општество – Македонија www.soros.org.mk
- Македонски центар за меѓународна соработка www.mcic.org.mk
- Mango www.mango.org.mk
- Либерално-демократска партија – www.ldp.org.mk
- Либерална партија – www.lp.org.mk
- Лига за демократија – www.ligazademokratija.org.mk
- ВМРО-ДПМНЕ – www.vmro-dpmne.org.mk
- ВМРО-Народна партија – www.vmro-np.org.mk
- Нова социјал-демократска партија – www.nsdp.org.mk
- Демократска обнова на Македонија – www.dom.org.mk
- Демократска алтернатива – www.da.org.mk
- Демократски сојуз – www.demokratskisojuz.org.mk
- Демократска унија за интеграција – www.bdi.org.mk
- Демократска партија на Албанците – www.pdsh.org
- Социјал-демократски сојуз на Македонија – www.sdsm.org.mk

## 2.6. ИЗБОРИ И ПРАВО НА ГЛАС

***Што се тоа избори?***

Една од темелните вредности во Уставот на Република Македонија се слободните и демократските избори. Изборите им овозможуваат на граѓаните да гласаат и да одлучуваат за својата иднина. Демократијата претставува "владеење на народот", па оттука гласањето претставува морална, а не законска обврска на граѓаните на Република Македонија, за разлика од други држави во коишто гласањето претставува законска обврска за секој граѓанин (на пример, во Австралија негласањето парично се казнува). Граѓаните гласаат за да изберат претставници во власта. Тие веруваат дека со изборот на определена политичка партија или на одреден политичар, ќе влијаат врз начинот на кој одлучува власта и врз развојот на државата.

***Какви избори постојат?***

Сите граѓани што имаат право на глас (електорат), може да го остварат своето избирачко право на повеќе избори, и тоа:

1. Претседателски избори – се избира Претседателот на Република Македонија;
2. Парламентарни избори – се избираат пратениците во Собранието на Република Македонија;
3. Локални избори – се избираат градоначалниците и советниците во советите на општините и во Советот на градот Скопје.




Покрај овие избори каде што луѓето гласаат за политичка партија или за кандидат (што најчесто припаѓа на некоја политичка партија), има и случаи кога се гласа "за" или "против" некој предлог. Таквиот вид на гласање се вика **референдум.** Во нашата држава, на осми септември 1991 година, граѓаните излегоа да гласаат на референдум за самостојност и независност на државата, при што 95 проценти гласаа "за".

**ПРАШАЊА 1:**

1. Дали некогаш сте имале можност да гласате за нешто? Ако сте гласале, за што било тоа и како го сторивте тоа?
2. Зошто луѓето гласаат?

***Што е тоа избирачко право?***

Во нашата држава избирачкото право се гарантира како едно од политичките права на граѓанинот. Избирачкото право содржи:

1. *активно избирачко право* - активното избирачко право го опфаќа правото на секого да гласа. Ова право најчесто се врзува со определена возраст на граѓаните. Во нашата држава, ова право го стекнува секој граѓанин што наполнил 18 години.
2. *пасивно избирачко право* – го опфаќа правото на граѓанинот да се кандидира, односно да биде биран на некои избори. Во нашата земја, право на кандидатура за пратеник во Собранието, градоначалник, или член на советите во општините и на Советот на градот Скопје, се стекнува со наполнети 18 години. Меѓутоа, за кандидирање за Претседател на државата, лицето треба да има наполнети 40 години, како и да живее во државата најмалку 10 години во последните 15 години (на претседателските избори во 1999 година, поради неисполнување на овој услов на еден од кандидатите - Македонец што живее во Австралија, му беше одбиена кандидатурата за претседател).

Членот 22 од Уставот на Република Македонија предвидува дека секој граѓанин со наполнети 18 години живот се стекнува со избирачко право. Избирачкото право е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање. Избирачко право немаат лицата на кои им е одземена деловната способност.

***Право на проверка и исправка на избирачките списоци***

Сите граѓани што имаат избирачко право (со наполнети 18 години) треба да се впишани во Избирачкиот список. Затоа, многу е значајно во Избирачкиот список да бидат внесени сите лица што имаат наполнети 18 години, а да бидат избришани оние што немаат 18 години, оние што починале и оние што од други причини го загубиле своето избирачко право. Поради ова, граѓаните имаат право: (1) да бараат да бидат запишани во Избирачкиот список; (2) да бараат друго лице да биде внесено во Избирачкиот список; (3) да бараат друго лице да биде избришано од Избирачкиот список.

**ПРОБЛЕМ 1:**

Погледнете ја листата и според своето мислење кажете кој треба да гласа, а

кој не треба да гласа. Зошто?

а) мажи
б) жени
в) осудени криминалци
г) лица помлади од 21 година
д) ментално заостанати лица
ѓ) неписмени луѓе
е) лица постари од 90 години
ж) слепи лица
з) лица со завршено високо образование
ѕ) лица вработени во АРМ

Некои луѓе сметаат дека гласањето треба да стане граѓанска должност. Притоа секој што нема да гласа, поради тоа ќе биде казнет (на пример, парично). Дали се согласувате со ова? Објаснете го вашиот одговор.

***Кои се карактеристиките на избирачкото право?***

Во Република Македонија, избирачкото право се дефинира како:

*Општо* – сите оние што ги исполниле условите за добивање избирачко право, се здобиваат со него без разлика на полот, расата, националноста, вероисповедта, социјалниот и општествениот статус итн.

*Еднакво* – секој глас се вреднува еднакво, односно важи правилото: еден граѓанин - еден глас.

*Непосредно* – граѓаните својот глас го даваат непосредно, а не преку некој посредник. Граѓаните гласаат лично.

*Тајно* – се гарантира тајноста при гласањето. Никој нема право да знае за кого сте гласале, ниту пак вие имате обврска некому да му го кажете изборот што сте го направиле.

***Каков е текот на постапката на гласање?***

Постојат неколку фази во постапката на гласање што постојат заради обезбедување на слободни и демократски избори:

**Пред изборите** се врши проверка и исправка на Избирачкиот список и правата што гласачите ги имаат во тој контекст, се објаснети погоре во текстот.

**За време на гласањето**

1. Кога ќе стигнат на гласачкото место, гласачите им го покажуваат документот

Граѓаните можат да проверат дали се внесени во Избирачкиот список непосредно пред изборите, во подрачните единици на Министерството за правда на Република Македонија, или на интернет-страницата: www.izbirackispisok.gov.mk

Како при гласањето, така и по гласањето, односно за време на пребројувањето, дозволено е да присуствуваат набљудувачи (претставници на политички партии и меѓународни и домашни организации). Со ова се обезбедува објективност на изборниот процес.

за идентификација (важечка лична карта, или пасош) на членовите од Избирачкиот одбор. По извршената проверка на идентитетот, гласачот се потпишува во Избирачкиот список. Ова се прави за да се проверат имињата на гласачите и за да се обезбеди сите да гласаат само еднаш.
2. Потоа на гласачите им се дава гласачко ливче што тие внимателно го читаат, по што го заокружуваат *бројот* пред кандидатот или партијата за коишто сакаат да гласаат.
3. На сите гласачи им е обезбедена тајност при гласањето. Сите гласаат сами, зад паравани, и притоа никој не смее да им сугерира за кого да гласаат.
4. Гласачите ги уфрлуваат гласачките ливчиња во запечатени кутии.
5. Кога ќе истече времето за гласање, гласачките места официјално се затвораат.

По гласањето, гласачките кутии се отвораат за да се пребројат ливчињата. При пребројувањето, одредени ливчиња може да се прогласат за неважечки поради незаокружување, заокружување повеќе кандидати, заокружување допишани кандидати и слични неправилности.

Целокупната постапка околу пребројувањето на гласачките ливчиња и резултатите добиени од истата, се евидентираат во Записник што се должни да го потпишат сите членови на Избирачкиот одбор.

Сите записници се испраќаат до Државната изборна комисија (ДИК), што е единствениот орган овластен да ги соопшти резултатите од гласањето.

Државната изборна комисија е составена од седум членови (претседател, заменитк претседател и пет членови) што се избираат од страна на Собранието на Република Македонија со мандат од пет години и право на реизбор. Оваа Комисија, заедно со својата стручна служба, се грижи за: регуларно и законито спроведување на изборите; ги појаснува одредбите на законот за прашања поврзани со изборите; ги потврдува и објавува листите на кандидати за избор на претседател и за избор на пратеници; спроведува едукација на членовите на изборните комисии; ги утврдува квалитетот формата, бројот и сериските броеви на гласачките ливчиња; ја едуцира јавноста за начинот на гласање и остварување на избирачкото право; ги сумира резултатите од гласањето; ги објавува прврчните и конечните резултати од гласањето на изборите итн. Официјалната веб страница на оваа Комисија е www.dik.mk .

## 2.7. ЗЛОУПОТРЕБА НА ВЛАСТА И КОРУПЦИЈА

### ПРОБЛЕМ 1:

од Платоновиот КРИТОН, исечок
сцена: затворска ќелија

Додека Сократ го чека часот на својата егзекуција, неговиот добар пријател Критон го посетува.
Сократ: Критоне, зошто доаѓаш толку рано? Колку е часот?
Критон: Сонцето штотуку изгреа.
Сократ: Чудно е што те пуштиле да влезеш.
Критон: Бев вчудовиден од тоа колку спокојно спиеш, имајќи предвид дека си осуден на смрт.
Сократ: На мои години умирањето не изгледа толку лошо. Критоне, зошто дојде?
Критон: Дојдов да те убедам да го прифатиш мојот совет и да побегнеш од тука додека сè уште можеш. Ако не сакаш тоа да го направиш за себе, направи го за мене. Ако ти умреш, јас ќе го изгубам својот најдобар пријател, а луѓето ќе ме обвинуваат дека не сум те спасил.
Сократ: Зошто се грижиш што луѓето ќе кажат?
Критон: Сократе, ти тоа најдобро го знаеш откако мислењето на мнозинството те проколна на смрт. Немој да си загрижен дека твоите пријатели можат да западнат во незгода ако ти помагаат. Ќе немаме никаков проблем да ги подмитиме вистинските луѓе. Ти само согласи се и ние ќе те однесеме таму каде што ќе бидеш безбеден. Слушај ме Сократе, не можеш да ги предадеш своите пријатели, своите деца и самиот себеси, оставајќи се да умреш, кога можеш чесно да се спасиш.
Сократ: Критоне, ти си добар пријател, но јас не го гледам тоа на ист начин како тебе. Не се грижам за мислењето



на мнозинството, дури и кога можат да ме убијат.
Критон: Но, Сократе, не се однесува на тоа.
Сократ: Можеби, но тоа не може да биде причината јас да побегнам. Морам да знам дали сум исправен доколку побегнам. Критоне, ќе ми помогнеш да размислам околу ова?
Критон: Ќе се потрудам.
Сократ: Се согласуваш со мене кога велам дека не треба да бидеме неправедни?
Критон: Да, секако.
Сократ: Ако некој нè повреди, дали би требало да му вратиме со повреда?
Критон: Не.
Сократ: Тогаш не треба на лошото да му вратиме со лошо?
Критон: Не.
Сократ: Досега се согласивме со сè. Но, повеќето луѓе не би се согласиле со тоа.
Критон: Тоа е вистина.
Сократ: Тогаш, изгледа дека не треба да го правиме тоа што луѓето го сакаат, туку тоа за што веруваме дека е исправно. Дали би се согласил со тоа, пријателу мој?
Критон: Да, треба да го правиме тоа што мислиме дека е исправно.
Сократ: Тогаш, дали е исправно да бегам, спротивно на заповедта на законот на Атина?
Критон: Не знам, претпоставувам дека зависи од тоа дали е праведен законот и дали е правична пресудата, за коишто ти знаеш дека не беа.
Сократ: Тогаш, кој би бил резултатот ако луѓето сами си одлучуваат на кои закони ќе им се покоруваат, а на кои нема?
Критон: Но пресудата е сè уште неправедна.
Сократ: Добро, тогаш што со нашето правило дека е погрешно да се враќа на лошото со повеќе лошо? Дали би сакал да ја уништам мојата земја за да се одмаздам? Покрај тоа, кога се согласив да живеам тука во Атина и да ги користам нејзините закони, се согласив дека ќе се придржувам до нив. Јасно склучив пакт со законите на Атина и не можам против својот завет. Ќе им се покорам на законите и со задоволство ќе ја прифатам својата судбина.

Критон останал без зборови. Како што судбинскиот момент се приближувал, пријателите пристигнувале да бидат со Сократ сè до крајот. Наеднаш чуварот

на затворот се појавил со чаша полна отров. Му ја дал на Сократ, кој спокојно ја испил.
Сократ: Критоне, му должам кокошка на Аскепуис, ќе запомниш ли да го платиш долгот?
Критон: Долгот ќе биде платен. Има уште нешто друго?
На ова прашање немаше одговор.

Во земјите за кои се вели дека се демократски, граѓаните се тие што владеат со државата. Тоа владеење се манифестира така што граѓаните избираат свои **претставници во државните органи** и ним им ги пренесуваат своите права во однос на директното управување со државата. На тој начин, претставниците на граѓаните во државните органи се здобиваат со одредена власт или моќ.

Во извршувањето на т.н. "јавни работи" и во задоволувањето на потребите од секојдневниот живот на граѓаните, покрај државните органи, се јавуваат и јавните претпријатија, службите и установите. Во своето секојдневно работење, овие установи располагаат со извесен степен на власт. Сите овие субјекти на коишто народот им дал моќ да владеат со државата во негово име, треба таа моќ да ја користат во позитивна насока. Тоа значи дека функцијата треба да ја вршат во согласност со законите и со Уставот. Примери за практицирање на власта во *позитивна насока* се: лишувањето од слобода на некој криминалец од страна на полицијата, со цел да се заштитат граѓаните од неговите злодела, или собирањето данок од страна на државата, со цел да се обезбедат средства за образование на младината. Користењето на власта во *негативна насока* се вика **злоупотреба на власта**.

До злоупотреба на власта доаѓа кога службениците во државните органи не постапуваат во согласност со овластувањата дадени во Уставот и законите.

Еден вид на злоупотреба на власта е <u>корупцијата.</u> Пример за постоење на корупција е кога државен службеник чија должност е да издаде дозвола, бара нему лично да му биде исплатена определена сума на пари, за да ја издаде дозволата. Друг вид на злоупотреба на власта е <u>насилството од страна на државата</u>. На пример, полицаец запира луѓе на улица и употребува физичка сила кога тие одбиваат да одговорат на некое негово прашање.

Со цел да се зајакне борбата против корупцијата, во април 2002 година, Собранието на Република Македонија донесе Закон за спречување на корупција-

та, врз основа на којшто на 12 ноември 2002 година, беше формирана Државната комисија за спречување на корупцијата во Република Македонија, кога Собранието на Република Македонија ги именува нејзините членови.

***Што се подразбира под корупција?***

Во смисла на Законот за спречување на корупција, под корупција се подразбира искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба, за остварување на каква било корист за себе или за друг.

***Кои се надлежностите на Државната комисија?***

Државната комисија има надлежност да ги утврдува мерките за спречување на корупцијата во политиката и во вршењето јавни овластувања, како и мерките за спречување на судирот на интереси.

***Кој и како може да се обрати до Државната комисија?***

Секој граѓанин има право да спречи или да пријави постапка што претставува злоупотреба на вршење на јавни и други функции и должности, при што се остварува лична корист, или се нанесува штета. Своите претставки граѓаните ги доставуваат во писмена форма, во архивата на Државната комисија, или на адреса:

Државна комисија за спречување на корупцијата
ГТЦ, II кат, 1000 Скопје, Република Македонија

| | |
|---|---|
| Тел.: | +389 2 3215 377 |
| Факс: | +389 2 3215 3800 |
| e-mail: | dksk@dksk.org.mk |
| Веб страница: | www.dksk.org.mk |

## 2.8. ПРАВАТА НА СТУДЕНТИТЕ

По завршувањето на средното училиште, најголемиот дел од средношколците се решаваат да ја продолжат својата стручна надградба и се запишуваат на високообразовните институции. Од 19.694 матуранти во учебната 2005/06, дури 12.921 се запишале во прва година на некоја од високообразовните институции во Република Македонија. Поради овој факт, потребно е средношколците навремено да се запознаат со бројните права и обврски што ќе ги имаат како студенти. Познавањето на своите права, во голема мера ја олеснува комуникацијата на новиот студент со сите административни, научни и студентски тела на високообразовните институции, а со тоа се олеснува и вклопувањето на студентот во новата средина.

Студент, а со тоа и член на академската заедница, се станува со запишување на дипломски, постдипломски или докторски студии на одреден факултет. При самото запишување, студентот добива индекс и студентска легитимација, што ќе му служат како основна идентификација на неговиот студентски статус.

***Кои права ги имаат студентите?***

Секој студент има право и обврска да учествува во остварувањето на студентските програми и програмите за наставните предмети, да ги користи формите и средствата со коишто тие се остваруваат (на пример: предавања, вежби, испити, семинарски, есеи итн.), да придонесува за угледот на факултетот, како и да учествува во органите на управување (на пример: наставно-научен совет, сојуз на студенти итн.).

Со цел успешно да се организира и поедностави студирањето, како и да се обезбеди лесно прилагодување на студентот во новата средина, Законот за високо образование и статутите на високообразовнитеустанови пропишуваат бројни права на студентите. Меѓу нив се најзначајни:

- редовното студирање и статусот на редовен студент, како и правото на вонредно студирање и ста-



тусот на вонреден студент;

- запишувањето и образованието под еднакви услови за сите;
- изборот на свои претставници во органите на факултетот;
- формирањето свои студентски организации преку кои ќе расправаат и ќе одлучуваат за сите прашања што се однесуваат на нивното студирање.

***Кои се редовни, а кои вонредни студенти?***

Додипломските студии на факултетите се организираат како редовни. Преку таквиот вид на студии, на студентите им се овозможува: редовно организирана настава што ја спроведуваат професорите; полагање на испитите на повеќе делови, со што значително им се олеснува студирањето; изработка на разни домашни работи (семинарски) и есеи, преку кои добиваат дополнителни поени при дефинирањето на завршната оценка по одреден предмет.

На факултетот, по исклучок, може да се организираат и студии за вонредни студенти. На таквиот вид студии може да се запише студент што ги исполнува условите за запишување како редовен студент и има засновано работен однос, или постојат одредени причини што оневозможуваат редовно следење на наставата, како што се потешка долготрајна болест, инвалидитет, отсуство од земјата, истовремено студирање и на друг факултет итн.

***Што е Европски кредит трансфер систем - ЕКТС?***

Европскиот кредит трансфер систем е нов начин на студирање по европски стандарди, што неодамна е воведен на нашите факултети. Преку овој вид на студии се овозможува:

- зголемена мобилност на студентот на институционално, национално и меѓународно ниво;
- прецизен увид во обемот на работата на студентот;
- перманентно (редовно) следење на напредокот на студентот, според резултатите од учењето;
- објективност и непристрасност во оценувањето и признавање на резултатите од студирањето;
- остварување компатибилност на студиските програми на институционално, национално и меѓународно ниво (студирање по програми како во земјите од ЕУ);
- непречено пренесување на постигнувањата на студентот од една во друга институција;

- зголемена индивидуализација (самостојност) во текот на студирањето;
- создавање основи за остварување на концептот на доживотно учење.

Европскиот кредит трансфер систем се заснова на употребата на кредити, како мерка за оптовареноста на студентот. Бројот на кредити за една студиска година, се определува врз основа на посетувањето на предавањата, извршените консултации, успешно реализираните вежби и практична работа, изработката на семинарски работи, теренската работа, самостојната/домашната работа, менторството на други студенти, изработените или реализираните проекти, различните видови студентски активности итн. Бројот на кредити за секоја предметна програма го утврдува самиот факултет.

**ПРИМЕР 1:**

За да станете дипломиран правник, Правниот факултет “Јустинијан Први” определува дека треба да “освоите” односно да исполните 180 кредити во текот на 6 семестри (3 години). Еве како се распределени кредитите во прва година на правните студии на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”: Вовед во право - 7; Историја на право - 7; Социологија на право - 7; Економика - 7; Римско право - 7; Уставно право - 8; Граѓанско право (општ дел) - 4; Стварно право - 4 и Информатика - 6 кредити.

### ***Што е Студентски правобранител?***

Студентскиот правобранител е овластен орган за заштита на правата на студентите, којшто се избира од редовите на наставно-научните работници (професори, доценти, асистенти) од областа на правните работи. Студентскиот правобранител како институција е воведен на два државни универзитета - во “Св.Кирил и Методиј” во Скопје и “Св. Климент Охридски” во Битола.

Студентот (студентите) чии права се повредени може да поднесе барање до студентскиот правобранител, лично или преку овластено лице (родител, адвокат). Барањето може да се поднесе усно и писмено, со таа разлика што усното барање во рок од 10 дена мора да биде поднесено и писмено. Барањето треба да ги содржи:
- личните податоци на подносителот;
- околностите, фактите и доказите врз коишто се темели барањето;
- лицето на коешто се однесува барањето – повреда на правата.

Писменото барање може да биде и одбиено, доколку по таквото барање веќе е постапувано, доколку барањето е поднесено од неовластено лице, доколку таквото барање не е во надлежност на студентскиот правобранител, или за него е во тек постапка пред судските органи.

Доколку Студентскиот правобранител смета дека постојат индикации дека е сторена повреда на некое право, тој е должен:

- од деканот (директорот) да побара појаснување, изјаснување и дополнителни информации за повредата наведена во барањето;
- да изврши увид во документацијата што е во врска со барањето.

Деканот (директорот) е должен да постапи по барањето на Студентскиот правобранител, во рок од 8 до 30 дена. Ако Студентскиот правобранител констатира повреда, тогаш составува извештај со констатација за утврдената состојба и дава препорака до соодветната високообразовна институција, за преземање соодветни мерки за отстранување на повредата.

Доколку деканот не постапи по препораката на студентскиот правобранител во предвидениот рок, тогаш Студентскиот правобранител ги известува органите на универзитетот во чиј состав се наоѓа и посочениот факултет, и го објавува случајот во јавното гласило на универзитетот. Доколку, пак, Студентскиот правобранител не констатира повреда, составува извештај со констатации за утврдената состојба и го доставува до барателот и соодветната странка.




* на факултетот каде е сторена повредата



КРИВИЧНО ПРАВО

# КРИВИЧНО ПРАВО

## УЧИМЕ ПРАВО / ГЛАВА 3



# 3.1. ШТО Е КРИВИЧНО ДЕЛО?

ШТО Е КРИВИЧНО ДЕЛО?

Секој човек е должен сопственото однесување да го прилагоди кон општествените норми на живеење, што подразбира целосно почитување на правните правила. Кога не би постоеле правилата, светот во којшто живееме воопшто не би изгледал вака. Ако човековото поведение не е регулирано со правила, постои опасност да завладее општ хаос. Секој би се однесувал онака како што му одговара нему лично. Меѓутоа, правилата отсекогаш биле прекршувани од страна на луѓето. Со цел да се определи што е дозволено а што не е, кривичните закони содржат посебни одредби и за секое недозволено однесување пропишуваат соодветни санкции.

Извршителот на кривично дело не е “роден криминалец”, туку тоа може да биде секое лице.

Кривично дело постои кога некое лице со своето поведение ќе го прекрши законот. Тоа е поведение за коешто општеството предвидува санкција. Таквото поведение не смее да остане несанкционирано, бидејќи ја нарушува општествената хармонија.

Постојат голем број кривични дела. Кривични дела не се само убиството и кражбата, туку и затајувањето на данокот, нелегалниот абортус, пуштањето во промет чек без покритие итн. Во теоријата, но и во кривичните закони, најчесто може да се најде следната дефиниција за кривично дело:



”Кривично дело е човеково поведение што е опасно за општеството и со коешто се повредува кривично-правната норма и за коешто е предвидена санкција за кривично-одговорниот сторител.”

***Елементи на кривичното дело***

1. Денес, **сторител** на кривично дело може да биде секое физичко (граѓанин) и правно (фирма, установа, организација) лице. Во средниот век, во определени држави и животните се сметале за сторители на кривични дела.
2. Бројот на **добрата** (општествените вредности) **што можат да бидат загрозени** е голем. Незаконското поведение на човекот може да биде

насочено против животот, имотот, државниот и уставниот поредок, сè до најновите дела од областа на “компјутерскиот криминал” или еколошкиот криминал. Кои општествени вредности ќе бидат заштитени е различно регулирано во државите и зависи од традицијата на населението, но и од ставовите на власта.

3. Кога некое човеково поведение ќе биде пропишано како кривично дело, тогаш задолжително се предвидува и **санкција**. Видот на санкцијата е различен (казни, алтернативни мерки, мерки за безбедност итн.). Една од најстрогите санкции е затворската казна. Нејзиното траење е различно и зависи од ставот на општеството кон определено кривично дело. За најтешките форми на кривични дела, нашиот Кривичен законик предвидува доживотен затвор.

**ПРОБЛЕМ 1:**

Замислете дека сте законодавец. Која од следниве постапки би ги забраниле со закон? Рангирајте ги според нивната тежина!

- Зоран продава кокаин за да ја издржува својата мајка, која е невработена и болна.
- Наташа се вози во автомобил за којшто знае дека е украден, но не учествувала во неговата кражба.
- Лила наоѓа паричник и зема 1000 денари од него.
- Кемал е продавач на половни автомобили и го враќа километражникот на секој автомобил пред да го продаде.
- Јана е фатена со 5 грама марихуана.
- Бошко врши вооружена кражба на продавница.
- Елена излегува од продавница со кусур од 500 денари, иако на продавачот му дала само 100 денари.
- Калина се занимава со проституција.
- Фикрет не носи кацига кога вози мотор.
- Топилницата ја загадува реката со отровниот отпаден материјал што го испушта во неа.
- Маргица вози брзо во пијана состојба и удира дете.
- Есма ја гледа другарка си како краде во продавница, и не ја пријавува.

### ***Видови кривични дела***

Постојат најразлични критериуми врз основа на коишто се врши поделба на кривичните дела. Еден од критериумите тргнува од **тежината на инкриминираното дејствие**. Врз основа на овој критериум постојат:

- кривични дела;
- прекршоци.

Дисциплинската одговорност значи повреда на интерните правила на едно правно лице (фирма, здружение на граѓани, образовна установа, јавно претпријатие итн.), што пропишува посебна дисциплинска постапка и утврдува дисциплински мерки за секој вработен којшто ќе ги повреди правилата. Може да бидат изречени следниве дисциплински мерки: опомена, намалување на платата за определен период, суспензија од работното место, или престанување на работниот однос. На пример, доколку некоја фирма што пропишува дека вработените смеат да користат по 1 час пауза секој ден, утврди дека во последната година некој од вработените го злоупотребил ова право, користејќи  во просек по 1 час и 45 минути, во согласност со правилата на фирмата, интерната дисплинска комисија може да му изрече на вработениот една од споменатите дисциплински мерки.

Друг критериум што често се користи, тргнува од тоа **каква општествена вредност се повредува**. Па така, постојат дела против:

- животот и телото;
- имотот;
- слободите и правата на човекот и граѓанинот;
- државата;
- човечноста и меѓународното право;
- изборите и гласањето;
- работните односи;
- честа и угледот;
- половата слобода и половиот морал;
- безбедноста во јавниот  сообраќај;
- здравјето на луѓето;
- животната средина;
- бракот, семејството и младината;
- вооружените сили;
- службената должност;
- јавниот ред.

## ПРОБЛЕМ 2:

Прочитајте ги следниве кривични дела и групирајте ги според тоа каква општествена вредност се повредува – какво кривично дело претставуваат. На пример, Дарко на локалните избори гласал два пати. Тоа претставува кривично дело против изборите и гласањето.

| Поведение | Поврзи! | Кривично дело против: |
|---|---|---|
| Весна работи како благајник во една фирма и краде од благајната. | ⇒ | ⇐ животот и телото |
| Мирко врши притисок врз гласачите пред изборното место за време на гласањето. | ⇒ | ⇐ имотот |
| Амди крши знак на кој пишува “СТОП”. | ⇒ | ⇐ слободите и правата на човекот и граѓанинот |
| При породувањето, Нада го лишува од живот своето дете. | ⇒ | ⇐ државата |
| Терористичка група подметнува бомба во Парламентот. | ⇒ | ⇐ човечноста и меѓународното право |
| Петре, сопственик на фабрика, не им дава одмор на вработените. | ⇒ | ⇐ изборите и гласањето |
| Владимир дава изјава во весник дека неговиот сосед Петар е виновен за грабеж на трафика, а не дава докази. | ⇒ | ⇐ работните односи |
| Сотир ја силува Персида. | ⇒ | ⇐ честа и угледот |
| Армиски генерал издава наредба за масовно погубување на 100 луѓе. | ⇒ | ⇐ половата слобода и половиот морал |
| Рамиз ги лекува луѓето заболени од мигрена и ишијас, иако нема соодветна стручна подготовка. | ⇒ | ⇐ безбедноста во јавниот сообраќај |
| Александар работи како бармен во еден кафе-бар и точи алкохолни пијалоци на малолетни лица. | ⇒ | ⇐ здравјето на луѓето |
| Лазе го напаѓа полицаецот што се обидува да го легитимира. | ⇒ | ⇐ животната средина |
| Ана соопштува строго чувана државна тајна на странска држава. | ⇒ | ⇐ бракот, семејството и младината |
| Алија го напаѓа продавачот и ги одзема сите пари од касата. | ⇒ | ⇐ вооружените сили |
| Воен старешина го малтретира својот потчинет колега. | ⇒ | ⇐ службената должност |
| | | ⇐ јавниот ред |

## 3.2. КРИВИЧНИ САНКЦИИ

За секое пропишано кривично дело постои точно определена кривична санкција. Во секојдневниот говор луѓето го користат терминот казна. Притоа многумина од нив имаат погрешна или нејасна претстава за тоа што означува тој термин. Честопати се мешаат и се поистоветуваат термините **казна** и **санкција**. Иако овие два термина се блиски и меѓусебно зависни, не се идентични. **Казните се само еден вид кривична санкција**. Кај нас, покрај казните постојат уште три вида санкции:

- алтернативни мерки;
- мерки за безбедност;
- воспитни мерки.

> "Кривичната санкција не може да биде мерена во килограми или во метри"
> -Фери-

### *Што е казна?*

Казната е најстариот и најзастапениот вид кривична санкција. На почетокот казната претставувала одмазда за стореното зло. Со текот на времето, причината за казнување се менувала во насока на сè поголема грижа за сторителот и причините што довеле до сторување на делото. Така, според членот 32 од Кривичниот законик на Република Македонија што се однесува на целта на казнувањето, покрај остварувањето на правдата, цел на казнувањето е и:

1. спречување на сторителот да врши кривични дела и негово превоспитување;
2. воспитно влијание врз другите да не вршат кривични дела.



Во нашиот систем постојат следните казни:

- казна затвор;
- парична казна;
- забрана за вршење професија, дејност или должност;
- забрана за управување со моторно возило;
- протерување странец од земјата.

**ПРОБЛЕМ 1:**

Управувајќи го своето возило "Сканија" во пијана состојба, лицето И.Ј. изгубило контрола врз

возилото, коешто се превртело и преминало во спротивната лента, при што се судрило со друго возило и на самото место го усмртило возачот. Лицето И.Ј. е осудено на 4 години казна затвор за сторено кривично дело: тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот. Бидејќи И.Ј. е професионален возач, истовремено му е изречена забрана за управување со моторно возило во времетраење од 4 години и забрана за вршење на професијата во времетраење од 6 години.

***Кривичен законик на Република Македонија***

Член 297

1. Учесник во сообраќај на јавните патишта што нема да се придржува кон прописите и со тоа ќе го загрози јавниот сообраќај, така што ќе ги доведе во опасност животот или телото на луѓето или имотот од значителен обем, па поради тоа некое лице телесно ќе биде повредено или ќе настапи значителна имотна штета, ќе се казни со парична казна или со затвор во времетраење до три години.
2. Тој што нема да се придржува кон прописите за безбедност во автобуски, железнички, воздушен или бродски сообраќај, сообраќај со жичари или сообраќај со други средства за масовен јавен превоз и со тоа ќе предизвика опасност за животот и телото на луѓето или за имотот од значителен обем, ќе се казни со затвор во времетраење од 6 месеци до 5 години.
3. Тој што делото од ставовите 1 и 2 ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор во времетраење до 1 година.

Член 300

1. Ако поради делото од членот 297 - ставови 1 и 2, членот 298 - став 1 и членот 299 - ставови 1 и 2, некое лице е тешко телесно повредено или настапи имотна штета од голем обем, сторителот ќе се казни со затвор во времетраење од 1 до 10 години.
2. Ако поради делото од членовите 297 - ставови 1 и 2, 298 - став 1 и 299 - ставови 1 и 2, настапи смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор во времетраење од најмалку 4 години.
3. Ако поради делото од членовите 297 - став 3, 298 - став 2 и 299 - став 3, настапи тешка телесна повреда на некое лице или имотна штета од голем обем, сторителот ќе се казни со затвор во времетраење од три месеци до три години.
4. Ако поради делото од членовите 297 - став 3, 298 - став 2 и 299 - став 3,

настапи смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор во времетраење од 1 до 5 години.

1. Врз основа на кои од наведените членови на Кривичниот законик сметате дека му биле изречени гореспоменатите санкции на лицето И.Ј. ?

***Што се алтернативни мерки?***

Алтернативните мерки уште се нарекуваат и "вонзатворски" или "парапенални". Терминот "парапенални" потекнува од спојувањето на старогрчките зборови "пара" - што значи промена, преобразба и спротивставување, и "пенал" - што значи казна. "Вонзатворски" значи дека казнувањето се одвива на слобода, без затворање и изолација. Со нивното спојување се добива поим што означува стремеж за поинаков вид казна - казнување без затворање, а со цел за поправање, односно превоспитување на сторителот на определено полесно кривично дело.

***Кои се алтернативните мерки?***

- Условна осуда;
- Условна осуда со заштитен надзор;
- Судска опомена;
- Куќен затвор;
- Условно прекинување на кривичната постапка;
- Општо корисна работа.

Целта на овие мерки е да не се примени казна за полесните кривични дела, кога тоа не е нужно. Тие се изрекуваат кога може да се очекува дека врз сторителот воспитно ќе влијае предупредувањето со закана од казна (условна осуда), или самото предупредување (судска опомена).

**Условна осуда** е алтернативна мерка со којашто судот му ја утврдува казната на сторителот и истовремено го одложува нејзиното извршување, под услов сторителот во одреден временски период (што не може да биде пократок од 1 година, ниту подолг од 5 години) да не стори ново кривично дело.

**Условна осуда со заштитен надзор** се изрекува кога судот ќе утврди дека целта на казнувањето ќе се исполни само доколку во рамките на времето за проверка, на сторителот му се определат посебни обврски, забрани или ограничувања, како што е обврската да се оспособи или преквалификува за да може да се вработи, да ги исполнува обврските за издржување на

семејството, непосетувањето определени локали, забраната да се дружи со лица што според оценката на судот негативно влијаат врз него и сл.

**Судската опомена** се изрекува за кривични дела за кои е пропишана казна затвор до една година или парична казна, а се сторени под олеснителни околности што ги прават особено лесни. При изрекувањето на овие казни, судот ги зема предвид: личноста на сторителот, неговиот поранешен живот, однесувањето по извршувањето на кривичното дело, неговата одговорност и други околности.

**Условно прекинување** на кривичната постапка е алтернативна мерка што може да се изрече за кривично дело за кое е пропишана парична казна или затвор до една година, доколку постои согласност од оштетениот. Прекинувањето може да трае најдолго до една година и доколку сторителот не стори кривично дело постапката се запира.

**Куќен затвор** се изрекува на сторители на кривични дела за кои е пропишана казна до една година затвор или парична казна, а чии сторители се стари, изнемоштени, тешко болни лица, или бремени жени чијашто состојба бара посебни услови или нега. Над ваквиот вид алтернативна мерка, надзор врши судот.

**Општокорисна работа** може да му биде одредена на сторителот на кривично дело за кое е пропишана казна затвор до 3 години или парична казна, ако сторителот се согласи со тоа. Посебен услов за изрекување на оваа мерка е делото да било извршено под олеснителни околности и неговиот сторител да не бил претходно осудуван. Мерката се одредува во работни часови (најмалку 40, а најмногу 240) и може да трае најдолго една година. За извршената работа на осудениот не му следува надомест.

### ***Шт̄о се мерки на безбеднос̄т?***

Мерките на безбедност се преземаат со цел да се отстранат состојбите или условите што биле причина едно лице да стори кривично дело, односно може да придонесат сторителите и во иднина да вршат кривични дела. Мерките на безбедност имаат медицински карактер со определен третман, односно лекување. Мерките на безбедност според Кривичниот законик на Република Македонија се:

- задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа;
- задолжително психијатриско лекување на слобода;

- задолжително лекување алкохоличари и наркомани.

***Што се воспитни мерки?***

Воспитни мерки се кривични санкции наменети само за малолетници. Како што посочува нивното име, целта на овие мерки е пред сè воспитно да влијаат врз малолетните сторители на кривични дела. Постојат три вида воспитни мерки, и тоа:

- дисциплински мерки;
- мерки на засилен надзор;
- заводски мерки.

За воспитните мерки подетално се зборува во делот "Малолетничка делинквенција".

## ПРОБЛЕМ 2:

Во основното училиште "Јордан Хаџи-Константинов-Џинот", мандолинската секција е мошне активна. Таа неколку години наназад постигнува успеси на регионалните натпревари. Наставникот Н.М. студира на Музичката академија, а хонорарно ја води мандолинската секција во училиштето. Учениците од мандолинската секција вежбаат во неговиот кабинет. Група малолетни ученици (од 10 до 12 години) се жалат дека се сексуално малтретирани од страна на наставникот Н.М. Се поведува постапка против наставникот Н.М., при што се докажува дека тој е виновен. Во постапката кај него се открива привремена душевна растроеност, при што неговата пресметливост е битно намалена.

***Кривичниот законик на Република Македонија***

Член 12

... 2. Сторителот на кривично дело чија способност да го сфати своето дело и да управува со своите постапки била битно намалена, може да се казни поблаго (битно намалена пресметливост).

Член 63

На сторител што сторил кривично дело во состојба на непресметливост или на битно намалена пресметливост, судот ќе му изрече задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, ако утврди дека поради таа состојба повторно може да стори кривично дело и дека за отстранување на таа опасност е потребно негово лекување и чување во таква установа.

Член 66

Судот може на сторителот на кривично дело да му забрани вршење определена професија или самостојна дејност, доколку ја злоупотребил својата положба заради извршување кривично дело и доколку оправдано може да се очекува дека вршењето на таквата дејност ќе ја злоупотреби за вршење кривични дела.

Член 186

Оној што ќе присили на обљуба друго лице, со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело, или врз животот и телото на нему блиски лица, ќе се казни со затвор во времетраење од 1 до 10 години.

Член 188

Тој што ќе изврши обљуба или друго полово дејство врз дете, ќе се казни со затвор во времетраење од 6 месеци до 5 години.
Доколку делото го извршил наставник, воспитувач, посвоител, старател, очув, лекар или друго лице со злоупотреба на својата положба, ќе се казни со затвор во времетраење од најмалку 5 години.

Член 189

Тој што со злоупотреба на својата положба ќе наведе на обљуба или друго полово дејство лице што наспроти него се наоѓа во однос на подреденост или зависност, ќе се казни со затвор во времетраење од 3 месеци до 3 години.
Доколку наставник, воспитувач, посвоител, старател, очув, лекар или друго лице со злоупотреба на својата положба изврши обљуба или друго полово дејство со малолетно лице постаро од 14 години коешто му е доверено заради учење, воспитување, чување или нега, ќе се казни со затвор во времетраење од 1 до 5 години.

**Пресуда:** Лицето Н.М. се прогласува за виновен и се осудува на казна затвор во времетраење од 3 години, на задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа во времетраење од 1 година, и му се забранува вршење работа во воспитно-образовни установи.

1. Кои кривични дела се извршени во наведениот случај?
2. Кои санкции се применети во овој случај?
3. Зошто се применети токму овие кривични санкции?
4. Дали овој начин е најдобар за решавање на случајот? Зошто? Дали постојат алтернативни начини за решавање на случајот?

## 3.3. ПРИЈАВУВАЊЕ НА КРИВИЧНО ДЕЛО

*Тој што знае дека нешто е сторено и не презема ништо во врска со тоа, се смета дека го поддржува стореното!*

Целосно иста е ситуацијата со злосторствата, со криминалот! Не доведувајте се во ситуација да се чувствувате како соучесници во криминалното дело само затоа што не сте го пријавиле, а сте знаеле за него. Пријавувањето на кривичното дело во полиција или кај друг надлежен орган е граѓанска должност на сите што живеат во една држава.

Важно е да се знае дека пријавувањето на кривичното дело е граѓанска, морална обврска, бидејќи со пријавувањето на кривичното дело:

- ѝ помагате на полицијата да го пронајде сторителот;
- ѝ помагате на полицијата да спречи вршење други кривични дела;
- се штитите себеси;
- ги штитите останатите граѓани во вашиот град и во државата.

**ПРАШАЊА 1:**

1. Дали досега сте се нашле во ситуација да бидете сведок или да знаете за кривично дело што се случило или се случувало?
2. Ако сте биле во таква ситуација, како сте постапиле, дали сте го пријавиле? Зошто?



Ако видите дека се случува кривично дело или ако знаете дека е извршено некое друго дело за кое сметате дека е во спротивност со законот, вие треба да:

- повикате полиција (**192**) - **повикот на овој број од секоја телефонска говорница е бесплатен;**
- отидете до најблиската полициска станица;

- дадете изјава за сите факти што сте ги забележале, притоа внимавајќи да дадете целосно точни податоци.

При пријавувањето на кривичното дело, треба да го запаметите следново: **внимавајте на сопствената безбедност!** Не се изложувајте себеси на опасност. Ретко кога со херојски потфат можете да ја спасите жртвата на криминалот, а да не го загрозите својот живот или безбедноста. Запомнете дека можете да помогнете само доколку ја сочувате сопствената сигурност.

Ако сте сведок на кривично дело и ако го пријавите во полицијата, најверојатно ќе бидете повикани за **сведок во текот на постапката што се води пред судот**, што не е многу пријатна законска обврска, бидејќи како сведок на суд ќе треба да одговорите на бројни прашања што ќе ви бидат поставени. Затоа бидете сосема сигурни за сè што сте изјавиле кога сте ја давале изјавата во полиција, бидејќи вашите зборови ќе бидат цитирани и ќе треба да ги поткрепите со повторна изјава. Внимавајте да не се доведете во ситуација да постои макар и еден ситен детал споменат во вашата прва изјава за кој не сте сосема сигурни дека е точен, затоа што за даден лажен исказ како сведок на суд можете кривично да одговарате.

Според постоечките закони на Република Македонија, секое лице повикано да сведочи е должно да се јави на таквиот повик и да го даде својот исказ пред судот. Ако не дојде доброволно, може да биде присилно доведено со помош на полицијата. Во точно утврдени случаи што секогаш му се предочуваат на сведокот пред да ја даде својата изјава во судот, постои можност од ослободување од обврската за сведочење, доколку лицето што е повикано за сведок е брачен другар на обвинетиот, негов близок роднина, посвоеник или посвоител, односно ако фактите ги дознал како адвокат, лекар, или лицето му се исповедало како на верско лице.

Пред да си ги поставите прашањата:

- Зошто да пријавам кривично дело?
- Зошто да дадам изјава во полиција и да бидам повикан за сведок на суд, а да постои можност и кривично да одговарам за говорење невистина на суд?

Добро размислете:

- Што би било кога вие би се нашле на местото на лицето врз кое е извршено кривичното дело?
- Што би било кога во таков случај не би постоел сведок кој знае што навистина се случило?
- Што би било ако сторителот на кривичното дело остане неказнет затоа што сведоците се плашат да сведочат?

Како граѓани на исто општество мора да си помагаме во името на мирот и на безбедноста. Пријавувањето на кривичното дело е граѓанска активност во таа насока.

## ПРАШАЊА 2:

1. Зошто луѓето понекогаш не ги пријавуваат кривичните дела?
2. Како безбедно да се пријави кривично дело?
3. Зошто е важно пријавувањето на кривично дело?
4. Кои се можните начини да се пријави кривично дело?
5. Што треба да се направи за да се олесни пријавувањето на кривичното дело од страна на сведоците?

## ПРОБЛЕМ 1:

Еден службеник од Центарот за социјална работа, отишол во посета на едно семејство каде што таткото бил алкохоличар. Кај децата што биле малолетни, забележал модринки по телата. По неколку неуспешни обиди, службеникот конечно добил можност насамо да разговара со поголемото дете коешто признало дека таткото ги тепа, но дека тие не смеат никому да му кажат за тоа. Службеникот пријавил во полиција дека таткото физички ги малтретира децата.

1. Дали службеникот правилно постапил со тоа што пријавил во полиција?
2. Дали имал право да се меша во приватниот живот на ова семејство?
3. Дали постоеле и други начини да се информира полицијата?
4. Како вие би постапиле кога би биле на местото на социјалниот работник?

## 3.4. ВОВЕД И ПРЕДИСТРАЖНА ПОСТАПКА

Пред судовите во Република Македонија се водат два вида постапки: граѓанска постапка и кривична постапка. Кривичната постапка се разликува од граѓанската по тоа што на нејзиното отпочнување мора да претходи основано сомнение дека определено лице сторило **кривично дело.**

Откако ќе биде сторено некое кривично дело (убиство, кражба, силување, фалсификување, измама и сл.), следува реакција од страна на заедницата. Во интерес на општеството е сторителот на кривичното дело да биде казнет за своето однесување. За таа цел, треба да биде поведена кривична постапка во текот на којашто се утврдува:

За да се поведе кривична постапка против некое лице, мора да биде задоволен основниот услов: да постои основано сомнение дека е сторено кривично дело.

- Дали е сторено кривично дело?
- Кој е сторителот на кривичното дело?
- Дали треба да биде изречена кривична санкција врз сторителот на кривичното дело и која санкција е најсоодветна?

Без оглед на тоа што некогаш сакаме правдата да биде задоволена веднаш и сторителот да ја добие заслужената санкција, законот пропишува низа дејствија што треба да се спроведат во текот на кривичната постапка за да се добијат одговорите на претходните прашања.



**ПРОБЛЕМ 1:**

а) Петар пријавил во полиција дека во неговиот дом е извршена кражба. Полицијата дошла и констатирала дека од домот на Петар се исчезнати пари додека тој бил дома, дека нема знаци од провала, ниту неред во станот и дека никој не доаѓал кај него дома тој ден. Полицијата заключила дека не постои основано сомнение дека е сторено кривично дело, а тоа што недостасувале пари не било доволно за да се смета дека е сторена кражба.

б) Никола пријавил во полиција дека од неговиот дом се украдени пари. Полицијата дошла и утврдила дека Никола и неговото семејство тој ден не биле дома, дека некој ја скршил влезната врата, претурал низ фиоките и облеката, направил неред во станот и притоа исчезнала определена сума пари. Во овој случај, полицијата констатирала дека постои основано сомнение дека е сторено кривично дело, па затоа и преземала натамошни активности.

1. Што е заедничко за овие два случаја?
2. Зошто полицијата различно реагирала?

Кривичната постапка се спроведува според одредбите на Законот за кривична постапка.

***Што е предистражна постапка?***

Предистражната постапка не е дел од кривичната постапка, туку претходи на нејзиното поведување и има за цел да утврди дали настанот претставува кривично дело или е несреќен случај. Се поведува кога постојат основи за сомневање дека е сторено кривично дело и има за цел да се пронајде сторителот, да се обезбедат траги од местото на настанот што ќе се користат како докази, да се пронајдат сведоци и сл. Во предистражната постапка најголема улога има полицијата што е прва информирана дека нешто се случило. Овие информации полицијата ги добива во текот на својата секојдневна работа, од граѓани што биле жртви или сведоци на криминален настан, од различни институции и организации со коишто таа соработува. Бидејќи полицијата е онаа што најчесто прва пристигнува на местото на кривичното дело, таа треба да направи сè што е во нејзина моќ за да се открие и фати сторителот на делото. Тоа значи да се обезбедат траги и докази што подоцна ќе бидат искористени во постапката пред судот, односно врз основа на коишто ќе се утврди дали е сторено кривичното дело и кој го сторил.

Кога полицијата ќе пристигне на местото на настанот, таа врши увид доколку не пристигнал истражниот судија и зема изјави од лицата за коишто се претпоставува дека знаат нешто во врска со кривичното дело. Со нив не смее да се постапува грубо или да им се упатуваат закани. При увидот, полицијата го фотографира местото на настанот и зема отпечатоци што се наоѓаат на предметите наоколу, а подоцна утврдува чии се тие, со што ја насочува истрагата кон можните сторители на кривичното дело. Доколку има мртви лица од настанот, се утврдува нивниот идентитет, се информираат нивните семејства за настанот и веднаш се известува истражниот судија кој дава наредба за судско медицинско вештачење (обдукција), што помага да се утврдат точните причини за смртта, кога и како настапила таа.

*Кои се правата на приведениот во предистражната постапка?*

За полицијата да може да лиши од слобода некое лице, потребен ѝ е судски налог (одлука) за тоа. Исклучок од ова правило постои во случаите кога полицијата ќе лиши од слобода лице затечено во вршење кривично дело.

Практиката покажува дека во текот на полициската постапка некое лице може да биде приведено или лишено од слобода. Во тие случаи лицето мора веднаш, на јазик што го разбира, да биде информирано за правата што ги има во оваа фаза од постапувањето и да биде известено за причините за приведувањето. Од него не смее да се изнудува да даде каква било изјава, т.е. треба да се поучи за правото на молчење.

**ПРОБЛЕМ 2:**

Марко бил фатен во тоалетот на една дискотека како им продава дрога на своите другари. Полицаецот го лишил од слобода без претходен судски налог.

1. Дали полицаецот имал право да постапи на таков начин?
2. Што ќе се случело ако полицаецот само го идентификувал, а не го привел?

Лишувањето од слобода претставува ограничување на едно од основните човекови права, а тоа е *правото на слободно движење*. Доколку лицата што се лишуваат од слобода ѝ пружаат отпор на полицијата, таа може да одговори применувајќи гумена палка, лисици и други помагала, сè додека лицето не биде доведено во полициската станица. Секое лишување од слобода е специфична ситуација. Брзото и навремено реагирање на полицијата, значи и успешно спроведено лишување, но сепак полицијата треба да го приспособи своето однесување кон отпорот на лицето, а во рамките на своите законски овластувања. Полицијата не смее да се однесува сурово и грубо кон лицето лишено од слобода, доколку за тоа нема потреба. Во спротивно тоа би довело до пречекорување односно злоупотреба на овластувањата што таа ги има. Лицето лишено од слобода **има право на бранител по сопствен избор** и за ова право мора да биде информирано веднаш по приведувањето во станицата и пред да започне испитувањето, Тоа може да одбие да одговара на прашањата додека не дојде неговиот бранител, а изјавите добиени пред пристигнувањето на бранителот немаат правна сила. Исто така, лицето има право на еден телефонски разговор за да може да ги информира своите блиски за тоа што му се случило, односно да контактира со амбасада или конзулат, доколку е странски државјанин.

Лицето лишено од слобода мора веднаш да биде изведено пред надлежен истражен судија што ќе одлучи дали ќе биде пуштено на слобода или ќе му се определи мерка притвор. Ова зависи од конкретната ситуација и од видот на кривичното дело поради кое дошло до лишување од слобода. Секое лице што е незаконски притворено или лишено од слобода, има право на надомест на штета од државата. Притворот се издржува во посебен притворски оддел на казнено-поправните установи (затвори) во нашата земја.

Притворот во текот на истрагата не може да трае подолго од 180 дена од денот на лишувањето од слобода, што е определено со Уставот на Република Македонија.






УЧИМЕ ПРАВО

## 3.5. ИСТРАГА И ОБВИНЕНИЕ

Истрагата ја поведува и води истражен судија.

### *Истражен судија*

Првата и многу значајна фаза од кривичната постапка е истрагата. Таа започнува откако предистражната постапка дала позитивни резултати и е утврдено кој е сторителот на кривичното дело. Започнува со донесување посебна одлука - решение за спроведување истрага што го донесува истражниот судија, на предлог на јавниот обвинител. Веднаш откако ќе биде известен дека е сторено кривично дело, истражниот судија доаѓа на местото на настанот. Таму се врши увид, земање отпечатоци, наоѓање на предметот со кој е сторено делото, се врши реконструкција на настанот. Во текот на истрагата се преземаат повеќе дејствија, меѓу кои и испитувањето на обвинетиот, сослушувањето на сведоците, на вештаците и на оштетениот, изведување други докази - писмени исправи, материјални докази, а со цел да се соберат доволно докази врз основа на коишто јавниот обвинител ќе може да поведе обвинителен акт. По завршувањето на истрагата, истражниот судија не изготвува посебен акт, туку сите списи на предметот ги доставува до јавниот обвинител.

### *Што презема јавниот обвинител?*

Откако предметот ќе биде доставен до јавниот обвинител, тој ја презема главната улога за продолжување на кривичната постапка. Јавниот обвинител може да поднесе обвинение до судот против обвинетиот, но доколку смета дека нема доволно докази или дека тие не ја потврдуваат вината на обвинетиот, може да се откаже од натамошното гонење, за што поднесува изјава до истражниот судија и тој носи решение за запирање на истрагата.



### *Што е обвинителен акт?*

Обвинението се поднесува до судот во форма на обвинителен акт или обвинителен предлог, во зависност од тежината на кривичното дело. Тие не се разликуваат во содржината. Секое обвинение мора да содржи:

- информации за обвинетиот (име и презиме, прекар - ако има, место на живеење, година на раѓање, образование, вработеност, брачна состојба и други информации во врска со него);
- опис на кривичното дело за коешто се обвинува;
- точниот законски назив на кривичното дело, со наведување на одредбите од Кривичниот законик;
- одредување на судот пред кој ќе се одржи главниот претрес;
- предлог на доказите што треба да се изведат, со назначување на имињата на сведоците и вештаците;
- предлог на доказите што треба да се изведат во текот на главниот претрес;
- образложение за причините од кои јавниот обвинител го црпи убедувањето дека има основа за натамошно гонење и донесување осудителна пресуда.

Јавниот обвинител го поднесува обвинението до судот, а судот е тој што обвинението го доставува до обвинетиот. Ако обвинетиот се наоѓа на слобода, во обвинителниот акт може да се предложи судот да определи притвор, а ако се наоѓа во притвор, може да се предложи притворот да се продолжи или обвинетиот да се пушти на слобода.

**ПРАШАЊА 1:**

1. Зошто сите горенаведени информации се содржани во обвинителниот акт?
2. Заради која причина известувањето на обвинетиот дека против него е поднесен обвинителен акт се наоѓа во надлежност на судот?

***Што е приговор против обвинителен акт?***

Откако обвинетиот ќе го прими обвинителниот акт, тој има право да поднесе приговор против обвинителниот акт со којшто ги негира наводите во обвинението, наведувајќи ги причините што докажуваат дека тој не е сторител на кривичното дело и дека квалификацијата треба да биде за друго кривично дело, односно изнесувајќи аргументи во своја корист. Приговорот се поднесува до судот. Понекогаш приговорот може да содржи аргументи што ќе бидат доволно “уверливи” за да го уверат судот дека обвинението поднесено од јавниот обвинител е неосновано. Но, доколку судот го одбие приговорот или таков воопшто не биде поднесен, следува третата и најважна фаза од кривичната постапка, што се одвива во форма на главен претрес пред судот.

**ПРИМЕР 1:**

**КРИВИЧНА ПРИЈАВА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

Управа за внатрешни работи ___________
Одделение за внатрешни работи ________
Полициска станица ___________________
Бр. ________КУ бр.______________________
________200 ___ година

Врз основа на член 150 став 1 од Законот за кривична постапка и член 361 од Правилникот за правилата за вршење на работите на Службата за јавна безбедност (Сл. Весник на СРМ бр. 29/85) се поднесува:

**КРИВИЧНА ПРИЈАВА**

ПРОТИВ :

___________________________ ЕМБ __________________ од татко ________________

и мајка __________________________, роден-а ________________________ година,

во______________________________________________, општина ________________,

_____________________________________________, живее во ___________________

______________________________________________, бр. ______________________, по

занимање ___________________________________, вработен во _________________

______________, со завршено ______________________________________________,

образование, по народност __________________________________, државјанин

на ________________________________________.

Според податоците на Казнената евиденција на овој Секретаријат,

именуваниот е осудуван - не е осудуван.
Лишен - не е лишен од слобода на ден _________ 20 ___ година во _____ часот.

Спроведен - не е спроведен на истражниот судија _____________________,

____________ суд во ________________________________________________,

на ден ________ 20 ___ година во _____ часот, заради постоење на основано

сомнение дека сторил кривично дело _______________________________,

_____________________ член од КЗМ.

Време, место и начин на извршување на КД.
Докази што укажуваат дека е сторено КД и дека кон тоа лице-ца/сторители се преземени процеси и други дејствија во смисла на член 151, 152 и 154 од ЗКП (увид, претрес, одземање на предмети, лишување од слобода, задржување и др.).

**РЕШЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ИСТРАГА**

III. Ки. Бр. 0001/2005

ИСТРАЖНИОТ СУДИЈА ПРИ ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ__________, постапувајќи по барањето за спроведување истрага со предлог за одредување на мерка притвор Ко. Бр. 0001/05 од 1.02.2005 година против НН од Скопје, поради постоење основано сомнение дека сторил едно кривично дело - убиство од член 123 ст.1 од КЗ, врз основа на член 157 ст.2 и член 159 ст.1 и 2 од ЗКП и член 191 ст.2 т.1, 2 и 3 од ЗКП, преземен како републички пропис на ден 1.02.2005, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1.
СЕ СПРОВЕДУВА ИСТРАГА ПРОТИВ:

Н. Н. од татко М, мајка Н, роден на 1.01.1970 година во Скопје, каде што и живее на улица Партизански одреди бр. 1/1 вработен во АД ЕСМ, ПЕ Скопје, Македонец, државјанин на РМ,

поради постоење на основано сомнение дека сторил едно кривично дело-убиство, од член 123 ст.1 од КЗ на РМ.

ЗАТОА ШТО:

На ден 31.12.2004 година, околу 23:00 часот, на паркиралиштето кај Лотарија на Македонија во центарот на Скопје, на улица Даме Груев 66 во Скопје, го лишил од живот оштетениот С.Т., нанесувајќи му пет убоди со нож во пределот на стомакот и два убода во пределот на вратот и градите.

2.
СЕ ОДРЕДУВА МЕРКА ПРИТВОР ПРОТИВ:
Н.Н. во траење од 30 (триесет) дена, сметано од 1.02.2005 година, во 10:00 часот, па до 1.03.2005 година, во 10:00 часот.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Основното Јавно обвинителство од Скопје до овој Суд достави барање за спроведување истрага, со прилог за одредување мерка притвор против лицето
Н.Н. од Скопје, поради основано сомнение дека сторило кривично дело убиство, од член 123 - став 1 од КЗ на РМ.

Постапувајќи по барањето за спроведување на истрага по претходен распит на осомничениот (обвинетиот), истражниот судија најде дека:

Барањето за спроведување на истрага е основано.

Од увидот во кривичната пријава и списите, истражниот судија утврди дека постои основано сомнение дека осомничениот (обвинетиот) го сторил кривичното дело за кое се бара спроведување на истрага.
Согласно член 157 ст.1 и 2 од ЗКП, во текот на истрагата е потребно да се испитаат сведоците за да може од доставените докази и податоци во текот на постапката да се утврди дали против осомничениот (обвинетиот) ќе биде подигнат обвинителен акт, или постапката ќе биде запрена.
Истражниот судија утврди дека е основан предлогот за одредување на мерка притвор против осомничениот (обвинетиот) Н.Н., поради постоење на основите од член 191-став 2 1. 1, 2 и 3 од ЗКП.
Имено, постои опасност дека доколку се најде на слобода осомничениот (обвинетиот) ќе се скрие или ќе се впушти во бегство, бидејќи веќе започнал со бегство, а со цел да ја избегне кривичната одговорност, а исто така постои оправдан страв дека ќе ги уништи трагите на стореното кривично дело, или ќе влијае врз сведоците, на начин што би го попречувал правилното водење на истрагата, а постои и оправдан страв дека осомничениот (обвинетиот) може да стори ново кривично дело.
Поради сето погоре наведено, истражниот судија одреди мерка притвор против осомничениот (обвинетиот) Н.Н. во траење од 30 (триесет) дена, сметано од 1.02.2005 година, во 10:00 часот, до 1.03.2005 година, во 10:00 часот.
Со оглед на горенаведеното, согласно член 159-став 1 и 2 од ЗКП, се одлучи како во точка 1 од диспозитивот на ова решение, а согласно член 191- став 2 т. 1, 2 и 3 од ЗКП, се одлучи како во точка 2 од диспозитивот на решението.

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ III. Ки. Бр. 0001/2005 од 01.02.2005 г.

ИСТРАЖЕН СУДИЈА

М.П.

ПОУКА: Против решението под точката 1 од диспозитивот е
дозволена жалба во рок од три дена по приемот
на истото, преку овој истражен судија до Кривичниот совет при овој Суд.

Против ова решение под точка 2 од диспозитивот е
дозволена жалба во рок од 24 часа по приемот на истото, преку
овој истражен судија до Кривичниот совет при овој Суд.

ЖАЛБИТЕ НЕ ГО ЗАДРЖУВААТ ИЗВРШУВАЊЕТО НА РЕШЕНИЕТО

**ОБВИНИТЕЛЕН АКТ**

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
III КО Бр. 100/05
Скопје, 05.05.2005 година

ДО
ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ1
СКОПЈЕ

Врз основа на член 45 став 2 точка 3, а вв член 174 став 2 од ЗКП, поднесувам

## ОБВИНИТЕЛЕН АКТ

ПРОТИВ:
Н.Н. викан Змија, роден на 1.01.1970 година во Скопје, каде што и живее на улица Партизански одреди бр. 1/1, од татко М, мајка Н, вработен во АД ЕСМ, ПЕ Скопје, Македонец, државјанин на РМ, разведен, без деца, писмен со завршено средно образование, војска не служел, неосудуван, во притвор од 1.01.2005, во 10:00 часот,

ЗАТОА ШТО

На ден 31.12.2004 година, околу 23:00 часот, на паркиралиштето кај Лотарија на Македонија во центарот на Скопје, на улица Даме Груев бб во Скопје, го лишил од живот починатиот С.Т. нанесувајќи му пет убоди со нож во пределот на стомакот и два убода во пределот на вратот и градите.

Со ваквите дејствија, обвинетиот Н.Н. сторил едно кривично дело убиство. од член 123-став 1 од КЗ на РМ.
Поради што

ПРЕДЛАГАМ

I. Судот, како стварно и месно надлежен, согласно членовите 22 и 26 од ЗКП и член 36-став 1 од Законот за судови на РМ, да закаже и одржи главен, јавен и устен претрес, на коишто ќе бидат повикани:
1. Основниот јавен обвинител од Скопје
2. Обвинетиот Н.Н. од Скопје, каде што и живее на улица Партизански одреди бр. 1/1
3. Сведоците Елвир Серафов, од село Јурумлери, скопско, Стојан Петроклиески од Скопје, со живеалиште на улица 11 Октомври бр. 41/2/18, што ќе се сослушаат во својство на сведоци.
II. Да се изврши увид во записник за увид на Одделението на крим-техника при ССК, записник за увид на ПЦ-ДОЦ, потврда за привремено одземени предмети, два записника за препознавање на лице, два комплета фото-документација, лекарско уверение, вештачење на Институт за судска медицина и криминалистика бр. 234, од 2.01.2005 година.
III. Тој Суд, по одржаниот претрес и оценка на изведените докази, обвинетиот да го прогласи за виновен и да го казни по Законот.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По спроведената истрага против обвинетиот Н.Н., произлезе следното:
Обвинетиот и починатиот С.Т. се познавале подолго време. Биле другари од средно училиште. Во последниот временски период не биле во најдобри пријателски односи поради нерасчистени имотно-правни т.е. должничко-доверителски односи. Имено, обвинетиот веќе подолго време на починатиот му должел сума од илјада евра. Починатиот му ги дал на заем пред шест месеци. Починатиот се наоѓал во особено тешка имотна положба, бидејќи веќе три години бил технолошки вишок од фабриката Алумина во Скопје.
Пред дванаесет месеци починатиот има добиено сума од 5.000 евра наследство од неговиот покоен брат В.Т., што живеел и работел во Гетеборг, Република Шведска.
Откако обвинетиот дознал за ова наследство на С.Т., веднаш почнал да бара уште пари на заем од С.Т.
Вечерта на 31.12.2004 година, обвинетиот бил на прослава на Новогодишната вечер во домот на С.Т. На оваа прослава биле и пријателите на С.Т. - Елвир Серафов и Стојан Петроклиески, со нив и починатиот и обвинетиот се познавале уште од средното училиште. За време на вечерата, обвинетиот пред присутните побарал пет илјади евра од починатиот. На барањето на починатиот обвинетиот да му ги врати оние илјада евра што тој му ги должел, обвинетиот му рекол на починатиот дека нема намера да му ги врати, бидејќи ги немал, а сега му требале уште пет илјади евра. Починатиот, според изјавите на сведоците, воопшто не го сфатил сериозно обвинетиот за барањето за дополнителни пари. По вечерата, заедно со нивните пријатели Стојан Петраклиески и Елвир Серафов, отишле на градскиот плоштад да се забавуваат. При паркирањето на автомобилот на паркиралиштето кај Лотарија на Македонија, обвинетиот Н.Н. уште еднаш на починатиот му побарал пет илјади евра. С.Т. не одговорил, на ова обвинетиот му рекол дека ќе го убие доколку не му ги даде парите. Оваа закана ја слушнале сите присутни, но С.Т. и останатите, не ја сфатиле сериозно. Тие знаеле дека Н.Н. е со проблематично минато (претходно била водена постапка за изнуда, но обвинението било отфрлено поради недостиг на докази предмет: КБр. 222/02 во ОС Скопје 1), но не сметале дека тој ќе се сврти кон своите пријатели со кои се знаел од поодамна. По оваа закана Стојан излегол од автомобилот за да плати за паркиралиштето, а Елвир бил седнат на задната клупа на ПМВ Застава 101 со рег. Таблички СК-300-ЦД. Во тој момент, обвинетиот Н.Н. се нафрлил кон

починатиот од совозачкото седиште на коешто седел и му нанел неколку прободни рани со нож во вратот и стомакот. По овој напад, обвинетиот Н.Н. избегал од возилото во непозната насока, а Елвир и Стојан, заедно со С.Т. кој бил во бессознание, се упатиле кон Хируршката болница во Скопје, со цел да му помогнат на сега починатиот С.Т. Од здобиените повреди, С.Т. починал на патот кон Хируршката болница во Скопје.

Починатиот С.Т. починал поради големото крварење во стомачната регија од нанесените удари со сечиво од 10.5 см., односно од прободните рани што продираат во епигастриумот, оментум мајолис и пределот на градната празнина, како и од прободните рани во перикардијалната обвивка и пресекувањето на главната вратна артерија од левата страна на вратот.

Ваквата состојба излезе од исказите на сведоците Елвир Сарафов и Стојан Петраклиески, како и од увидот и записниците за увид, потврдата за привремено одземени предмети, записниците за препознавање на лице, фото- документацијата, вештачењето на телото на починатиот, ножот, облеката на обвинетиот и починатиот и автомобилот на починатиот, од крим-евиденцијата и наодот и вештачењето извршено од Институтот за судска медицина и криминалистика.

Обвинетиот се брани со молчење, како при првиот распит така и при предочувањето на сите докази. Од претходно цитираните сведоци и материјални докази, неспорно произлегува состојбата како што е погоренаведена, затоа што сведоците до детали наведуваат како е извршен нападот. Тие извршија препознавање на обвинетиот, а при прегледот на возилото е пронајдено и орудието со коешто е извршен нападот, со траги од крв на починатиот кај обвинетиот.

Со оглед на горенаведеното, сметам дека во дејствијата на обвинетиот Н.Н. се содржани сите битни елементи на кривичното дело УБИСТВО, од член 123- став 1 од КЗ на РМ, поради што предлагам да биде прогласен за виновен и казнет според законот.

ЗАМЕНИК ЈАВЕН
ОБВИНИТЕЛ

# 3.6. ПОСТАПКА ПРЕД СУД

ПОСТАПКА ПРЕД СУД

**главен претрес со донесување пресуда**

Главниот претрес е третата фаза од кривичната постапка. Субјектите без кои овој дел од постапката не би можел да се одвива се:

- јавниот обвинител, кој треба да докаже дека обвинетиот сторил кривично дело и кој *ја врши функцијата на гонење и застапување на обвинението* во постапката;
- обвинетиот и бранителот, кои ја сочинуваат *одбраната*;
- судот, што *расправа* и *одлучува*.

Постапката пред судот е составена од две основни компоненти: главен претрес и донесување одлука (пресуда).

**ПРОБЛЕМ 1:**



За време на главниот претрес, јавниот обвинител се обидува да докаже дека обвинетиот А.С. на 20.05.1999 година, извршил убиство на својот брат во неговата куќа. Бранителот приложува докази дека обвинетиот А.С. во времето кога е извршено убиството бил во својата викендичка надвор од градот. Судот внимателно ги слуша двете странки и треба да донесе одлука.

1. Дали може да се докаже дека во овој случај некој од субјектите има потешка или полесна улога од другиот?
2. Дали се согласувате со старото римско правило дека “должност на тужителот е да ја докаже вината на обвинетиот, а не е должност на обвинетиот да ја докаже својата невиност”?
3. Кога би можеле да бирате, која улога би ја одбрале и зошто?

Главниот претрес е нејекспонираниот дел од постапката пред судот. Во секојдневниот говор, овој дел од постапката пред судот се нарекува ”судење”. Во текот на главниот претрес, се преземаат најзначајните дејствија во кривичната постапка (распит на обвинетиот, сослушување на сведоците, на вештаците и на оштетениот, се следи изведување на материјалните докази, итн). Најчесто главниот претрес е јавен, освен кога јавноста е исклучена поради чување на тајна, поради заштита на интимноста и на личниот живот на учесниците во постапката, поради заштита на интересите на малолетниците и др. На пример, во случај кога обвинетата е силувана и треба да одговара на прашања во врска со чинот на извршување на кривичното дело, судот може да ја исклучи јавноста од судењето. Но, ако е таа малолетна, јавноста мора да биде исклучена. Во текот на главниот претрес се води записник што претставува сведоштво за сите преземени дејствија и дадени изјави. За да може да се одржи главниот претрес, судот прво треба да констатира дека се присутни сите субјекти на кои им е упатена покана за судењето.

### ***Што презема одбраната во постапката пред судот?***

Лицето против коешто се води кривичната постапка, во текот на постапката различно се нарекува. На почетокот, во предистражната постапка, се нарекува **осомничен**, а по започнувањето на истрагата, односно по поднесувањето на обвинението па сè до донесувањето на пресудата, има статус на **обвинет.**

За лицето против коешто се води постапката е исклучително важно во текот на постапката да има свој бранител. Бранителот треба да направи сè што е во негова моќ за да пружи стручна и професионална одбрана во прилог на тезата дека обвинетиот не е виновен. Но, ако вината на обвинетиот е очигледна, бранителот треба да биде доволно вешт и снаодлив за да ги искористи сите олеснителни околности и обвинетиот да добие што е можно пониска и поблага казна.

За бранителот да може да даде добра одбрана, важен е еден друг фактор, а тоа е односот на доверба, искреност и отвореност меѓу бранителот и обвинетиот. Обвинетиот треба да му каже на бранителот сè во врска со кривичното дело, не треба да ги прикрива нештата што ги сторил, бидејќи само тогаш кога бранителот има комплетна претстава за настанот, тој ќе може правилно да го искористи своето правно знаење, подготвено да реагира во текот на постапката и да даде добра одбрана.

Бранителот може да биде само адвокат кој обвинетиот сам го избира, а доколку не може да си го дозволи тоа, има право на бесплатна правна помош, т.е. судот му назначува бранител по службена должност.

## ПРОБЛЕМ 2:

На закажаниот главен претрес, бранителот (адвокатот) на обвинетиот не дошол, иако бил уредно повикан. Претходно, бранителот и обвинетиот неколку месеци ја подготвувале одбраната. Судот донел решение со коешто, поради отсуство на бранителот, го одложил главниот претрес.

1. Дали судот правилно постапил и зошто?
2. Зошто не бил ангажиран друг бранител?
3. Зошто главниот претрес не може да се одржи без бранител?

### *Сведок и вештак*

**Сведок** во кривичната постапка може да биде секое лице што видело, слушнало или на некој друг начин дознало нешто во врска со кривичното дело. Притоа воопшто не се важни возраста, професијата, образованието, полот, националната, верската или друга припадност на лицето повикано како сведок. Важно е само лицето да може да даде информации за кривичното дело со коишто ќе можат да се докажат факти важни за предметот за кој се води постапката.

**Вештак** е лице што во кривичната постапка се повикува секогаш кога за утврдување на фактите е потребна посебна стручна подготовка и знаење од неправна област. Значи, вештакот е експерт во некоја област (медицина, фармација, психијатрија, градежништво, сообраќај, финансии и др.). Тој, врз основа на своето знаење и искуство, е обврзан да даде наод и мислење.

Меѓу сведоците и вештаците постојат неколку разлики:

- сведокот го изнесува само она што го видел или слушнал во врска со кривичното дело, а вештакот, употребувајќи го своето знаење и искуство, дава свое мислење во врска со прашањата за коишто судот му го доверил вештачењето;
- сведок може да биде секој, а вештак само лице со посебна стручна подготовка;
- сведокот во кривичната постапка не може да се замени, а вештакот може;
- сведокот може да биде лице што е лично заинтересирано за исходот од постапката, а вештакот треба да биде лице што е незаинтересирано за конкретниот случај.

## ПРОБЛЕМ 3:

Весна (20) е обвинета за нанесување тешка телесна повреда на малолетник, којшто го прегазила со својот автомобил. Во времето на несреќата, Весна била под дејство на дрога. Нејзиниот чичко, експерт за наркоанализа, бил еден од ретките во семејството на Весна што знаел дека таа користи наркотични средства.

1. Ако чичкото на Весна биде повикан да учествува во постапката, дали треба да биде повикан во својство на вештак, или како сведок?
2. Дали воопшто чичкото на Весна треба да биде повикан како учесник во постапката? Објаснете.

### *Тек на главниот претрес*

За време на главниот претрес, главен збор во судницата има судијата. Судот раководи со постапката: се грижи таа правилно да се спроведе и да има ред во судницата. Судијата го отвора главниот претрес, го утврдува идентитетот на обвинетиот, проверува кои од повиканите се присутни и цени дали има услови да отпочне судењето, или истото ќе мора да се одложи. Главниот претрес започнува со читање на обвинителниот акт од страна на јавниот обвинител. Веднаш потоа судот го испитува обвинетиот, поставувајќи му јасни, разбирливи прашања, што обвинетиот може да не ги одговори. Обвинетиот не може да биде повикан за сведок во сопствениот предмет и не е обврзан да ја зборува вистината. Освен судијата, прашања на обвинетиот можат да му поставуваат и другите учесници – обвинителот, оштетениот и бранителот - и тоа *посредно,* преку судијата. Во нашата кривична постапка, тоа изгледа вака:

Според Кривичниот закон, давањето лажен исказ од страна на сведок или вештак, претставува кривично дело. За ова судот е должен да ги предупреди сведоците и вештаците уште пред да бидат сослушани.

## ПРИМЕР 1:

| | |
|---|---|
| Бранителот: | Го молам судот да го праша обвинетиот А.С. каде бил на 20 мај во 15 часот? |
| Судијата (до обвинетиот): | Каде сте биле на 20 мај во 15 часот? |
| Обвинетиот: | Во тоа време бев во својата викендичка... |

Во исклучителни случаи, поради побрзо водење на постапката, испрашувањето

е непосредно. По испитувањето на обвинетиот, следува доказната постапка во којашто се изведуваат доказите што придонесуваат да се утврди вистината, односно фактите. Доказите се црпат од доказните средства, во коишто спаѓаат: сведоците, вештаците, признанието на обвинетиот, материјалните докази, писмените исправи.

За тоа кои докази ќе се изведуваат на главниот претрес, одлучува судот. Всушност, обвинителот и бранителот предлагаат докази, а судот ќе одлучи да се изведат само оние за коишто смета дека ќе бидат релевантни за донесување на одлуката.

На крајот од главниот претрес следува еден многу интересен дел – *завршниот збор* на обвинителот, на оштетениот, на бранителот и на обвинетиот. Секој од нив ја сублимира претходно спроведената постапка и дава свое мислење за тоа каква пресуда треба да биде донесена од страна на судот.

**Пресудата** е најважната одлука што се донесува во кривичната постапка. Пресудата ја донесува судот по спроведено советување и гласање на коешто присуствуваат само судскиот совет и записничарот, а ја објавува јавно во името на граѓаните на Република Македонија. При пресудувањето, судот може да донесе една од овие три пресуди:

1. пресуда со која обвинението се *одбива*,
2. пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинението (*ослободителна*)
3. пресуда со која обвинетиот се прогласува за виновен (*осудителна*).

Повеќестепеноста на постапката има единствена цел: да не се осуди невино лице, а на виновникот да му биде изречена соодветна кривична санкција.

Тоа што во некој конкретен спор е донесена пресуда, не значи дека кривичната постапка е завршена, а во многу случаи не значи ни дека правдата е задоволена. Доколку некоја од страните не е задоволна од пресудата, поднесува жалба во точно определен рок. Ако судот ја уважи жалбата, постапката продолжува со постапка по правни лекови, или жалбена постапка. Кривичната постапка по правило е двостепена, но можен е и трет степен - во случај кога е изречена казна доживотен затвор, осудениот може да иницира постапка пред Врховниот суд.

# 3.7. УЛОГАТА НА ОБВИНИТЕЛОТ И НА БРАНИТЕЛОТ

Обвинителот и бранителот се субјекти што учествуваат во кривичната постапка. Во оваа постапка, обвинителот постапува во име на државата и општествениот интерес, бранејќи го јавниот интерес. Бранителот е застапник на обвинетиот и тој го застапува приватниот интерес на поединецот.

Според Уставот на Република Македонија, Јавното обвинителство е самостоен државен орган што ги гони сторителите на кривични и други казниви дела.

***Кој е јавен обвинител?***

Јавниот обвинител е еден од најважните субјекти за време на целата кривична постапка. Целта на јавниот обвинител е лицата осомничени како сторители на кривичните дела да бидат изведени пред лицето на правдата. Врз основа на податоци што му се предочени од страна на граѓаните, полицијата, царинската управа, народниот правобранител, државната комисија за спречување на корупцијата, финансиската полиција и други органи, јавниот обвинител поднесува обвинение. Тој го поднесува и застапува обвинението пред надлежниот суд.

Според Уставот на Република Македонија, адвокатурата е независна јавна служба што обезбедува правна помош.

***Што е бранител?***

Бранителот е субјект што во кривичната постапка ги застапува интересите на обвинетиот. Професијата бранител може да ја врши само адвокат. Адвокат може да биде лице што е дипломиран правник со положен правосуден и адвокатски испит.

Кога на обичниот граѓанин му е потребен правен совет или друг вид правна помош, тој најчесто се обраќа кај адвокат. Обраќањето до адвокатот е првиот чекор што го преземаат поединците, пред преземањето други правни активности.



За да може успешно да ги застапува интересите на

обвинетиот, меѓу бранителот и обвинетиот мора да постои однос на доверба. Тоа се постигнува, пред сè, со правото на обвинетиот сам да го избере бранителот. Во ситуација кога обвинетиот нема доволно материјални средства сам да обезбеди бранител, судот е должен да му го додели. Без оглед на тоа на каков начин адвокатот станал бранител на едно лице, тој е должен да го чува како тајна сето она што го дознал од обвинетиот (клиентот) во текот на целата постапка. Тоа претставува не само морална, туку и негова законска обврска. Адвокатот мора да работи во согласност со правото и со професионалната етика.

Да се биде адвокат значи да се:

- даваат правни совети;
- поднесуваат тужби;
- посредува при склучување договори меѓу правни и физички лица;
- застапуваат граѓаните и правните лица на суд;
- работи врз основа на законот и професионалната етика;
- чува како професионална тајна сè што му кажуваат странките.

**ПРАШАЊА 1:**

1. Во која постапка се вкрстуваат функциите на обвинителот и на бранителот?
2. Кого застапува обвинителот, а кого бранителот?
3. Доколку вие сте обвинет за кривично дело, дали би имале целосна доверба во вашиот бранител? Дали својот бранител би го запознале со факти што се неповолни за вас?

# 3.8. ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

## ПРОБЛЕМ 1:

**Кога сонот не станува реалност...**

Живеев во едно сиромашно семејство, но сепак бевме радосни и горди со она малку што го имавме. Многупати се сонував себеси како јунак што ќе донесе сè во нашата куќа и размислував што прво би направила ако имав пари. Сигурна бев дека би изградила една голема куќа во која секој би имал своја соба добро наместена за живот, би му платила на татко ми еден приватен лекар за неговата болест, а на двајцата помали браќа би им овозможила образование надвор од државата, бидејќи се одлични ученици.

Еден ден моите соништа почнаа да стануваат реалност, кога еден мој роднина ми понуди работно место во странство. Работата според него беше многу лесна и добро платена. Премногу се израдував и мислев дека сега ќе станам херој. Брзу ги средив документите и тргнав во земјата на надежта.

Мојот роднина најпрвин ме запозна со мојот газда (шеф) и по проверката на исправноста на документите се изјасни дека сè е во ред и дека можам да почнам со работа од утре. За сместување ми предложи еден мал, но добро наместен стан. Ми ги зеде документите за да ме пријави кај надлежните органи (полиција). Мојата радост ги надмина сите очекувања и мислев дека си ја постигнав целта.



Од радост не можев да заспијам, кога неочекувано се отвори вратата, иако претходно ја заклучив, и во собата влегоа три непознати лица... И мојата храброст заврши пред да почне... Денес, јас, херојот од моите сништа, со високи потпетици талкам по улиците, барајќи гадни клиенти за да ги полнам џебовите на својот макро.

1. Кој бил сонот на младата девојка?
2. Каква работа ѝ била понудена и од кого?

3. Кога започнала да работи и што се случило со нејзините лични документи?
4. Што се случило вечерта пред нејзиниот прв работен ден?
5. Што работи “денес” и на што станала жртва?

**_Што е трговија со луѓе?_**

Трговијата со луѓе е т.н. “ропство на модерното време”.

Многу млади лица во потрага по поголема заработувачка и подобар живот, измамени од добро организирани криминални мрежи, со закана, присила, тепање, малтретирање, изгладнување и силување, се принудени да работат, слугуваат или да даваат сексуални услуги за пари. Или на друг начин кажано, тоа е кога некој ве носи од едно место на друго, ви ветува работа или ви нуди брак преку принуда, користејќи лага, итрина и сила. Тоа е т.н. “ропство на модерното време”, а оние што со тоа се занимаваат нема да се поколебаат да ви нанесат зло вам и на вашето семејство. На лицата со коишто се тргува им се одземаат личните документи, ги препродаваат од еден сопственик на друг, во земјата во којашто живеат и во странство. Ги чуваат целосно изолирани од надворешниот свет, а секој отпор или обид за бегство жестоко се казнува.

**_Која е разликата меѓу трговијата со луѓе и проституцијата?_**

Жртвите на трговија со луѓе се во ропски однос. Тие, без нивна согласност, со притисок и тортура се принудени да даваат сексуални услуги за пари. Сопственикот им ја зема целата заработувачка - жртвата не добива ништо.

Проституцијата, или како што некои уште ја нарекуваат најстариот занает на светот, претставува продавање на сопственото тело за одреден паричен надоместок, односно пружање сексуални услуги за одредена сума пари. Значи, проститутките не се во ропски однос - тие по своја волја нудат сексуални услуги за пари. Во современото општество, не се само жените оние што нудат сексуални услуги за пари, туку постои и сè поголем број мажи што ја нудат истата услуга и тие популарно се нарекуваат машки проститутки.

Во повеќето земји проституцијата е забранета, но постојат и такви како Холандија, Белгија или Германија, каде што проституцијата е со закон легализирана и таквиот вид услуги се нудат во регистрирани јавни куќи.

**_Кои се трговците со луѓе, кои средства и техники ги користат?_**

Трговците со луѓе се организирани на различни нивоа, почнувајќи од мали групи на поединци што ги пронаоѓаат потенцијалните жртви, па сè до

добро организирани криминални мрежи чијшто вкупен годишен приход од овој профитабилен “бизнис”, според ИОМ (Меѓународна организација за миграции) изнесува околу 7 милијарди американски долари.

Во прилог на констатацијата за организираноста на овој вид криминал е и начинот на регрутирање на овие лица, пред сè девојки и жени. Станува збор за востановен ред или “шема” за станување жртва, што се движи од воспоставувањето доверба, па сè до нејзиното целосно изигрување (што се состои од разни видови сексуална, физичка и психичка злоупотреба).

Постојат повеќе начини на регрутирање на жртвите, а еден од нив е преку јавни огласи во коишто се нудат атрактивни места за работа во странство. Обично се бара добар изглед, привлечност, да бидат помлади, немажени и сл. Фотографиите се задолжителни. Примамливоста на понудите се должи и на високите, а всушност нереални приходи што им се ветуваат. Подведувачите се претставуваат како агенции и оставаат само телефонски број. По правило, се нудат места за бебиситерки, домашни помошнички, модели, стујардеси, танчерки, деловни секретарки и сл. Интересно е дека на овие огласи најчесто се пријавуваат млади, амбициозни, способни и образовани девојки што зборуваат странски јазик.

Друг начин на регрутирање жртви е на девојки од руралните средини коишто по завршувањето на основното образование не се во можност да го продолжат своето школување поради недостиг на финансиски средства. Ним им преостанува да се занимаваат со работи што се типични за селото. Токму затоа тие се “идеални жртви”. Ним им се “лепат” луѓе што им ветуваат сè и сешто - облека, луксузни автомобили, убави мажи, “луди” забави, храна во изобилство и слично, им ја разгоруваат фантазијата, им ги ветуваат најубавите нешта што можат да ги видат само на телевизија.

Трет начин на регрутирање е кога девојките се продавани од страна на нивните родители или роднини.

По регрутирањето на жртвите, следи транзит односно нивно преселување до местото каде што ќе работат (разни бордели, кафеани, мотели, хотели и сл.), каде што се изложени на режим на експлоатација. Овој режим се одржува преку мноштво присилни механизми - употреба на насилство, експлоатација на економска немоќ (ранливост) и изолација на самата жртва.

***Како правно е санкционирана трговијата со луѓе?***

Трговијата со луѓе претставува ново кривично дело и таквите трговци подлежат на кривична одговорност. Постојат повеќе меѓународно усвоени документи што ја регулираат оваа материја. Најзначаен од нив е Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на тргувањето со лица, особено со жените и децата, донесен како додаток на Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал, усвоена на Меѓународната конференција во Палермо, Италија во 2000 година.

Во рамките на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, постои посебно формирана Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција. Во Комисијата членуваат претставници на повеќе министерства. Исто така, во Министерството за внатрешни работи се наоѓа и прифатниот центар (т.н. шелтер) во кој се прифаќаат жртвите од трговија со луѓе, им се пружа здравствена заштита, за подоцна безбедно да бидат вратени во земјите од кои што потекнуваат.

Во Република Македонија постојат и многу невладини организации што работат со самите жртви на трговијата со луѓе, како и со превентивно дејствување преку разни едукативни кампањи, публикации и сл.

**Невладини организации**

**Женско лоби и акција против насилство и трговија со жени “Отворена порта – Ла страда”- Скопје**

Адреса: . Факс 110, Скопје
Телефон: 02/2 700 107
Е-пошта: lastrada@on.net.mk; www.lastrada.org.mk

**Главни активности:**

- Информирање на јавноста преку комуникација со медиумите
- Привремено сместување
- Психо-социјална помош
- Основна правна помош
- Помош при вадење на лични документи
- Основна помош – храна, облека и хигиенски средства
- Превентивни лекции за млади луѓе

- Медицинска помош
- СОС-линија за информација и превенција од трговијата со луѓе (02/ 2 777-070)
- Контакти со останати локални и странски невладини организации

**Здружение на жени-правници во Република Македонија "ТЕМИС"**

Адреса: ул. "Васил Ѓоргов" бр. 34/5а, Скопје
Телефон: 02/ 3 082 932
Е-пошта: info@temis.com.mk; www.temis.com.mk

**Главни активности:**
- Едукација
- Медиумски кампањи за подигнување на јавната свест
- Истражување
- Директна правна поука и правна помош на жртвите на трговијата со луѓе, во сите фази на судската постапка - преткривична, кривична и граѓанска судска постапка
- Давање стручни коментари и мислења за правна реформа во делот на трговијата со луѓе
- Контакти со НВО-и и владини институции

**Граѓанска иницијатива за еднакви можности "СЕМПЕР"- Битола**

Адреса: ул. "Сисак" бр. 23, Битола
Телефон: 047/ 252 095
Е-пошта: semperbt@yahoo.com

**Главни активности:**
- Превенција од трговија со луѓе (едукација, медиумски кампањи)
- Директна помош (психо-социјална, здравствена заштита)
- СОС-линија за жртви од семејно насилство (047 251 000)

**Сојуз на жени "Езерка" - Струга**

Адреса: ул."Ѓуро Салај" бр.2, Струга
Телефон: 046/ 784 495
Е-пошта: dlazareski@yahoo.com

**Главни активности:**

- Медиумски кампањи
- Превенција
- Тренинзи
- Заштита
- Правна помош

**Здружение на граѓани “Женски центар”- Гостивар**

Адреса: ул. “Браќа Гиноски” бб, 1230 Гостивар
Телефон: 042/ 212 810
Е-пошта: womencentregostivar@yahoo.com

**Главни активности:**

- Превенција
- Едукација
- Психо-социјална помош
- Советувања

**Сојуз на организации на жени на Република Македонија - СОЖМ**

Адреса: ул. “Васил Ѓоргов” бб, барака 4, 1000 Скопје
Телефон: 02/3 134 390
Е-пошта: sozm@mt.net.mk

**Главни активности:**

- Медиумски кампањи
- Работилници за превенција
- Трибини
- СОС линија за млади (02/3 110 162)

## 3.9. МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

Во 2005 година, за вршење кривично дело биле пријавени 23.814 полнолетни и 1.262 малолетни лица. Во Република Македонија, малолетниците што ќе сторат кривично дело се третираат поинаку од полнолетните лица. Поголемиот број држави дури имаат специјализирани судови за малолетници. Целта што овие судови сакаат да ја постигнат е поинаква од целта на судовите за возрасни. Малолетничките судови го потенцираат превоспитувањето и рехабилитацијата. Малолетничките судови не постоеле отсекогаш. Сè до крајот на 19-от век, малолетниците што ќе го прекршеле законот биле третирани како возрасни. На многу луѓе тоа не им се допаѓало и напорно работеле за да го изменат законот. Биле формирани специјални судови, пред сè за да им помогнат на малолетниците, а не да ги казнат. Во малолетничките судови, младите луѓе денес се третираат како луѓе на коишто им е потребна помош, превоспитување и поддршка.



### *Што е тоа малолетник?*

Во нашата држава за малолетник се смета лице што во времето на сторување на кривичното дело немало наполнети 18 години. Но, дали секој што нема наполнети 18 години и ќе стори кривично дело, ќе има ист третман од страна на законот? Не!

Според член 71 од Кривичниот законик: на малолетник што во времето на извршувањето на кривичното дело нема наполнети 14 години (дете), не може да му се изрече кривична санкција. Лицата што наполниле 14 години, но не и 18 години, законот ги нарекува малолетници и притоа прави разлика:

14 – 16 години – помлад малолетник (поблага казна)

16 – 18 години – постар малолетник (построга казна)

### *Какви мерки можат да се изречат?*

Поинаквиот третман на малолетниците во кривичниот закон, доаѓа до израз и во видот на кривичните санкции што можат да им бидат изречени. На малолетниците можат да им бидат

изречени *само воспитни мерки*. Кривичниот законик познава три вида воспитни мерки, и тоа:

1. *дисциплински мерки*: укор или упатување во дисциплински центар за малолетници;
2. *мерки на засилен надзор*: од страна на родителите, посвоителот или старателот, во друго семејство, или од страна на социјалните органи;
3. *заводски мерки*: упатување во воспитна установа и во воспитно-поправен дом.

Само по исклучок на постар малолетник може да му биде изречена казна затвор.

При изборот на воспитната мерка, судот зема предвид неколку карактеристики, а особено возраста на малолетникот, степенот на неговата душевна развиеност, неговите психички својства, склоности, дотогашното воспитување, средината и условите во коишто живеел, тежината на делото и др. За судијата е многу важно и тоа дали кон малолетникот порано била изречена воспитна мерка или казна малолетнички затвор.

Статистички податоци:
Во 2005 година, 889 малолетници биле обвинети за вршење кривично дело, од кои 762 биле осудени.

Казните што ги добиле се следниве:

1. малолетнички затвор – 8 лица
2. дисциплински мерки: укор – 93 лица
3. мерки на засилен надзор:
- надзор од страна на родители – 284 лица
- надзор од страна на социјален орган – 122 лица
4. заводски мерки:
- воспитен орган – 5 лица
- воспитно-поправен дом – 15 лица

### ***Вандализам***

Вандализмот претставува свесно уништување или оштетување туѓ имот. Сторители на вандалски дела се најчесто малолетници. Вандализмот предизвикува штета од милиони денари секоја година. Во него спаѓаат: кршење столици и прозорци, гребење автомобили, горење домофони, уништување на уличното осветлување, палење контејнери, уништување на градското зеленило, цртање и пишување графити на недозволени места итн.

## ПРАШАЊА 1:

1. Зошто младите вршат дејствија на вандализам?
2. Што може да се стори за да се редуцира вандализмот?
3. Дали сметате дека дејствијата што во моментов се сметаат за вандалски треба да останат определени како такви?
4. Ако навечер видите двајца млади како фрлаат камења врз прозорците на училиштето, дали ќе ги пријавите во полиција? Зошто? Под претпоставка да ги видите вашите другари како фрлаат камења врз прозорците од куќата на вашиот сосед. Дали ќе ги пријавите во полиција, или не? Зошто? Дали вашите одговори беа идентични во двете ситуации? Ако не, објаснете зошто?

***Тенденција на движење на бројот на обвинети малолетни лица***

| Обвинети малолетни лица | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| година | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 |
| број на обвинети | 1548 | 1021 | 1285 | 1190 | 1154 | 1088 | 999 | 1027 | 1004 | 889 |

## ПРАШАЊА 2:

1. Каква тенденција можете да забележите во обемот на обвинети малолетни лица во Република Македонија, во периодот од 1996 до 2005 година?
2. Доколку забележувате одредени драстични промени, објаснете како резултат на што мислите дека се случиле промените.



ГРАЃАНСКО ПРАВО

# ГРАЃАНСКО ПРАВО

УЧИМЕ ПРАВО / ГЛАВА 4



## 4.1. ДОГОВОР

***Што е договор?***

Веројатно секое лице го знае или го употребува терминот “договор”. Кога се употребува овој правен термин, всушност се подразбира дека две или повеќе лица постигнале согласност за одредени работи. За да ги задоволат своите секојдневни и најразлични потреби, граѓаните и компаниите стапуваат во интеракција со други лица од кои можат да го добијат она што им е потребно. Граѓанинот, односно компанијата, има потреба од стоки (на пример: облека), услуги (на пример: автобуски превоз), или градежни работи (на пример: изградба на локален пат), а сето тоа се остварува преку склучување и реализирање договори. Иако можеби не сме свесни, купувањето зеленчук од зелениот пазар претставува склучување и реализирање договор меѓу лицата што се вклучени во оваа трансакција. Во конкретниот случај, тоа се продавачот – лице што нуди и продава зеленчук и купувачот – лице што бара и купува зеленчук. Продавачот има волја да го отстапи она што му припаѓа, што е негова сопственост – зеленчукот – за што добива соодветен надоместок во вид на пари, а купувачот има волја да даде пари за да се стекне со зеленчук што му е потребен за да ги задоволи своите прехранбени потреби.

Во секој договор постојат две или повеќе страни што го склучуваат и за коишто произлегуваат определени права и обврски. Сите страни се должни да го почитуваат она што е содржано и утврдено во договорот.



**ПРОБЛЕМ 1:**

Разгледајте ги долунаведените ситуации и одлучете дали во секоја од нив бил склучен договор. Образложете го својот став.

1. Спроведувач на аукција прашува: “Што добивам за овој антички кауч? ”Некој од публиката одговара: “30.000 денари!”
2. Весна ѝ вели на Надица: “Сакам да го продадам велосипедот за 10.000 денари.” Надица одговара: “Во ред, еве ти ги парите. Јас ќе го купам.”



3. Таткото ѝ ветува на Пакизе дека ќе ѝ даде 50.000 денари кога ќе наполни 18 години. На својот 18-ти роденден, Пакизе си ги бара парите.
4. Стоејќи на едниот крај од долг мост, Љуљзим му вика на Артан: “Ако поминеш преку мостов, ќе ти дадам 500 денари.” Артан не вели ништо, но почнува да поминува преку мостот.
5. Бојан му нуди на Марко 1.000 денари да украде четири раткапни за неговиот автомобил. Марко ги краде раткапните, му ги носи на Бојан и си ги бара парите.

### *Каква форма има договорот?*

Најчесто договорите имаат писмена форма, односно се склучуваат на хартија на којашто се потпишуваат договорните страни. Не мора секој договор да биде во писмена форма. Може да биде и устен, како во горенаведениот пример, но може да се склучи и реализира и без користење на пишани или усно изречени зборови, туку со т.н. конклудентни дејствија (гестикулации, мимики или други човекови движења). Пример за ова е кога на тезга е истакната цената на една метла, а лицето што сака да ја купи дава пари и ја зема во своја сопственост. Се разбира, за одредени видови договори законот бара задолжителна писмена форма за да се сметаат за валидни (на пример, договор за купопродажба на недвижен имот - стан), или пак е препорачливо истиот да биде склучен во писмена форма.

### *Какви типови на договори постојат?*

Со договорот за купопродажба, продавачот се обврзува да ја предаде стварта на купувачот, додека пак купувачот се обврзува да ја плати цената на стварта.

Постојат најразлични видови договори, бидејќи нема ограничувања за што сè може да се постигне согласност меѓу договорните страни. Ограничувања постојат за предметот на договорот. На пример, ствар што е забранета за промет (опојни дроги), не може да биде предмет на договор.

Најчест договор со кој се среќаваат и го употребуваат речиси сите лица, е **договорот за купопродажба**. Предмет на овој договор можат да бидат најразлични предмети: прехранбени продукти, електронски уреди, нови или користени. Основната обврска што произлегува за продавачот е да ја предаде, односно испорача стварта на купувачот. Од друга страна, купувачот има обврска да ја плати договорената цена за истата ствар. Најчесто, предавањето на стварта и плаќањето на цената се вршат истовремено, но може да се договори и подоцнежна испорака (на пример: автомобилот е уплатен, меѓутоа испораката ќе се изврши во рок од 30 дена), или подоцнежна

уплата на парите (на пример, компјутерот е испорачан, меѓутоа плаќањето се врши на неколку рати).

**ПРОБЛЕМ 2:**

Бардиљ Мехмети сакал да купи компјутер од локалниот дистрибутер и продавач на светски позната марка на персонални компјутери. Од страна на продавачот бил информиран дека компјутерот може веднаш да му биде испорачан, а дека цената може да ја отплаќа на шест месечни рати, за што ќе плати камата од три проценти на вкупната сума. Бардиљ сметал дека дадената понуда му одговара и поради тоа ја уплатил првата рата и го земал компјутерот. Останатиот износ продавачот ќе го наплати од платата на Бардиљ, на еднакви месечни рати, за што двете страни склучиле договор.

1. Што е предмет на договорот? Дали предметот е движен или недвижен?
2. Која договорна страна е продавач, а која купувач?
3. Дали постои истовремено исполнување на обврските на продавачот и на купувачот?

***Кога се склучува договор за закуп?***

Преку овој договор, закуподавачот (лице во чија сопственост е предметот) му предава определен предмет на закупувачот (лице што ќе го употребува дадениот предмет), за што добива договорена сума на пари од страна на закупувачот. Таа цена односно сума на пари, во договорот за закуп се нарекува закупнина. Најчест предмет на закуп е недвижен имот (стан, куќа, деловен простор). Обврска на закуподавачот е да го предаде предметот во исправна состојба и да го одржува во таква состојба додека трае и се применува договорот за закуп. И закупувачот има обврска да се грижи за предметот како добар стопанственик и домаќин. Во спротивно, за секое оштетување на предметот поради неводење грижа, одговара закупувачот. Главна обврска на закупувачот е плаќањето на закупнината во редовен рок.

Договор за закуп се склучува кога некое лице има потреба од користење одреден предмет што не е во негова сопственост.

**ПРОБЛЕМ 3:**

Владата на Република Македонија склучила договор за закуп на деловен простор со сопственикот на просторот, Никола Николовски. Во договорот, Николовски се согласува за период од една година да го отстапи на

користење деловниот простор со површина од 120 м2, а Владата се согласува за користење на просторот да плаќа месечна закупнина во износ од 30.000 денари.

1. Кој е закуподавач, а кој е закупувач во конкретниот пример?
2. Што е главна обврска на закуподавачот, а што на закупецот?
3. Дали овој договор треба да биде во писмена форма?

### ***Шт̄о е нечесна до̄говорна одредба?***

За **нечесна договорна одредба** се смета секоја одредба што не била претходно договорена меѓу продавачот и потрошувачот и со која се нарушува сразмерноста на правата и обврските, на штета на потрошувачот. Нечесни договорни обврски може да постојат за кој било елемент на договорот (цена, карактеристики на производот, време на испорака, раскинување на договор и сл.). На пример, нечесна договорна обврска постои кога продавачот си резервира право да ги менува карактеристиките на производот (мебел изработен од иверица, наместо од медија-пан), а токму карактеристиките биле суштинскиот предмет на договорот.

### ***Шт̄о се случува доколку до̄говорот̄ не се ӣочит̄ува?***

Она што е утврдено со договорот, треба да го почитуваат двете страни. Доколку прекршат некоја одредба од договорот (не ја исполнат својата обврска), тогаш може да се применат санкции за онаа страна што не ја исполнила својата обврска. Страната што го прекршила договорот е одговорна за евентуалната штета и истата мора да ја надомести. Доколку страните не можат пријателски и спогодбено да го разрешат спорот, тогаш поведуваат постапка пред надлежен суд.

**ПРОБЛЕМ 4:**

Дарко Милосавлев склучил договор за заем со Таки Стерјов, со кој се обврзал да му даде 20.000 денари на Таки. Таки се обврзал во рок од 60 дена да му го врати истиот износ на пари. По истекот на 60-те дена, Таки не му ги вратил парите, по што Дарко се обидел на пријателски начин да се спогоди со Таки, давајќи му дополнителни 15 дена за враќање на долгот. Но и по истекот на овој рок, парите не му биле вратени, а Таки избегнувал секаков контакт со Дарко. Поради тоа, Дарко решил да поднесе тужба до Основниот суд во Штип,

во којашто бара судот да донесе одлука со која на Таки ќе му биде наложена исплата на долгот, како и надомест за загубената добивка, со оглед на тоа што планирал парите да ги инвестира во деловен потфат. По одржувањето неколку судски рочишта, судот го уважил барањето на Дарко и досудил Таки да исплати вкупен износ од 30.000 денари, вклучувајќи ја и каматата.

1. Каков договор склучиле Дарко и Таки и што бил предмет на договорот?
2. Каква договорна обврска не била испочитувана?
3. Дали спорот е директно изнесен пред суд по истекот на 60-те дена?
4. Зошто судот досудил исплата на штета во износ од 30.000 денари, кога заемот бил 20.000 денари?

## 4.2. ПРАВА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

***Кои се причините за појавата на правата на потрошувачите?***

Современото општество со право се нарекува потрошувачко општество. Граѓаните денес решаваат да ги трошат своите пари заради задоволување на најразличните животни потреби, но и заради уживање во луксузите што ги нуди цивилизацијата. При набавката на стоки и услуги, граѓаните како потрошувачи стапуваат во односи со оние субјекти што ги нудат, продаваат и обезбедуваат бараните стоки и услуги.

Многу често стоката или услугата го нема потребниот квалитет, или се плаќа цена што е нереално висока, поради тоа што продавачот на таа стока или услуга е единствен на пазарот и ја определува цената. Затоа се појавила потреба за создавање правила што ќе овозможат потрошувачите да бидат заштитени од евентуалните злоупотреби. Вакви правила одамна постојат и се применуват во рамките на ЕУ и во САД. Во Република Македонија, оваа материја за прв пат се регулираше со посебен закон во 2000 година, кога беше донесен Законот за заштита на потрошувачите, што во 2004 година беше заменет со нов.



***Кои се правата што потрошувачите треба да ги знаат?***

Една од основните обврски на продавачот е да му даде на купувачот точни и корисни информации за производот и условите за продажба (цени, попусти, начини на плаќања и сл.), и тоа уште пред купувачот да одлучи да го купи. Продажните услови мора да бидат истакнати јасно и на видно место. Секако, најсоодветно место е покрај изложениот производ, за да се избегнат евентуалните недоразбирања. Доколку производот може да има влијание врз животната средина или врз здравјето на луѓето,

тогаш обврска на продавачот исто така претставува давањето информации за мерките за заштита.

Многу често голем број на производители или дистрибутери на производи се одлучуваат вниманието кон својот производ да го привлечат (а со тоа да постигнат и зголемена продажба) преку ветување награда за купено одредено количество производи. Во таков случај, при извршеното купување, продавачот е должен без одлагање да ја даде наградата (на пример, за купена машина за перење, да се подари прашок за перење).

Продавачот е должен на јасен и видлив начин да ја истакне цената на производот во денари, на самата амбалажа од производот.

Доколку продавачот врши распродажба на одредени производи, цените мора да ги изложи на еден од следните начини:

- наведување на новата цена покрај прецртаната стара цена;
- наведување на зборовите "нова цена" и "стара цена";
- наведување на процентот на намалување на цената, со означување на новата цена и прецртана стара цена;
- наведување на процентот на одобрено намалување за секој одделен производ.

Доколку производот не одговара на потребите на потрошувачот, тој има право во рок од 15 дена да го замени производот со друг. Услов е производот да е неупотребуван и неговиот изглед е сочуван (етикета, фискална сметка, пломби, итн.). Доколку продавачот нема производ со кој би го заменил, потрошувачот може да бира дали ќе му бидат вратени парите, или ќе го замени производот за друг кога производителот ќе има други производи. На пример, Маја купила фустан од бутик во градскиот трговски центар. Кога се вратила дома, сфатила дека фустанот ѝ е малку мал и тесен. Наредната недела, Маја отишла во бутикот да го замени некористениот фустан за поголем. Бидејќи немале соодветен број, Маја побарала да ѝ бидат вратени парите.

За да ги остварите своите потрошувачки права задолжително чувајте ја фискалната сметка за купениот производ или добиената услуга.

### *Фискална сметка*

За секој продаден производ, продавачот е должен да му издаде на купувачот фискална сметка. Од друга страна, постои обврска за купувачот да ја чува фискалната сметка, бидејќи ако е потребно да се изврши поправање или замена на производот, со фискалната сметка купувачот докажува дека тој производ е купен токму од продавачот.

Секој производ мора да има декларација што задолжително е напишана на македонски јазик, со кирилично писмо.

### *Гаранција и сервисирање*

Продавачот е должен да издаде гаранција за квалитет и исправно функционирање, како и упатство за користење за производот што го продава. Еден од начините потрошувачот да се заштити од производ што често се расипува е правото да бара од продавачот, доколку повеќе од три пати во текот на гарантниот период производот се расипе, истиот да го замени со нов или да му ги врати парите на купувачот.

### *Заведувачко рекламирање*

Секое рекламирање што може да го доведе во заблуда потрошувачот и да го одреди неговото однесување (одлука да го купи производот), се нарекува заведувачко рекламирање. Таквото рекламирање е забрането. На пример, една компанија за мобилна телефонија рекламира понуда за ефтини разговори по цена од 1 денар за минута, без да наведе дека оваа тарифа важи по првата минута од разговорот.

### *Безбедност на производите*

Во промет (продажба) може да се пуштаат само безбедни производи, односно производи што ги задоволуваат техничките стандарди и нивното користење да не претставува ризик, или ризикот е минимален. Уште построги безбедносни стандарди и услови треба да исполнуваат производите што спаѓаат во групата на детски играчки. Тука спаѓаат сите производи и материјали што се наменети за деца под 14 години, бидејќи се сметаат за категорија на лица што повеќе се подложни на различни ризици и опасности.

Доколку производот има одредени **недостатоци** што на купувачот може да му предизвикаат штета, продавачот има одговорност да ја надомести евентуалната штета (бесплатна поправка, сразмерно враќање на дел од парите и сл.). За да си го оствари ова право, потрошувачот при враќањето на производот мора да достави фискална сметка и гаранција.

### *Договор склучен на далечина*

Ваков договор постои кога за склучување на договорот се користи некое средство за далечинска комуникација (стандардни писма, телевизија, телефон, интернет и сл.) и без физичко присуство на продавачот и купувачот. На пример, издавач на книги испраќа каталог на свои публикации со формулар за нарачка и уплатница до определен број лица и потенцијални потрошувачи. При ваква купопродажба, продавачот е должен да го испорача

производот во предвидениот рок, но не подоцна од 30 дена од денот кога ја примил нарачката.

### *Како и до кои институции се обраќаат потрошувачите за заштита на своите права?*

**Државен пазарен инспекторат -** Обврска на секој продавач е на видно место да го објави телефонскиот број на Државниот пазарен инспекторат (02 3162 341). Најчесто овој број е истакнат на влезната врата од објектот, или покрај касите за плаќање. Целта на оваа законска одредба е да се даде можност на незадоволните потрошувачи што сметаат дека им е злоупотребено некое право, веднаш да реагираат со јавување до надлежниот орган. Освен на повик од потрошувачите, Државниот пазарен инспекторат врши и редовни инспекции врз работата на продавачите, односно давателите на услугите. Во случај инспекторот да констатира дека продавачите не се придржуваат на законските обврски, има право, меѓу другите мерки, привремено да му забрани на трговецот да ја врши дејноста.

**Совет за заштита на потрошувачите -** Овој Совет брои 12 членови, формиран е од страна на Владата и во него се застапени и потрошувачите. Советот има за цел да ја следи состојбата во областа на заштитата на правата на потрошувачите, да води грижа за остварување на правата и да ги информира потрошувачите за нивните права. Формирање ваков Совет е задолжително и во рамките на општината.

**НВО сектор -** Потрошувачите имаат право да се здружуваат и формираат здруженија на граѓани (НВО) преку коишто ќе ги остваруваат своите права и интереси. Со закон им се дава право на ваквите здруженија да иницираат предлози, поднесуваат иницијативи и даваат мислење за прашања поврзани со правата на потрошувачите. Исто така, имаат право да разгледуваат жалби, да им помагаат и да им даваат информации на потрошувачите. Најголемо здружение на граѓани што ги застапува интересите на потрошувачите во нашата земја, е Организацијата на потрошувачите на Македонија (ОПМ)

Адреса: ул.”Водњанска” б.б.
1000 Скопје.
Телефонски број: 02 3113 265
Веб страна: http://www.opm.org.mk/.

## ПРОБЛЕМ 1:

Од продавницата за бела техника и уреди за домаќинство “Совршен квалитет” во Куманово, Светлана Станисављевиќ купила правосмукалка по цена од 3.500 денари, за што ѝ била издадена фискална сметка. Веднаш по купувањето, производот покажал недостаток. Производот е сервисиран пет пати оттогаш, но проблемот сè уште не е решен. И во моментов производот е оставен за поправка кај продавачот, којшто ветува дека ќе го поправи, но Светлана нема доверба дека производот ќе биде поправен.

***Закон за заштита на потрошувачите***

Член 20

“Трговецот мора за продадениот производ, односно извршената услуга, на потрошувачот да му издаде фискална сметка, односно јасно видливо и читливо напишана сметкопотврда, доколку со друг пропис не е поинаку определено.”

Член 22

“Производот може да се сервисира најмногу три пати во рамките на гарантниот рок и доколку не се поправи производот, потрошувачот има право да бара од трговецот да го замени за ист таков нов и исправен производ, или да му го врати платениот износ на потрошувачот за купениот производ.”

Член 45

“За да ги оствари своите права од овој Закон, потрошувачот е должен да приложи фискална сметка за производот, односно јасно, видливо и читливо напишана сметкопотврда, а за производите за коишто постојат рокови за гаранција, да приложи и гарантен лист или друг документ што го заменува.”

Член 128

“Здруженијата на потрошувачите имаат право да:

- разгледуваат жалби на потрошувачи;
- го известат надлежниот инспекциски орган кога ќе дознаат за производи или услуги со недостаток;
- им помагаат на потрошувачите при поднесување тужби до надлежните судови… ;

- посредуваат во потрошувачки спорови настанати меѓу трговецот и потрошувачот, во врска со купените производи или извршената услуга.”

Член 134

“Ако инспекторот при вршење на надзорот утврди дека трговецот:
... 2) не издал гаранција за квалитетот, ... и по три извршени такви сервисирања да го замени со ист таков нов и исправен производ, или да му го врати на потрошувачот платениот износ за купениот производ...
... ќе донесе решение за забрана на продажба на призводите и ќе определи рок за отстранување на недостатоците.”

Член 136

“Со парична казна од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице што:
... 4) нема да издаде гаранција за квалитетот, ... и по три извршени такви сервисирања да го замени со ист таков нов и исправен производ, или да му го врати на потрошувачот платениот износ за купениот производ…”

1. Кое лице во случајов е потрошувач, а кое лице е трговец (продавач)?
2. Од што не е задоволен потрошувачот?
3. Кое право на потрошувачот е повредено? Дали со издавање фискална сметка продавачот се ослободува од другите обврски?
4. Што може да преземе потрошувачот?
5. Кој, дали и какви казни може да му бидат изречени на продавачот?
6. Што би преземале вие доколку се наоѓате во улога на продавач, што доколку сте купувач, а што доколку сте пазарен инспектор?

## 4.3. СЕМЕЈНО ПРАВО

Семејството е животна заедница на родители, деца и други роднини (доколку живеат во заедничко домаќинство). Семејството настанува со раѓање и со посвојување деца.

Современото општество се карактеризира со живот на луѓето во заедница. Првата и најмала заедница што се појавува во животот на еден човек е семејството.

Семејното право ги уредува прашањата поврзани со бракот, односите во бракот и семејството, односите помеѓу родителите и децата, посвојувањето, старателството и издржувањето.

***Кој може да склучи брак?***

Брак можат да склучат две лица од различен пол, кога за тоа ќе изразат волја. Бракот нема да се смета за полноважен доколку согласноста за склучување на бракот е дадена под присила, или во заблуда.

Само лицата што имаат наполнети 18 години можат да склучат брак. Но во определени ситуации тоа може да им се дозволи и на лица што имаат наполнети 16 години, ако се утврди дека тие достигнале телесна и душевна зрелост што им овозможува вршење на правата и должностите што настануваат во бракот. Ваквата дозвола за склучување брак ја дава судот. Лицата што се душевно заболени или заостануваат во менталниот (психичкиот) развој, не можат да склучат брак.



Забрана за склучување брак постои и за крвните роднини, односно тие не можат да склучат брак меѓу себе. Кај нас, но и во најголем број држави во светот, постои забрана за склучување брак меѓу лица од ист пол. Но, постојат држави што прават исклучок и од ова општо правило. Холандија прва даде зелено светло и ги легализираше браковите меѓу лицата од ист пол, по што ѝ се придружи и Англија.

Покрај бракот, во секојдневниот живот се среќаваме и со институцијата вонбрачна заедница. Разликата меѓу овие

две институции се состои во тоа што кај вонбрачната заедница не постои формално склучување на брак, но сепак постои заеднички живот меѓу партнерите повеќе од една година. Иако децата се родени во вонбрачната заедница, тие ги имаат истите права како и децата родени во брак, всушност тие се потполно изедначени.

### *Како се склучува брак?*

Лицата што сакаат да склучат брак, поднесуваат пријава до органот на управата што ги води матичните книги на венчаните. Откако матичарот ќе го разгледа барањето, тој издава решение со кое се дозволува или не се дозволува (доколку постоеле одредени пречки) склучување на бракот.

Бракот е склучен кога идните брачни другари ќе се потпишат во матичната книга на венчаните. На самото потпишување му претходи свечена церемонија на којашто идните брачни другари даваат изјави со кои се согласуваат бракот да биде склучен.

**ПРАШАЊА 1:**

1. Дали некогаш сте присуствувале на церемонија на склучување брак?
2. Дали при склучувањето брак е задолжително да присуствуваат сведоци? Доколку мислите дека е задолжително, која е нивната бројка и како уште се нарекуваат овие лица во секојдневниот говор?
3. Во Република Македонија, браковите се склучуваат во простории на општината, т.н. “матично”. Дали мислите дека во поглед на местото каде што се склучува бракот треба да се направат законски измени, односно да се даде можност за негово склучување надвор од “матичното”?

### *Кога престанува бракот?*

Иако, по правило, бракот е трајна заедница на мажот и жената, сепак постојат неколку законски начини за престанување на бракот, а тоа се:

- со смрт на еден од брачните другари;
- со прогласување на исчезнатиот брачен другар за умрен;
- со поништување на бракот;
- со развод на бракот.

## ПРИМЕР 1:

Славица Дончевска извесен период била во врска со Стојан Петревски. По некое време, Стојан почнал многу да пие и нивната врска станала неподнослива. Кога Славица решила да ја прекине врската, Стојан ја побарал за жена. Таа ја одбила понудата, но тогаш Стојан почнал да се заканува и физички да ја малтретира, по што бракот бил склучен. По една година од склучувањето на бракот, Славица поднела тужба бракот да се прекине.

1. Зошто Славица побарала бракот да биде поништен ?
2. На кој начин мислите дека треба да престане бракот? Зошто?
3. Дали Славица го склучила бракот под присила, или била во заблуда?

***Тенденција на склучување бракови и разводи во Република Македонија***

| Година | Склучени бракови | Разводи |
|---|---|---|
| 1994 | 15.736 | 612 |
| 1995 | 15.823 | 710 |
| 1996 | 14.089 | 705 |
| 1997 | 14.072 | 1.021 |
| 1998 | 13.993 | 1.027 |
| 1999 | 14.172 | 1.045 |
| 2000 | 14.255 | 1.325 |
| 2001 | 13.267 | 1.448 |
| 2002 | 14.522 | 1.310 |
| 2003 | 14.402 | 1.405 |
| 2004 | 14.073 | 1.645 |
| 2005 | 14.500 | 1.552 |

## ПРАШАЊА 2:

1. Каква тенденција можете да забележите кај склучувањето бракови, а каква кај разводите?
2. Доколку забележувате одредени драстични промени, објаснете на што мислите дека се должат овие промени.

### *Односи на родители и деца*

Родителите имаат подеднакво право да се грижат за своите малолетни деца, поточно да се грижат за нивниот живот и здравје, да ги подготвуваат за самостоен живот и работа, да се грижат за нивното воспитување и школување.

Најчесто родителското право престанува кога детето ќе наполни 18 години (во случај на продолжено школување на детето, трае до завршувањето на студиите, но најмногу до наполнување на 26 години), но и кога тоа ќе стапи во брак, или кога ќе биде посвоено.

Продолжување на родителското право постои тогаш кога детето и по полнолетството, поради пречки во психичкиот развој не е способно само да се грижи за својата личност, своите права и должности. За продолжувањето на родителското право одлучува судот, по предлог на родителите или на центарот за социјална работа.

> Во секојдневниот живот постојат случаи кога родителите недоволно или воопшто не се грижат за своите деца, па по извршените процени од страна на Центарот за социјална работа, од страна на судот може да им се одземе родителското право на двајцата или на еден од родителите.

### *Што е посвојување?*

Посвојувањето е институција што овозможува создавање односи меѓу децата без родителска грижа (посвоеник) и посвоителите (оние што го посвојуваат детето). Овие односи се изедначуваат со оние односи што настануваат со раѓањето на детето. Како посвоеник може да се јави само малолетно лице. Посвојувањето може да се заснова најрано по навршувањето на три месеци старост на детето.

### *Што е старателство?*

Старателството е институција чија основна цел е заштита на лицата на коишто тоа им е неопходно, како што се:

- малолетни лица што од која било причина се лишени од родителска грижа;
- полнолетни лица што заради својата здравствена состојба имаат потреба од грижа и од заштита на своите права и интереси;
- други полнолетни лица што од најразлични причини не се во состојба да се грижат самите за себе и за заштитата на своите права и интереси.

Старателот се грижи за личноста и имотните права на лицето што е под старателство. Старател може да биде близок роднина, или лице поставено од ценатарот за социјална работа.

**Што е издржување?**

Во нашето семејно право е предвидена обврската за издржување на децата, родителите, другите роднини, како и издржување на брачните другари. Освен родителите, и децата се тие што треба да ги издржуваат своите родители, доколку истите се неспособни да се грижат самите за себе или немаат доволно средства за издржување.

Издржувањето на брачниот другар е една од обврските и правата што произлегуваат од брачната заедница. Имено, кога едниот брачен другар нема доволно средства за издржување, а е неспособен за работа, или е без работа без своја вина, има право на издржување од својот брачен другар.

**Која е улогата на Центарот за социјална работа?**

Работите поврзани со посебната заштита и помош на семејството, насилството во бракот и семејството, старателството, како и дел од работите поврзани со посвојувањето, ги врши Центарот за социјална работа.

Контакт-информации за сите општински центри за социјална работа, пријавувањето на семејното насилство и остварувањето на другите права од областа на семејното право, може да се најдат на www.uslugi.gov.mk, во одделот што се однесува на работата на Министерството за труд и социјална политика. За остварување на вашите права и интереси од оваа област, Владата на Република Македонија обезбедува податоци и преку телефонскиот број за поддршка 15-111.

## 4.4. НАСЛЕДНО ПРАВО

***Како настанува наследувањето?***

Секој човек во текот на својот живот станува сопственик на одредени предмети и права што по неговата смрт се пренесуваат на неговите наследници. Лицето чии предмети и права се пренесуваат, односно преминуваат на неговите наследници по неговата смрт, се нарекува **оставител.** Предметите и правата на оставителот, што се предмет на наследување по неговата смрт, се нарекуваат **оставина.**

Лицата на коишто се пренесуваат предметите и правата на оставителот, се нарекуваат **наследници.** Наследник може да биде само лице што е живо во моментот на отворањето на наследството. Интересно е дека наследник може да биде и лице што сè уште не е родено, но доколку во моментот на отворањето на наследството е зачнато и се роди живо, тоа лице ќе се смета за родено. Доколку некоја оставина е без наследник и нема кој да ја наследи, таа ќе ѝ припадне на Република Македонија.

При наследувањето, предност се дава на тестаментот доколку тој е во согласност со законот, односно доколку најмалку една половина од оставината им е распределена на т.н. нужни наследници.

Наследувањето се врши врз основа на закон и врз основа на тестамент. Во случај да не постои тестамент, се применува наследување врз основа на закон.






Законските наследници наследуваат во три наследни редови.




Во првиот наследен ред, децата и брачниот другар оставината ја делат на еднакви делови. На пример, доколку брачната двојка има две деца, по смртта на едниот брачен другар оставнината што се наследува ќе биде поделена на три еднакви дела, по еден дел за секое дете и еден дел за брачниот другар. Доколку некое од децата е починато, него го наследуваат внуците и правнуците.




Во вториот наследен ред, оставината меѓу родителите и брачниот другар се дели на два дела, а доколку родителите се починати, оставителот го наследуваат неговите браќа и сестри.




Во последниот, трет наследен ред, оставината се дели на два дела, дедовците и бабите по мајка и дедовци и баби по татко, а доколку некои од дедовците и бабите се починати, оставителот го наследуваат нивните потомци.

Од графичкиот приказ може да се заклучи дека наследниците од повисокиот наследен ред, ги исклучуваат наследниците од пониските наследни редови. Тоа значи дека доколку еден оставител има наследници од прв ред (брачен другар и деца), втор наследен ред нема да постои.

**ПРОБЛЕМ 1:**

На ден 12.03.1998 година, во Основниот суд Скопје 1 е отворена оставината на починатиот Никола Мицески. Судот утврдил дека оставителот нема составено тестамент и дека наследувањето ќе се изврши според закон. Во моментот на смртта, Никола бил во брак со Каролина Мицеска, со која живееле кај неговите родители. Никола и Каролина немале деца.

1. Кои наследни редови се појавуваат во примерот?
2. Како треба да биде поделена оставината? Зошто?

***Што е тестамент ?***

Во тестаментот се изразува последната волја на лицето што го составува, преку што определува кому и како да се распредели неговиот имот во случај на смрт. Тестамент може да состави секое лице што е способно за расудување и има наполнети најмалку 15 години.

***Што содржи тестаментот?***

Кај тестаменталното наследување, големината на делот на секој наследник

зависи од волјата на оставителот. Тој може и однапред во тестаментот да ги определи наследничките делови на секој од наследниците.

Сепак, со цел да се заштитат одредени членови од блиската фамилија на оставителот, Законот за наследување ја предвидува категоријата нужни наследници, на кои задолжително им следи една половина од целиот имот на оставителот. Во групата нужни наследници спаѓаат:

- децата и брачниот другар на оставителот;
- потомците на децата на оставителот;
- родителите на оставителот и неговите браќа и сестри.

Ако нужните наследници не се опфатени со тестаментот, тој ќе биде изменет во нивна полза, со цел тие да се стекнат со загарантираното право на дел од оставината.

## ПРОБЛЕМ 2:

Јован Ангелов е човек на 80-годишна возраст и е татко на три деца - еден син и две ќерки. Бидејќи во последната година неговата здравствена состојба сè повеќе се влошувала, тој решил да состави тестамент во кој ќе ја изрази својата волја на кој начин да биде распределен неговиот имот по неговата смрт. Во тестаментот, Јован определува една половина од целокупната оставина да ја остави на својот син, а останатата половина решава да ја остави на својот брат.

Тестаментот може да се поништи доколку бил составен под присила и закана, или лицето што го составило тестаментот било помладо од 15 години, односно не било способно за расудување.

1. Сметате ли дека вака изразената волја на Јован, може да биде ограничена и зошто?
2. Дали некој треба да добие нужен дел?

## ПРАШАЊА 1:

1. Дали би се одлучиле својата оставина да ја распределите преку тестамент, или би оставиле тоа да се спроведе врз основа на закон?
2. Доколку би се одлучиле да составите тестамент, на која возраст би го направиле тоа?
3. Дали тестаментот би го составиле самостојно, или би ангажирале адвокат?

***Кои се недостојни наследници?***

Со цел да се постигне што е можно поголема правичност, законот определува лица што не можат да бидат наследници. Недостоен за наследување како врз основа на закон, така и врз основа на тестамент, е наследникот што:

- смислено го лишил од живот оставителот, или се обидел да го лиши;
- со присила или закана го натерал, или со измама го навел оставителот да направи тестамент;
- го уништил или го сокрил тестаментот од оставителот, со намера да спречи да се реализира последната волја на оставителот, како и оној што го фалсификувал тестаментот на оставителот;
- потешко ја повредил обврската за издршка на оставителот кон кој имал законска обврска за издршка, како и оној што не сакал да му укаже на оставителот нужна помош.

**ПРОБЛЕМ 3:**

Кај секој од долунаведените примери, утврдете ја законската основа за прогласување на лицата за недостојни наследници.

- Зоран му рекол на својот татко дека ќе ја запали семејната куќа доколку при составување на тестаментот истата не му ја препише нему. Набрзо, таткото составил тестамент во кој Зоран го прогласил за наследник на семејната куќа.
- Марија живее и работи во Австралија веќе седум години. Последната година во три наврата била замолена од својата тешко болна мајка да се врати во Штип за да ѝ помогне, бидејќи таа живеела со својот душевно заостанат син што не бил способен да ѝ помогне. Марија ги одбила барањата на својата мајка, јасно кажувајќи ѝ дека не ја интересираат семејните проблеми.
- По расправата меѓу ќерка и мајка, ќерката посегнала по нож и ѝ нанела неколку тешки рани, но докторите сепак успеале да ѝ го спасат животот. Две години подоцна мајката загинала во сообраќајна незгода.
- Идриз ѝ го предал составениот тестамент на својата 20 години помлада жена Сабина, со цел да го испрати до неговиот син Сабахудин. Согледувајќи дека во тестаментот како единствени наследници Идриз ги определил своите два сина Сабахудин и Харис, таа го сокрила тестаментот. Неколку дена подоцна Идриз го нашол тестаментот фрлен во корпа.

***Здобивање со оставината и откажување од наследството***

По смртта на оставителот, оставината преминува кај наследниците. Секој од наследниците може да се откаже од наследството, со изјава дадена на судот пред кој се расправа за оставината. Откажувањето важи и за неговите потомци, освен ако не изјавил изрично дека се откажува во свое име. Наследникот што се откажал само во свое име, не се смета дека бил наследник. Откажувањето во корист на определен наследник, не се смета за откажување од наследството, туку за изјава за отстапување на својот наследен дел.

## 4.5. ПРАВО НА РАБОТА

*“Без рабоѿа, сè шѿо осѿанува од живоѿоѿ е досадаѿа и несѿабилносѿа”*
*-Џон Ленон, “Биѿлси”-*

*“Џабе рабоѿи, џабе не седи!”*
*-македонска народна ӣоӷоворка-*

**ПРОБЛЕМ 1:**

Марија и Бојан имаат по 38 години, тие се во брак 16 години, а исто толку години има и нивниот син Матеја. Во периодот кога тие имале по 20 години, често заминувале на неколкумесечен престој во Гевгелија, каде што сезонски работеле на плантажи за одгледување праски. И покрај долгиот период што поминал откако тие последен пат биле на работа во Гевгелија, сепак решиле дека ќе се обидат повторно и дека овој пат ќе се обидат да најдат работа и за својот син. Големата потреба од работна сила во периодот на летните месеци, влијаела одреден сопственик на плантажи со праски да го ангажира целото семејство што пристигнало на неговата плантажа. Марија, Бојан и Матеја работеле секој ден по 12 часа, цели три месеци. По остварената добра заработувачка и наближувањето на новата учебна година, трочлената фамилија решила да се врати во својот роден град Кратово. Задоволни од паричниот надоместок и од добрата соработка што ја имале со работодавачот и со колегите, овие тројца кратовчани размислуваат повторно да заминат на работа во Гевгелија идното лето. Матеја, пак, задоволен од своето прво работно искуство, решил со заработените пари да си купи веспа што ќе биде само негова.



**ПРАШАЊА 1:**

1. Дали познавате некого што има искуство со сезонска работа? Кои беа неговите впечатоци од тоа искуство?

Членот 6 од Законот за работни односи, предвидува дека работодавачот не смее кандидатот за вработување или работникот да го става во нееднаква положба заради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба (инвалидитетот), религиозното, политичкото или некое друго убедување, членувањето во синдикатите, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост, или други лични причини.

2. Дали мислите дека работа на плантажа можат подеднакво да вршат мажи и жени?
3. Дали вие би прифатиле работен ангажман на плантажа и дали би барале некои посебни услови за работа?

Правото на работа е загарантирано со Уставот на Република Македонија од 1991 година. Дополнително, работниот однос, правата на работниците и нивната положба се регулирани со Законот за работни односи. Меѓутоа, работничките права не биле отсекогаш регулирани со закон. Долги години низ историјата, работниците немале никакви загарантирани права, нивните услови за работа подложеле на постојани промени, нивната угнетувачка положба не била забранета и нивните права не биле заштитени од страна на судовите или другите органи на државата. Со развојот на демократијата и порастот на почитувањето на човековите права, во напредните демократски држави и правата на работниците започнале да добиваат своја форма.

***Во кој моментт започнува работниот однос?***

Работникот започнува со работа откако ќе потпише договор за вработување со работодавачот. Во договорот за вработување се опфатени правата, обврските и одговорностите на двете договорни страни (работникот и работодавачот). Со ваквите договори не смее да се намалуваат правата на работниците што се загарантирани со Законот за работни односи.

Како сите договори, така и договорите за работа не се идентични, односно немаат иста содржина. Работодавачот може да одлучи договорот да биде прецизен и да содржи детали поврзани со работниот однос. Наспроти ова, договорот може да биде општ и да ги содржи основните елементи на работниот однос, а останатите значајни прашања да бидат регулирани со различни внатрешни правилници за работа.

**ПРИМЕР 1:**

***Договор за вработување:***

Врз основа на член 13, 14 и 15 од Законот за работни односи (Службен весник на Република Македонија бр.62/05), Работодавачот **СЕНИКО,** со седиште на бул. Партизански одреди бр. 109, со матичен број **52031**, општина Карпош,

и работникот **Валентина Витановска од Скопје,** со живеалиште на ул. Бранислав Нушиќ бр. 1/7-18, со ЛК бр.1828588 и со ЕМБГ 1311979455061, на ден 14.01.2005 година го случија следниот:

Договорот за вработување може да се склучи и на неопределено време

ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 1

Со овој Договор се утврдуваат правата, обврските и одговорностите од работниот однос, на работникот и на работодавачот.

Договорот за вработување се склучува за определено време, за работа на проектот **МОБИЛНО УЧИЛИШТЕ,** почнувајќи од 15.01.2006 година до 31.12.2006 година.

Законот дозволува работните задачи да се извршуваат и од домот на работникот, ако тој така се договорил со работодавачот

Член 2

Работникот го склучува овој Договор за вработување, за работа на работно место **Асистент на проект**.

Работникот ќе ги извршува работните задачи во работните простории на **СЕНИКО.**

Член 3

Работодавачот му го доверува на работникот, а работникот го прифаќа извршувањето на работите на работното место наведено во член 2 од овој Договор.

Договорот може да се склучи и за работа со скратеноработно време

Член 4

Работникот го склучува овој Договор за вработување за работа со полно работно време.

Работната недела трае пет работни денови, со тоа што распоредот на работното време ќе биде утврден со посебна одлука на работодавачот, во зависност од природата и организацијата на работата.

Ако природата на работата тоа го бара, работодавачот може да изврши прераспределба на работното време на работникот.

Работникот има загарантирано право на паричен надоместок

Член 5

Работникот има право на заработувачка – плата во висина од 15.000,00 денари, што се исплаќа во парична форма.

Работникот има право на надоместоци на плата и право на надомест на трошоци поврзани со работата, согласно законот и актите на работодавачот

Со интерните акти најчесто се одредува и паузата за време на работното време, што не може да биде пократка од 30 минути; одморот меѓу два работни дена, што не може да биде пократок од 12 часа; неделниот одморот, што не може да биде пократок од 24 часа.

Член 6

Работникот има право на дневен, неделен и годишен одмор, како и право на отсуства од работа, согласно законот и актите на работодавачот.

Работодавачот го утврдува траењето на годишниот одмор, според времето поминато во работен однос, условите за работа и други критериуми утврдени со интерни акти на работодавачот.

20 дена е минимумот, а 26 дена максимумот на правото на годишен одмор. Работникот целосно го користи ова право кога ќе оствари 6 месеци непрекинат работен однос

Работникот има свои работни обврски. Тој е под континуиран надзор од страна на работодавачот, кој ја следи неговата исполнителност.

Член 7

Работникот ги прифаќа обврските што произлегуваат од Законот за работни односи, законските прописи и актите на работодавачот, а особено:

- работите да ги извршува совесно, благовремено и квалитетно, а средствата за работа да ги користи економски целесообразно и одговорно и да остварува позитивни резултати во работата;
- да се придржува кон пропишаното работно време и пропишаните мерки за заштита при работа, да го заштити својот живот и здравје, како и животот и здравјето на другите лица;
- да го известува работодавачот за суштинските околности што влијаат или би можеле да влијаат врз исполнувањето на неговите обврски, како и за сите заканувачки опасности по животот и здравјето, или за настанување на материјална штета;
- да ги почитува барањата, општите и поединечните акти, наредби, упатства и одлуки на работодавачот во врска со исполнувањето на работните обврски од работниот однос;
- да ги почитува непосредниот раководител и органите на управување;
- правилно и совесно да се однесува кон странките и останатите работници, со своето однесување да го чува угледот на работодавачот, да ја чува деловната и професионалната тајна;
- за времетраење на работниот однос, работникот не смее без согласност на работодавачот за своја или туѓа сметка да врши или склучува работи што спаѓаат во дејноста на работодавачот и значат или би можеле да значат конкуренција на работодавачот.

Член 8

Работодавачот ги прифаќа обврските што произлегуваат од Законот за работни односи, законските и другите прописи и акти, а особено:

- да му обезбеди работа на работникот;
- да го распореди работникот на работното место за коешто го склучил овој Договор за вработување;
- да му ги обезбеди на работникот потребните услови за работа, заради

успешно извршување на преземените работни задачи;
- еднаш месечно да му исплаќа на работникот плата за извршената работа, како и другите надоместоци, согласно законот и неговите акти;
- да му обезбеди пропишано работно време, одмори и отсуства од работа, пропишани средства за заштита при работа и други услови и права од работниот однос, согласно законот и своите акти.

Член 9

Во случај на потреба, работникот е согласен да биде распореден на секое работно место што одговара на неговиот степен на стручна подготовка.

Член 10

Работникот и работодавачот можат да го откажат Договорот за вработување во целост и пред истекот на времето за коешто истиот е склучен, во случаите предвидени со Законот за работни односи.

Законот одредува отказен рок од еден месец. Според ова, работникот треба да остане на работа еден месец по својата најава за прекин на работниот однос .

Член 11

Договорот е склучен во 3 (три) еднакви примерока, од кои еден е за работникот, а останатите се за работодавачот.

Член 12

Овој Договор стапува во сила на денот на неговото потпишување.

Работодавач,
Виктор Ефтимов

(М.П.)

Работник,
Виолета Витановска

### *Како се заштитени работниците што сè уште не наполниле 18 години?*

Законот за работни односи определува дека не може да се вработи лице помладо од 15 години. Понатаму, малолетните работници не смеат да вршат тешки физички задачи (работи што се вршат под вода или под земја и други работи што можат штетно да влијаат на здравјето). Исто така, оваа група на работници има право на одмор меѓу два работни дена од најмалку 24 последователни часа, за разлика од полнолетните работници што имаат најмалку 12 часа одмор. На пример, доколку малолетникот работел во понеделник од 8 до 16 часот, на работа треба да отиде најрано во вторник во 16 часот и не смее да работи подоцна од 22 часот, бидејќи малолетните работници не смеат да работат ноќе, во периодот од 22 до 06 часот. Заштитата на младите работници се зајакнува со тоа што тие имаат и седум дополнителни дена годишен одмор во однос на полнолетните работници. Децата под 15 години може, со добивање одреден надомест, да бидат ангажирани само за потребите на снимање филмови, подготовка и изведување драмски сцени и за други културно - уметнички или рекламни активности. За ваквиот ангажман на децата, треба претходно да биде консултиран нивниот законски застапник (на пример: родителот).

### ПРАШАЊА 2:

1. Дали мислите дека кога Матеја заминал на сезонска работа со своите родители, користел доволно одмор меѓу два работни дена?
2. Дали познавате малолетни лица што работат во периодот од 22 до 06 часот, и доколку познавате дали мислите дека ова е правилно?
3. Дали сметате дека Законот за работни односи треба да претрпи одредени измени во насока на давање можност на малолетниците да работат во кој било период од ноќта?

### *Право на сопственост*

Правото на сопственост е едно од основните човекови права. Спаѓа во групата на економски, социјални и културни права, и претставува основа за многу од нив. Без неговото постоење и заштита, не може да се замисли развојот на економијата и современото општество. Сопственоста може да постои над недвижни (куќа, земјиште, гаража, дуќан и сл.) и подвижни ствари (автомобил,

алат, трактор и сл). Државата води евиденција за правото на сопственост над недвижностите, во посебни книги наменети за таа цел, наречени таписки книги и катастар.

***Стекнување на сопственост***

Сопственоста може да се стекне на најразлични начини - преку купување (куќа, стан, нива, накит, облека и сл.), преку примање подарок, како резултат на паричен надомест за завршена работа, преку денационализација и на други начини.

***Како малолетните лица располагаат со својот имот?***

Малолетните лица може да се стекнат со одреден имот преку примање подарок, наследување, или надомест за завршена работа. Само во случај кога имотот е стекнат преку работа, малолетникот може да управува и располага со него, а во сите други случаи до неговото полнолетство за неговиот имот се грижат родителите.

Родителите се обврзани грижливо и домаќински да се однесуваат со имотот на детето. Тие можат да го користат таквиот имот првенствено за издржување, воспитување и образование на детето, а само доколку фамилијата нема доволно средства за секојдневните животни потреби, може да го оптовари имотот за да  обезбеди нормално функционирање на семејството.

Малолетните лица што склучиле брак, самостојно располагаат со својот имот. За нив не важат погоре споменатите правила што се однесуваат на лицата помлади од 18 години (за условите на склучување брак кај малолетните лица, проверете во лекцијата "Семејно право").

**ПРАШАЊА 3:**

1. Дали мислите дека парите што ги заработил Матеја работејќи на плантажата се негова сопственост, па според тоа самиот може да располага со нив?

## 4.6. МЕДИЈАЦИЈА

**ПРОБЛЕМ 1:**

Славе и Здравко се сопственици на две фирми што соработуваат пет години. Тие немале меѓусебни проблеми, сè додека Славе не задоцнил четири месеци со исплатата за купување зејтин од Здравко. Наместо да го изнесе спорот на суд, Здравко решил да се обиде тоа да го стори преку медијација. Славе и Здравко повикале медијатор што полека почнал да го одмотува проблемот и во текот на постапката се утврдило дека Славе не го плаќал зејтинот затоа што Здравко пред две години не го платил виното што го купил од Славе, на што Славе во име на пријателските односи тогаш не реагирал. Но, Славе, освен што навреме не му платил за зејтинот на Здравко, исто така од Здравко имал добиено и автомобил на користење за својата фирма. Пред повеќе од четири години, Славе му помогнал на Здравко да ја смести својата мајка во убав дом за стари лица и смета дека Здравко треба да го памети тоа. Но, Здравко има донирано пари за поправање на спортската сала во училиштето каде што учи детето на Славе, а тоа го има сторено за детето на Славе да може поуспешно да се развива како млад кошаркар.

1. Опишете го (најдобро преку дијаграм) односот на Славе и Здравко.
2. Дали е тој однос едноставен? Дали односите меѓу Славе и Здравко се само деловни?
3. Дали е тој однос долго граден?

***Што е медијација?***



Медијацијата е вонсудска постапка на алтернативно решавање спорови, врз слободно изразена волја на страните, со помош на трето неутрално лице – медијатор, што нема право да наметне ре-

Во постапката на медијација, страните го избираат решението што е најдобро за нив. Медијаторот не го наметнува, туку евентуално може да помогне во неговото формулирање. Тоа значи дека двете страни на крајот се задоволни од исходот.

шение на спорот. Тоа значи дека две страни на еден спор, наместо да одат на суд каде што судијата ќе може да донесе одлука само во врска со прашањето за кое е поведен спорот, можат да се обидат конфликтот да го решат преку медијација. Односно, да повикаат трето - и кон двете страни и кон спорот - неутрално лице да им помогне проблемот што го имаат да го видат од повеќе аспекти, како и да најдат решение за истиот.

Медијацијата, заедно со арбитражата, во овој момент спаѓа меѓу најразвиените алтернативни начини на решавање на споровите. Нејзиниот развиток започнува во 70-тите години во САД, потоа се шири во Европа, а од 2001-та година е присутна и во регионот на балканските држави.

***Кои се принципите на медијацијата?***

Основните принципи на медијацијата може да се поделат во три основни групи: принципи што се однесуваат на страните, принципи што се однесуваат на медијаторот и оние што се однесуваат на постапката.

Во однос на страните, клучните принципи на медијацијата се:

- **Доброволноста** - страните целосно по своја волја ја поведуваат, водат и завршуваат постапката на медијација;
- **Достапноста** - страните имаат лесен пристап до постапката за медијација, поведувањето на постапката е лесно и едноставно, а надлежните институции за спроведување на постапката се општо познати;
- **Рамноправноста на страните** - страните се еднакви во постапката за медијација, тие имаат исти права и обврски, а трошоците на постапката ги делат на еднакви делови.

Во однос на медијаторот, основни принципи се:

- **Непристрасноста** - медијаторот нема симпатии кон која било од страните и ја води постапката така што двете страни се чувствуваат рамноправни
- **Неутралноста** - медијаторот не се залага за ниту едно одредено решение на спорот. Тој заедно со страните само трага по решение на проблемите и на крајот остава страните да изберат, односно да се договорат што им се допаѓа.

Конечно, во однос на постапката, клучни принципи се:

- **Транспарентноста** - иако никогаш не се многу стриктни, правилата на

постапката за медијација се достапни на јавноста, а особено на страните на медијацијата, пред почетокот на постапката. Посебна обврска во обезбедувањето на достапноста на овие податоци, имаат организациите на медијатори.

- **Доверливоста** - самиот тек на постапката на медијација е доверлив. Тоа што страните и медијаторот го разговараат во собата за медијација, останува меѓу нив и никој нема право да прашува за тоа.
- **Правичноста** - иако во постапката за медијација се бара да се усогласат само интересите на страните, а не и нивните права, за решението да биде одржливо, мора да биде и правично.
- **Ефикасноста** - постапката за медијација мора да биде ефикасна како во поглед на цената на нејзиното чинење, така и во поглед на времето на нејзиното траење.

Медијацијата има бројни предности во однос на судските постапки. Најважни предности се следните:

- се заштедуваат време и средства;
- страните ја контролираат постапката;
- постапката не е формална, ниту техничка;
- се намалува стресот на страните;
- се зголемува задоволството на страните;
- се задржуваат добрите односи меѓу страните;
- се почитува достоинството на сите страни;
- се бара решение врз основа на интереси;
- спорот се решава без предрасуди;
- решението доброволно се почитува.

**ПРАШАЊА 1 :**

1. Зошто е добро што Славе и Здравко го решаваат спорот преку медијација?
2. Како би можело да се реши дадениот спор?

Сепак медијацијата не е лек за сè. Постојат определени прашања што не можат да бидат изнесени на медијација. Најважните ограничувања на медијацијата се однесуваат на прашањата што не може да бидат предмет на медијација:

- ***Утврдувањето на некои статусни прашања*** - доколку предмет на

спор е утврдување на некоја состојба, а не обезбедување на интерес на некоја од страните, за тоа мора да одлучува судот. На пример, за утврдување дали едно лице има деловна способност или не, не може да се решава преку медијација, туку за тоа мора да одлучи судот.

- ***Дел од кривичните прашања*** – освен за кривичните дела за кои се гони по приватна тужба, како што се клевета и навреда, за сите други кривични дела не се оди на медијација, или пак кога истата е можна, за неа важат многу посложени правила.
- ***Дел од управните прашања*** – на пример, прашањето дали урбанистички план на градот Скопје може да донесе градоначалникот, не е прашање што може да се решава преку медијација, затоа што со закон е предвидено дека донесувањето на урбанистичките планови е надлежност на Советот.

Сите погоре наведени видови на прашања не може да бидат предмет на медијација, затоа што преку одлучувањето за нив се засега во правата и интересите на поголем број поединци што не може да бидат учесници во вообичаената постапка за медијација. Со ова се потврдува дека медијацијата никогаш не може, ниту треба, да биде целосна замена на судскиот систем. Таа е само негово дополнување во делот во кој е можно интересите на страните да бидат усогласени, без притоа да се повредат интересите на другите во заедницата, или општиот правен поредок.

Во Македонија, медијацијата се воведува преку Законот за медијација донесен во 2006 година, со кој се регулираат принципите на медијацијата, условите за тоа кој може да биде медијатор, спроведувањето на постапката за медијација и организирањето на медијаторите. Според овој Закон, во Македонија предмет на медијација може да бидат: граѓански, трговски, работни и потрошувачки спорни односи. Иако во други земји и дел од управните и кривичните работи се изнесуваат на медијација, во Македонија тоа сè уште не е случај.

За некое лице да биде медијатор во Република Македонија, тоа мора да има диплома за завршено високо образование, да има најмалку 5 години работно искуство, да не му е изречена казна - забрана за вршење на професија, да има сертификат за завршена обука за медијатори и да биде запишано во именикот на медијатори што го води Комората на медијаторите.

Според Законот за медијација, постапката за медијација започнува на денот кога страните на спорот во писмена форма се согласиле да учествуваат во медијацијата. Тие од именикот на медијатори избираат еден или повеќе медијатори. Во текот на постапката, двете страни и медијаторот може да изнесуваат предлози за можно решение на спорот, а медијаторот може заедно и одвоено да комуницира со двете страни на спорот. Доколку двете страни се договорат за решението на проблемот, тие склучуваат Спогодба што има сила на извршна исправа, доколку биде заверена кај нотар.

Медијацијата добива сè поголемо значење во бројни правни системи, затоа што преку неа се гледа можност за обезбедување уште еден пристап до правдата, како за поединците, така и за фирмите и вкупниот бизнис-сектор, но се намалува и оптеретувањето на судовите, каде што бројот на заостанати предмети постојано се зголемува.



# ЕВРОПСКА УНИЈА

ЕВРОПСКА УНИЈА

УЧИМЕ ПРАВО / ГЛАВА 5



ШТО Е ЗАЕДНИЧКО ВО УНИЈАТА?

## 5.1. ШТО Е ЗАЕДНИЧКО ВО УНИЈАТА?

### Обединети во разликите

Во моментов, Унијата обединува 25 земји, со помалку или повеќе развиени економии, со различни правни системи, мноштво културни традиции и јазични карактеристики, и сите држаи подеднакво ги вреднува и ги поддржува. Оттаму и мотото на Унијата - "Обединети во разликите".

Европската унија е создадена и се гради за да овозможи поудобен, побезбеден и послободен живот на нејзините граѓани. Таа не постои за да ги одмени државите што се нејзини членки, туку преку заеднички акции и политики уште повеќе да зголеми и обезбеди економски развој, благосостојба, мир и безбедност.

Подолу, разгледуваме некои од овие заеднички политики и карактеристики:

Австрија,
Белгија,
Велика Британија,
Германија,
Грција,
Данска,
Естонија,
Ирска,
Италија,
Кипар,
Латвија,
Литванија,
Луксембург,
Малта,
Полска,
Португалија,
Словачка,
Словенија,
Унгарија,
Финска,
Франција,
Холандија,
Чешка,
Шведска,
Шпанија.

***Знаме***

Дванаесетте жолти ѕвезди на темносина позадина се честа глетка и во нашата земја, која иако сè уште не е членка на Унијата, сепак е во постојана соработка и гради вистинско партнерство со Унијата и нејзините членки. Ова знаме е симбол на ЕУ, но и симбол на обединета Европа воопшто. Во многу традиции, бројот 12 е симбол на хармонија и перфекција, а кругот, меѓу другото, симбол на целина и обединување. Затоа, без оглед на проширувањето на Унијата и зголемувањето на бројот на нејзини членки, бројот на ѕвезди на знамето останува 12.




***Химна***

И химната на ЕУ зборува за идеалот на соработка и братство меѓу народите, а

бидејќи ова е идеалот за кој компонирал и Бетовен, неговата мелодија од Деветтата симфонија позната како "Ода на радоста", станува химна на Унијата. Химната не ги заменува националните химни на државите-членки, туку е уште еден начин да се потврдат и слават обидите за заедништво и за обединување на разликите.

***9 Мај - Ден на Европа***

На овој ден, во 1950 година, Роберт Шуман го презентирал својот предлог за обединување на Европа и осигурување мир и благосостојба на нејзините граѓани. Предлогот познат како „Шуманова декларација" е основа за создавање на заедниците што во текот на годините го креираат она што денес го познаваме како Европска унија.

Затоа, 9 Мај денес се слави како ден на Европа и е ден на кој граѓаните на Унијата организираат разни фестивали и други активности посветени на обединувањето во Европа и нивното меѓусебно зближување.

***Евро***

Сетете се колку дополнителна подготовка е потребна кога заминувате во странство - информирање кои валути (пари) се користат во земјите што ги посетувате, менување пари во банка, внимавање на курсните разлики, организација на различните валути итн. Од 2002 година, повеќето граѓани на ЕУ не мора да се грижат за вакви ситуации, бидејќи од тогаш започна употребата на заедничката валута – евро. Користењето иста валута го олеснува тргувањето и ги ослободува граѓаните од грижите што ги споменавме.

Во моментов, еврото го користат 12 членки на Унијата (Белгија, Германија, Грција, Франција, Ирска, Италија, Луксембург, Холандија, Австрија, Португалија, Финска и Шпанија). Со почетокот на 2007, се очекува еврото да биде воведено и во Словенија. Графичкиот симбол за еврото (€) е инспириран од грчката буква епсилон и се однесува на првата буква на Европа. Официјалната кратенка што се користи за еврото е ЕУР. Парични банкноти, исти во сите земји на Евро-зоната, се дизајнирани од победниците на натпреварувањето спроведено во ЕУ, што ги повика сите заинтересирани да понудат идеи за изгледот на банкнотите. Монетите на едната страна имаат заеднички симбол, додека на другата страна претставуваат некои национални обележја на

државите-членки.  Затоа, не бидете зачудени ако во супермаркет во Австрија ви дадат монета со слика на шпанскиот писател Сервантес, или ако на Халкидики платите со паричка со слика на холандската кралица Беатрикс.

### *Слобода на движење на лица и Шенген*

Денес граѓаните на ЕУ може да патуваат од Лисабон до Хелсинки, преку Барселона, Ница, Торино и Виена, без притоа да поминуваат гранични премини и да се грижат за своите патни исправи. Сите држави-членки, се дел од безграничниот систем Шенген, со исклучок на Обединетото Кралство и Данска.  Оваа слобода на движење, Унијата ја дава и на сите граѓани од трети земји што легално престојуваат во некоја земја од Шенген-зоната.

### *Слобода на движење на работници*

Ако ја погледнете листата на вработени во “Фолксваген”, со сигурност ќе најдете некој Португалец, Данец, или Грк. Ова е возможно преку слободата на движење на работниците, што им гарантира еднакво право на вработување на граѓаните на ЕУ во која било земја-членка, независно од нивното државјанство.

### *Програми за образование*

Младите луѓе сакаат да среќаваат други млади луѓе, сакаат да видат други земји и да научат за различните традиции.  Многу млади настојуваат и се обидуваат дел од своето образование да го остварат во друга земја, но ова е комплицирано заради големите трошоци и долгите процедури.

Младите студенти од Унијата, одамна не се грижат за овие тешкотии. Постојат повеќе програми што им помагаат на младите луѓе да ги остварат овие планови (Еразмус, Леонардо и Сократес). Овие програми осигуруваат дипломите стекнати на кој било универзитет во ЕУ, да бидат признати насекаде во Унијата. Повеќе од два милиона млади луѓе во ЕУ, веќе ја искористиле ваквата можност.

### *Трговија и царина*

Грчките домати веќе пет децении многу поевтино и поедноставно стигнуваат на германските пазари, бидејќи не се оптоварени со дополнителните царински процедури и царински давачки.  Уште од 1957 година, Европјаните

се договорија да им дозволат на своите производувачи да ги пласираат производите на пазарите ширум Унијата, и притоа да не плаќаат дополнителни давачки. Ваквата заедничка политика, на граѓаните на ЕУ им овозможи да имаат пристап до поевтини, поразнообразни и поквалитетни производи од сите делови на Европа.

И Македонија има договор со Унијата, со кој голем дел од македонските производи може да стигнуваат на европските пазари, без притоа да бидат оптоварени со царини.

### *Заедничко инвестирање во економски развој – помош на помалку развиени подрачја*

ЕУ е можеби еден од најразвиените делови во светот, но сепак во него има области што се значително посиромашни од другите. Настојувајќи сите граѓани на ЕУ да живеат подобро, државите-членки ги здружуваат своите сили и финансиска моќ и здружено помагаат посиромашните региони да се развијат и да се збогатат. Околу 30 милијарди годишно се користат за помагање на економиите на овие региони, за создавање нови работни места и доквалификација на невработените граѓани. Ваквата помош е посебно видлива во Ирска, која до пред десетина години беше најсиромашна држава во ЕУ, а сега е еден од носителите на економскиот раст.

### *Буџет*

За да се остварат целите за развој и благосостојба, членките на ЕУ одлучиле и да создадат заедничко ќесе пари, односно европски буџет. Имено, Унијата има многу програми за работа, а притоа нема способност да собира даноци од граѓаните и фирмите, со кои би можела да ги финансира тие програми. Затоа, секоја членка дава дел од своите приходи (царини, ДДВ итн.) во европскиот буџет.

# 5.2. ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

На европското тло постојат разни традиции и култури, меѓутоа и заеднички вредности за европските народи. Обединетите демократски европски држави, преку меѓусебната економска и политичка соработка се стремат кон обезбедување просперитет и траен мир. Желбите за сигурност и мир, за слобода и слободно движење, како и економска благосостојба, се длабоко вкоренети во причините за настанок и постоење на Европската унија.

Како што карактерот на секоја земја-членка на ЕУ е дефиниран од нејзиниот правен систем и нејзините национални институции, така и карактерот на ЕУ е дефиниран од различните институции и тела и нивната надлежност. Затоа, многу е важно да се имаат основни познавања за организацијата и методите на работа на институциите на Европската унија. Тоа овозможува да се разбере процесот на креирање политики, односно како одлуките се подготвуваат, донесуваат, имплементираат и мониторираат.

Секоја членка на Унијата избира различен број пратеници, што е однапред утврден и пропорционален на населението на секоја држава. Така, на пример, Германија избира 99 пратеници, а Малта 5 пратеници.

Во Европската унија постојат најразлични институции и тела. Меѓутоа, само пет се дефинирани како институции и се сметаат за најважни.

***Европски парламент***

Европскиот парламент го сочинуваат 732 европарламентарци со петгодишен мандат. Ова е единствената ЕУ-институција чиишто членови се директно избрани од оние граѓани на ЕУ што поседуваат гласачко право.



Пратениците во Европскиот парламент не се здружуваат согласно нивната национална припадност, туку во политички групи, согласно нивната партиска припадност. На тој начин, европарламентарците, преку Европскиот парламент ги претставуваат интересите на сите граѓани на Унијата, а не

само на оние од државата во која биле избрани. Заради ова, граѓаните на ЕУ може да избираат и да бидат избрани за пратеник во Европскиот парламент во која било членка на Унијата, независно од нивното државјанство.

Парламентот има улога во следниве традиционално парламентарни активности:

- создавање европско законодавство - улогата ја дели со Советот на министри;
- избор и формирање извршна власт - оваа улога особено се гледа преку потврдувањето на Претседател на Европската комисија и подоцна на сите членови на Европската комисија, и изборот на Омбудсманот;
- демократска контрола на активностите на другите институции и тела на ЕУ - оваа надлежност му овозможува на Европскиот парламент да поставува прашања до Европската комисија и сите други институции на ЕУ, како и обврска на европските институции и земјите-членки да го информираат Парламентот за своите активности, право да прифаќа претставки поднесени од страна на граѓаните на ЕУ и други;
- буџетска надлежност - заедно со Советот на министри, учествува во постапката за утврдување и гласање на буџетот на ЕУ.

Работата на Европскиот парламент се одвива во три града: во Стразбур се одржуваат пленарните седници, во Брисел работат парламентарните комисии и политичките групи, а во Луксембург се наоѓа неговиот Секретаријат.

Во својата работа, Парламентот ги употребува сите официјални јазици на Унијата.

**ПРАШАЊА 1:**

1. Колку официјални јазици има во Унијата и кои се тие?
2. Кои се предностите и недостатоците на ваквото решение? Какво решение сметате дека би било најдобро?

***Совет на министри***

Советот на министри е клучна институција при донесувањето одлуки во ЕУ, заедно со Европскиот парламент. Како што асоцира и името, во рамките на

Советот секоја земја-членка учествува со еден министер. Преку членовите на Советот се пренесуваат и застапуваат националните интереси на земјите-членки.

Надлежностите на Советот се во учеството при донесувањето одлуки, координацијата на националните политики на членките и заедничкото информирање меѓу членките. Советот на министри има седиште во Брисел.

Клучните задачи на Советот се да:

- создава европско законодавство;
- бара од Европската комисија да поднесе предлог за донесување ново законодавство;
- донесува буџет - надлежност што ја дели со Парламентот;
- предлага назначување и да назначува – на пример, претседателот и членовите на Комисијата, членовите на Европскиот суд на ревизори, членовите на извршниот одбор на Европската централна банка, како и членовите на бројни комитети на ЕУ;
- обезбедува координација во областа на економската политика и политиката за вработување;
- дава мандат на Комисијата за преговарање и склучување определени договори со земји што не се членки на ЕУ, како и меѓународни организации.

Претседателството на Советот на министри се менува секои шест месеци на база на ротација, односно секоја земја-членка има можност шест месеци да биде претседавач. Претседавањето со Советот подразбира значајни улоги: иницирање предлози за работата на Советот, координација и водење на неговата работа и претставување на Советот на меѓународно поле и во Унијата.

Кој министер од секоја држава-членка ќе учествува во работата, зависи од прашањата што се дискутираат на состанокот на министрите (на пример, ако се дискутираат прашања за транспортните мрежи, ќе присуствуваат министрите за транспорт, а доколку се дискутира за виза и азил, ќе присуствуваат министрите за правда или за внатрешни работи).

**ПРАШАЊА 2:**

1. Дали знаете која држава во моментов претседава со Советот на министри? Дали знаете кој е следен претседавач?
2. Зошто е тоа важно?

Секој од комесарите на Европската комисија е надлежен за некој од секторите на Комисијата (на пример: проширување, транспорт, животна средина итн.) и има мандат од пет години.

### *Европска комисија*

Комисијата претставува движечка сила за евроинтеграцијата. Таа ги застапува и заштитува заедничките интереси на заедницата, поради што е позната и како "чувар на договорите". Неа ја сочинуваат 25 комесари, по еден предложен од секоја држава-членка, поддржани од Советот и Парламентот.

Улогата на Комисијата е слична со улогата што ја има владата во една држава. Комисијата има право да иницира донесување на ЕУ-законодавство и го надгледува спроведувањето на ЕУ-законодавството во државите-членки. Комисијата е носител на имплементацијата на политиките на ЕУ и управува со буџетот на ЕУ. Таа ја застапува Европската унија во надворешната политика и преговара при склучување меѓународни договори. Европската комисија, исто така, има право да има свои претставништва во земји што не се членки на ЕУ.

**ПРАШАЊА 3:**

1. Дали знаете кој во моментов е претставник на Европската комисија во Република Македонија?
2. Дали знаете каде се наоѓа Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија?
3. Дали знаете да наведете некоја активност што ја води или во којашто е вклучена Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија?

### *Европски суд на правда*

Ако во Унијата ги лоциравме носителите на законодавната и извршната власт, нормално е да очекуваме и институција што е носител на судската власт, а тоа е токму Судот на правдата. Го сочинуваат 25 судии, по еден од секоја земја-членка, избрани со заедничка согласност на сите членки и со мандат од шест години.

Овој суд е надлежен само за прашања и ситуации што вклучуваат европско законодавство. Така, тој работи во следниве случаи:

- го толкува европското право (ги објаснува обврските и правата на европските институции, на државите-членки, на физичките и правните

лица, согласно тоа право);

- одлучува дали државите-членки ги исполнуваат обврските, согласно правото на Унијата;
- поништува правни акти што се усвоени од институциите, а не се во согласност со европското право.

Обраќањето до Европскиот суд на правдата, може да се изврши на кој било официјален јазик на Унијата, со што тој јазик станува "јазик на случајот". Сепак, судиите во овој суд најчесто дискутираат на француски јазик.

***Евройски суд на ревизори***

Европскиот суд на ревизори е институција основана во 1975 година, со седиште во Луксембург. Тој е составен од по еден претставник на секоја земја-членка на ЕУ. Мандатот на членовите е шест години, а тие се назначуваат со договор на земјите-членки, по консултација со Европскиот парламент. Европскиот суд на ревизори има задача да осигура дека сите приходи на ЕУ се собрани и дека трошоците се направени законски и наменски. Ревизорите можат да вршат ревизија на која било институција, тело, национален орган, правно или физичко лице што располага со пари на ЕУ, и доколку е потребно да препраќаат случаи до Судот на правдата.

**ПРАШАЊА 4:**

1. Дали во Република Македонија има институција што внимава како се трошат буџетските пари?

## 5.3. ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Организацијата на работата на Европската унија е сложена за разбирање и повеќе истражувања покажуваат дека голем број граѓани на земјите-членки на Унијата не го разбираат начинот на кој работи Унијата. Зошто тогаш младите од Македонија да се мачат да ги разберат овие комплицирани процедури? Затоа што да се биде добар европски граѓанин, не значи само да се прифатат вредностите врз коишто почива Унијата, туку и да се познава начинот на работа на истата, особено во поглед на носењето одлуки.

***Како Европската унија донесува "закони"?***

Европската комисија предлага нови "закони", но истите ги донесуваат Советот на министри и Парламентот. Под поимот "закони" или законодавство на Унијата, се подразбираат следните типови акти:

- ***регулативи*** – што важат подеднакво за сите членки, веднаш по нивното усвојување. Тие се применуваат директно, без земјата-членка да мора прописот прво да го вгради во своите внатрешни закони;
- ***директиви*** – поставуваат обврзувачки резултати што земјите-членки треба да ги постигнат, но во нивното постигнување имаат слобода да изберат облици и средства на дејствување (може да се однесуваат на сите членки или само на некои);
- ***одлуки*** – се однесуваат на специфични прашања и се обврзувачки за оние земји-членки, институции, правни лица или поединци на коишто се однесуваат.



Во ЕУ се донесуваат и ***препораки*** и ***мислења*** што немаат обврзувачко дејство и со тоа не спаѓаат во редот на "законите" што ги донесува Унијата, туку го претставуваат ставот на одделна институција во ЕУ, во врска со некое прашање.

**ПРИМЕР 1:**

Во ноември 2005 година, Европската комисија донесе препорака до Европскиот совет, на Република Македонија да ѝ се додели статус на кандидат за членство во Унијата. Советот на министри не беше обврзан да ја следи оваа препорака.

Дали знаете како одлучи Европскиот совет по оваа препорака?

Сите овие акти се објавуваат во **Службениот весник на Унијата**, на сите официјални јазици на Унијата. Интернет-страницата на англиски јазик на Службениот весник на Унијата, е: http://eur-lex.europa.eu/en/index.htm

Правилата и постапките за донесување одлуки во ЕУ се поставени во четирите договори врз кои почива ЕУ. Секој европски правен акт се заснова на определен член од овие договори, и таквиот член се третира како правна основа за актот.

Унијата може да дејствува само во рамките на овластувањата што произлегуваат од Договорите, за кои се согласиле земјите-членки. Институциите на ЕУ не можат да носат "закони" во областите за кои во договорите не е експлицитно наведено дека се надлежност на Унијата.

**Постојат три постапки за донесување европски закони.** Постапките се разликуваат според начинот на соработката меѓу институциите што се носители на законодавниот процес, Советот на министри и Европскиот парламент, а особено зависно од моќта на Парламентот да влијае на конечниот исход од одлучувањето:

- **Консултација** – Парламентот е консултиран (дава свое мислење), а Советот на министри ја носи одлуката имајќи го предвид мислењето на Парламентот, но без обврска истото да го почитува.
- **Согласност** – Советот на министри носи одлука по добиената согласност од Парламентот.
- **Со-одлучување** – Парламентот и Советот на министри имаат еднаква улога во носењето на одлуката.

Кој од овие три вида на одлучување ќе се користи, зависи од прашањето на кое се однесува актот (проширување на Унијата, транспортни мрежи, социјална политика).

***Постапка на консултација***

При постапката на консултација, Комисијата го испраќа својот предлог до

УЧИМЕ ПРАВО

Советот на министри и до Парламентот. Но, Советот на министри е тој што официјално ги консултира (бара мислење за предлогот) Парламентот, но и други тела на Унијата. Советот на министри има обврска мислењата на сите овие институции да ги земе предвид при донесувањето на одлуката, но нема обврска до истите да се придржува.

Советот на министри, пак, по добивањето на мислењето од Парламентот, исто така одлучува дали предлогот на Комисијата ќе го прифати, ќе го отфрли, или ќе го измени.

Консултирањето се користи, на пример, во ревизија на цените во земјоделството, определувањето одредби поврзани со граѓанство на ЕУ, или пак во врска со азилот и миграцијата.

### ***Постапка на согласност***

Во постапката носење одлуки со согласност, Советот, пред да донесе одлука, мора да добие согласност за истата од Парламентот.

За разлика од претходната постапка, при постапката на согласност, Парламентот има само две можности пред себе – или да го прифати во целост предлогот на Комисијата, или истиот да го одбие во целост. Доколку Парламентот не даде согласност за предлогот на Комисијата, Советот на министри не може да го усвои истиот.
Преку постапка на согласност се донесуваат акти што, на пример, се однесуваат на Централната банка на Унијата, на структурните и кохезионите фондови, или на приемот на нови земји-членки.

**ПРАШАЊЕ 1:**

Зошто оваа постапка е значајна за Република Македонија?
Дали налага и некакви активности на некои од органите на власта?

### ***Постапка на соодлучување***

Ако досегашните постапки на одлучување во рамките на ЕУ се чинеа сложени, постапката на соодлучување е дефинитивно круната на сложеноста на истите. Според оваа постапка, Парламентот и Советот на министри имаат еднакви и

целосно поделени и рамноправни законодавни овластувања и можност за влијание на содржината на донесените правни акти.

Во постапката на соодлучување, Комисијата го испраќа предлогот и до Советот на министри и до Парламентот, и секоја од овие две институции има можност да го прифати во две разгледувања што се случуваат еднoподруго. Ако некоја од овие институции направи измена на правниот акт, неопходно е таа измена да биде целосно прифатена од другата институција, за актот да биде усвоен. Доколку Советот и Парламентот не можат да се согласат за текстот на актот, предлогот оди пред "Комитетот за усогласување" што е составен од еднаков број претставници на двете институции. Во Комитетот учествуваат и претставници на Комисијата што може да дадат дополнителни објаснувања за дел од предложените решенија, доколку тоа се побара од нив.

Откако Комитетот ќе постигне согласност, текстот на актот се враќа на трето - последно можно разгледување пред Советот и Парламентот, што или конечно го прифаќаат, или го отфрлаат предлогот на Комисијата.

Преку постапката на соодлучување се носат најголем дел од правните акти, како, на пример, акти што се однесуваат на заедничкиот пазар, правата на работниците- мигранти, или заштитата на потрошувачите. Тенденција во Унијата е да се зголемува типот на прашања што ќе се решаваат преку оваа постапка, со цел да се овозможи подеднакво учество во одлучувањето на Советот на министри - како претставник на интересите на државите-членки, и на Европскиот парламент - како претставник на сите граѓани на Унијата.

# 5.4. МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Почетоците на она што денес го знаеме како Европска унија се лоцираат во 1950 година и ги одбележува првото здружување на шест држави: Франција, Германија, Италија, Белгија, Холандија и Луксембург. Денес, 50 години подоцна, Унијата ја сочинуваат 25 членки, на кои на 1 јануари 2007 година ќе им се придружат уште две држави – Бугарија и Романија.

Значи, членките на Унијата се јасно определени да бидат отворени да ги примат во членство и останатите европски држави, постигнувајќи притоа целосно обединување на европскиот континент. Но, како се спроведува проширувањето? Има ли утврдени критериуми и постапки? Дали секоја држава може да биде членка на Унијата? И на крајот, каков пат изоде Република Македонија во своите обиди за зачленување и каков пат ја чека?

***Како се станува член на Европската унија?***

ЕУ е отворена за секоја европска држава што ги почитува принципите на слободата, демократијата, основните човекови права и слободи и владеењето на правото.



Овој основен предуслов за пријавување за членство во Унијата е дополнително објаснет на состанокот на шефовите на државите и владите одржан во 1993 во Копенхаген, каде што се утврдени основните критериуми за зачленување во Унијата. Овие критериуми ги знаете како Копенхашки критериуми, а тие наложуваат, пред да станат полноправни членови, државите-кандидатки да:

- имаат стабилни институции што ја гарантираат демократијата, владеењето на правото, човековите права и почитувањето на правата на малцинствата;
- функционална пазарна економија, со капацитет да се соочи со конкуренцијата на пазарните сили во ЕУ;

- способност да се исполнат обврските од членството, како и прифаќање и исполнување на целите на политичката, економската и монетарната унија.

Воедно, државата-кандидат треба да има и функционален административен и судски капацитет за спроведување на преземените обврски од членството во Унијата.

**ПРАШАЊА 1:**

1. Дискутирајте го секој критериум посебно и лоцирајте ги сите институции што треба постојано да ја унапредуваат својата работа и капацитет, за да се исполнат Копенхашките критериуми.

***Како се развиваа односите меѓу Македонија и Европската Унија***
***-Клучните чекори кон Европската Унија-***

Членството на Република Македонија во Европската унија претставува стратешки интерес и приоритетна цел на Република Македонија, уште од моментот на нејзиното осамостојување во 1991 година.

Односите меѓу Македонија и Унијата започнаа да се развиваат во 1992 година, кога нашата земја испрати свој претставник во Брисел. Во 1995 година, Република Македонија и Унијата воспоставија дипломатски односи и се отворија преговори за потпишување повеќе спогодби. Во 1998 година, на сила стапи Спогодбата за соработка, како најважна спогодба пред потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА).

ССА беше потпишана во 2001 година и во неа беше јасно утврдено дека Република Македонија има иднина како членка на Европската унија, доколку ги исполни потребните услови за тоа.

***Како Македонија стана земја-кандидат за членство во Европската Унија?***

На 22 март 2004 година во Даблин, Република Ирска, Република Македонија поднесе апликација за членство во ЕУ. Шест месеци подоцна, Република Македонија ја започна процедурата за одговарање на прашалникот што ѝ беше доставен од Европската комисија, како алатка преку која темелно се скенираат вкупните состојби на земјата-апликант за членство во Европската унија.

До 31 јануари 2005 година, македонските институции ги изготвија одговорите во кои реално ги презентираа состојбите, но и плановите со роковите за подобрување во секој од специфичните сектори во општеството. По анализирањето на одговорите, Европската комисија подготви мислење со кое му препорача на Европскиот совет да ѝ додели кандидатски статус на Република Македонија. На 17 декември 2005 година, Европскиот Совет на Република Македонија ѝ додели статус на земја-кандидат за членство во ЕУ. Шефовите на државите и владите на земјите-членки на ЕУ, на тој начин му оддадоа признание на напредокот што Македонија го направи во исполнувањето на критериумите од Копенхаген.

***Што значи статусот-кандидат за државата?***

Врз основа на статусот-кандидат за членство во Европската унија, Република Македонија може да користи помош во развојот на нејзиното општество од повеќе фондови отколку што тоа беше случај претходно (овие фондови со едно име ќе бидат познати како ИПА – Инструмент за пред-пристапна помош). Кандидатскиот статус исто така им овозможува на претставниците на Македонија (најчесто министри од различни области) да учествуваат на бројни состаноци со нивните колеги од Унијата, на кои се разговара за подобрување на соработката во рамките на ЕУ. Конечно, статусот земја-кандидат значи и основа за отпочнување на преговори за членство, со чие успешно завршување Македонија ќе стане членка на Унијата.

***Кои органи се одговорни за координација на односите меѓу Македонија и Европската Унија?***

Во Република Македонија постојат преку 30 различни органи, тела или одделенија што работат на евроинтеграцијата на државата. Најважните од нив се:

***На законодавно ниво*** - Собранието на Република Македонија:

- Комитетот за европски прашања

***На извршно ниво*** - Владата на Република Македонија:

- Комитетот за евроатлантска интеграција;
- Заменик-претседателот на Владата за европска интеграција;
- Министерот за надворешни работи.

***На админис̄ӣра̄ӣивно ниво:***

- Секретаријатот за европски прашања;
- Министерството за надвореши работи;
- Одделенијата за европски интеграции во министерствата.

Подолу е даден поедноставен приказ на најважните од нив.




**Комитетот за евроатлантска интеграција** е централна институција за политичка координација на процесот на евроинтеграцијата на Македонија. Комитетот го сочинуваат Претседателот на Владата - како претседавач, замениците-претседатели на Владата, министрите за: надворешни работи; финансии; одбрана; внатрешни работи; правда; економија; земјоделство; животна средина; транспорт и врски. По покана на Претседателот на Владата, во работата на Комитетот може да учествуваат и други лица.

**Секретаријатот за европски прашања** исто така има координативна функција како претходно спомenатиот Комитет, но во административен аспект на евроинтеграцијата. Секретаријатот има за задача да го насочува процесот на европска интеграција во органите на државната управа, како и да обезбедува поддршка во странската помош што ја добива државата.
**Министерството за надворешни работи** е задолжено за одржување на односите на Република Македонија со ЕУ, пред сè преку Мисијата на Република Македонија во Брисел, но и преку амбасадите што Македонија ги има во земјите-членки.

**Секторите или одделенијата за европска интеграција** се формирани во сите министерства и тие имаат слична улога со онаа на Секретаријатот за европски прашања – тие се основна алка во координацијата на активностите на евроинтеграцијата во секое министерство.

**Комитетот за европска интеграција** во Собранието на Република Македонија ги разгледува предлозите за донесување закони, од аспект дали тие се во линија со законите на Европската унија.

***Повеќе информации за интеграцијата на Република Македонија во ЕУ*** и за присуството на Унијата во нашата земја, можете да добиете на интернет-страниците на:

- **Секретаријатот за европски прашања** - www.sep.gov.mk
- **Канцеларијата на делегацијата на Европската комисија во Република Македонија**- www.delmkd.cec.eu.int
- **Европската комисија,** во делот посветен на Македонија (информациите се на англиски јазик) - http://ec.europa.eu/comm/enlargement/fyrom/index.htm

Информации можете да добиете и во просториите на **Информативниот центар на ЕУ** што се наоѓа на Улица Македонија, во зградата на Канцеларијата на делегацијата(http://www.delmkd.cec.eu.int/mk/information_sources/eu_information_centre.htm), или во која било од **информативните точки на ЕУ** во Република Македонија:

**Информативна точка на ЕУ во Куманово**
Општина Куманово
Центар за информирање на граѓаните

Адреса: 11 Октомври бб, 1300 Куманово
Тел/факс: (++ 389 031) 437 310
e-mail: kumanovo@cig.org.mk

**Информативна точка на ЕУ во Кочани**
Општина Кочани
Центар за информирање на граѓаните

Адреса: Раде Кратовче бр. 1, 2300 Кочани
Тел/факс: (++ 389 033) 274 045
e-mail: goce_S@mol.com.mk
lidijataseva@yahoo.com

**Информативна точка на ЕУ во Битола**
Општина Битола
Центар за информирање на граѓаните

Адреса: Бул. 1 Мај б.б. , 7000 Битола
Тел/факс: (++ 389 047) 232 800
e-mail: bitola@cig.org.mk
vnalevska@yahoo.com

**Информативна точка на ЕУ во Кавадарци**
Општина Кавадарци

Адреса: Маршал Тито б.б., 1430 Кавадарци
Тел/факс: (++ 389 043) 400 022
e-mail: efremov24@yahoo.com
kavadarci@cig.org.mk

**Информативна точка на ЕУ во Гостивар**
Општина Гостивар
Центар за информирање на граѓаните

Адреса: бул. Браќа Ѓиновски бр. 61, 1230 Гостивар
Тел/факс: (++ 389 042) 218 167
e-mail: gostivar@cig.org.mk

**Информативна точка на ЕУ во Тетово**
Општина Тетово

Адреса: ул. ЈНА б.б., 1200 Тетово
Тел/факс: (++ 389 044) 337 910
e-mail: tetovo@cig.org.mk
neritanus@yahoo.com

**Информативна точка на ЕУ во Велес**
Општина Велес

Адреса: ул. Панко Брашнар бр.1, 1400 Велес
Тел: (++ 389 043) 231 241
e-mail: itc_ve@mt.net.mk
veles@cig.org.mк